**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,51 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Дваесеат и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велију, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Илинка Митрева, Хади Незири, Кенан Хасипи, Радмила Шекеринска, Тале Герамитчиоски, Љупчо Георгиевски, Данаил Дончев, Ѓорѓи Оровчанец, Фијат Цаноски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Тито Петковски, Владимир Ѓорчев, Павле Трајанов и Александар Николовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Предлог за донесување на Деловник на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со претрес.

За збор се јави Никола Поповски.

Се извинувам, предлагачот Трајко Вељаноски има предност, како предлагач. Повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе,

Се јавувам за збор со една единствена цел да една невистина која беше изнесена во петокот од страна на пратеникот Игор Ивановски да ја демантирам. Тој тогаш во својот говор меѓу другото кажа за изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ и за да биде поверодостојно сакам да го цитирам она што го има кажано.

“Токму затоа, јас се обидов да ја консултирам вашата ценета програма во 100 чекори. Не ми е во портокалова боја, бидејќи не сметам дека таа ја одразува во моментот поддршката или исполнувањето на неа од ваша страна. Таа е од прилика вака црно-бела или бледа, бидејќи спроведувањето на вашата програма е бледо. Во оној дел од седум реда каде се говори помалку или повеќе за Законодавниот дом не прочитав никаде дека ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за менување или донесување на нов деловник и не прочитав, ако веќе говориме за тоа дека ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за донесување на нов деловник во кој ќе се овозможи инсталирање на албанскиот јазик на работните тела и комисиите во кои на пратениците ќе им биде ограничено правото на дискусија.

Е, драги колеги, ако упорно тврдите дека сте ја добиле довербата од вашите граѓани за сите ваши потези, јас не верувам не затоа што граѓаните не ви ја дадоа довербата на 5 јули од 309 илјади гласа, туку затоа што вие ја злоупотребувате, тогаш сте требале да го ставите тоа во вашата програма од 100 чекори, па да видевме можеби дали во овој дел ќе ја имате поддршката од граѓаните. Вака, вие се обидувате да спроведувате потези кои не сте ги спомемале јавно и за кои не сте ја побарале вашата доверба за да сега во овој момент го практикувате. Тоа е исто една крупна деформација и политички недостаток на овој Предлог-документ”.

Драги колега Ивановски,

Прво, тоа што мавтавте на оваа говорница со еден лист хартија не е таа изборната програма. Изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ е оваа, која што беше доставена пред изборите до голем број на граѓани на Република Македонија. Во неа стрикно и децидно е кажано на страница 14, “Парламентот ќе го направиме многу попродуктивен, ќе го воведеме Германскиот деловник за работа во Македонскиот парламент”. Значи, господине Ивановски она што ние сме го ветиле пред изборите, ние после изборите добивајќи ја довербата на граѓаните го исполнуваме. Како што кажав и во петочната седница има една крупна разлика измеѓу вас и нас, тоа е ние сакаме она што и написмено и усно сме го дале и ветиле пред македонските граѓани да го исполниме и граѓаните после 4 годишен мандат да не ценат дали она што сме го ветиле сме го исполниле. Додека кај вас, вие прво немате програма во документ во кој што се обврзувате како што беше 2002 година по еден од секое семејство ќе вработувате.

Второ, кога ќе завршат изборите вие она што сте го ветиле никогаш ама со ниеден потез не одите да го исполните. Тоа е крупна разлика и од сега понатаму оценувајте не по тоа што сме го ветиле пред граѓаните и дали ова е тоа што ние го исполнуваме или не го исполнуваме. За друг пат господинот Игор Ивановски да не врти по интернет, да не вади некој лист хартија и да мафта дека тоа е изборната програма со задоволство ќе му ја предадам Изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ “Преродба во 100 чекори” и по нејзе да се раководи дали ја исполнуваме или не ја исполнуваме.

(Господинот Вељаноски му ја предава Изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ “Преродба во 100 чекори” на господинот Игор Ивановски)

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Да реплицирам во однос на излагањето на предлагачот. Значи во Програмата пишува дека

ВМРО-ДПМНЕ ќе донесе деловник по примерот на Бундестагот.

Во своето излагање господинот Трајко Вељаноски, во воведното излагање вели: “потребата за нов деловник работната група анализирајќи повеќе деловници се определи да ги вгради определбите од Деловникот на Бундестагот.

Текстот на Деловникот беше доставен до сите пратенички групи. Беше формирана работна група која се обиде да ги усогласи различните ставови и да се постигне консензус од потреба за донесување на нов деловник.

Констатирајќи дека е непосредна потреба од донесување на Деловник исто така констатирајќи дека разликите во ставовите и решенијата не можат да се надминат, значи Предлогот за деловник по примерот на Бундестагот не можеше да се надмине во работната група, се достави Предлогот нон сејпер на Љупчо Јордановски”.

Значи, ВМРО-ДПМНЕ не го одржа ветувањето, не го предложи деловникот по примерот на Бундестагот, за џабе господинот Волханг Це го донесовте овде со помош на Кора дадена од Агенцијата, организиравме средби, но кога тој се истрча во јавноста со изјавите за јазикот ја прекинавте соработката, тоа е моја теорија, не мора да е точна, и го доставивте Предлогот нон пејпер на Љупчо Јордановски. Јас ќе зборувам за историјатот како навистина се се одвиваше во минатиот мандат, кога ќе елаборирам повеќе, но во интерес на јавноста ветивте деловник по примерот на Бундестагот, дадовте предлог по примерот на Љупчо Јордановски. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Пред да ви дадам збор за контра реплика, во интерес на вистината треба да кажам, бидејќи јас ја водев таа работа дека со Волханг постигнавме разбирање во присуство на сите шефови на пратенички групи дека Волханг ќе ги испрати своите завршни, заклучни предлози во определен рок. Тој го почитуваше рокот, тие предлози стигнаа и тие предлози се на нашата Веб страница, така да не се работеше за прекин. Се работеше за нормална процедура. Неговото време истече итн.

Ова го кажувам за да кажеме што е точно и што не е точно.

Повелете за контра реплика една минута.

**Трајко Вељаноски:** Точно е господине Макрадули дека ветивме да донесеме деловник согласно Германскиот. Направена беше работна верзија, се работеше во ова Собрание во која што вие жестоко се спротивставивте како на работен текст. Затоа ние за да донекаде ја одоброволиме опозицијата тргнавме и го доставивме во прва верзија работниот текст кој што беше работен во 2006 година од поранешниот претседател Јордановски како ментор, инаку беа експерти ангажирани по примерот на Словенија, Деловникот на Словенија. Знаеме дека Словенија правните прописи ги прилагодува спрема германските прописи. Доколку изгласаме денеска потреба од донесување на нов деловник во прва фаза, не значи дека оваа работна верзија ќе иде, тогаш ќе одиме спрема првата работна верзија кога беше доставен работен текст согласно Германскиот деловник од Бундестагот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има ли уште за реплики други?

Господине Ивановски вие сте за реплика?

(За реплика.)

А, госпоѓо Грковска за раплика и Бендевска за реплика и Гештаковски?

Тогаш да почнеме по редоследот како што е тука.

Има збор за реплика госпоѓа Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам.

Бидејќи рековте дека ги одржувате ветувањата дадени во Програмата и јас ветив дека ќе ве потсетувам на секој збор што е напишан во Програмата, на вашите ветувања еве да ви прочитам едно од ветувањата кое што веќе го прекршивте, а тоа е дека “Ќе се зголемат буџетските средства за образование до ниво од 5% од бруто домашниот производ, колку што е просекот на Европската унија и ОЦД, почнувајќи од 01.01.2007 година”. Буџетските средства во образованието се далеку од 5% од БДП.

Вие исто така ветивте дека нема да правите непосредни спогодби, меѓутоа го правите тоа. Ветивте дека нема да правите партизација на јавната администрација, го правите тоа. Ветивте дека приоритет ќе ви биде зачленувањето или почетокот на преговорите со Европската унија и со НАТО, меѓутоа не го правите тоа, туку напротив правите се за да го пролонгирате тој процес. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика има збор Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Во однос на ветувањето денес точно е деловникот. Сега, во однос на тоа што кажавте - партизација, не е направена партизација во јавната администрација. Веројатно вие очекувавте или сакавте тие кадри кои што вие ги поставивте и кои што во нивното владеење направија куп дубиози да ви останат и да раководат со државата. Тоа ли го сакате, тоа ли го сметате за партизација? Раководните места кои што по природата власта која што ги добива треба да ги промени за да покаже со својот начин на владеење дали ја заслужува, или не ја заслужува и понатаму довербата на народот. Значи, не може тоа да се смета како партизација.

Второ, во однос на нашата заложба за добивање на преговори со Европската унија ние работиме на тоа, не го кажавме датумот кога тоа ќе биде, додека вие кажувавте со датуми кои не ги исполнувавте. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор за реплика има госпоѓа Весна Бендевска. Повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Господине Вељаноски груби невистини од оваа говорница иако јас имам потполно разбирање за вашето неснаоѓање околу предизборните ветувања пакувани околу вашата “Преродба во 100 чекори”. Веднаш ќе ве демантирам.

Јавноста веќе секој ден се соочува со неможноста да ги исполните вашите ветувања, а врз база на нив ја добивте довербата од граѓаните на Република Македонија. Значи, Владата на Груевски вети дека на својата прва седница ќе донесе акт за одговорност на Владата. Пропаднат проект.

Впрочем, вашите намери станаа сосема јасни во моментот кога пред нас го донесовте Предлогот на Буџетот за 2007 година, Буџетот во кој требаше да бидат материјализирани токму вашите предизборни ветувања. Иако ветивте “Нула непродуктивни буџетски расходи за автомобили, мебел и слично во 2007 година за понатаму перманентно да ги намалувате тие ставки за да дојдат во процент од 30% од нивото на 2006 година”, вие ги зголемивте и ставката за буџетски расходи за автомобили е најголема досега и изнесува три или четири милијарди денари. Така ли ги исполнувате вашите ветувања дадени во “Преродба во 100 чекори”.

Ќе ви кажам и друго. Ветивте нула толеранција за корупција на сите владини административни структури со рок веднаш, а јасно укажавме дека министри од вашата Влада користеле државни средства кои им ги иделувале на свои блиски и пријатели.

Ветивте намалување на дискреционите права и воведување легални рамки за регулирање на конфликт на интереси со рок декември 2006 година. Во одговорот на моето пратеничко прашање министерот за култура јасно ми кажа дека го искористил своето дискреционо право кога именува директори во државни институции.

Ветивте целосна транспарентност на јавните набавки со рок 30 септември 2006 година, а прво нешто што направивте со непосредна спогодба со ОКТА во вредност од 20 милиони евра, ја искористивте како ваш инструмент на работа.

Така ли ВМРО-ДПМНЕ ги исполнува своите предизборни ветувања господине Вељаноски. Тој одговор не ми го должите мене, го должите на македонската јавност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ве молам, да се држиме повеќе до дневниот ред.

Повелете господин Трајко Вељаноски за контра реплика една минута.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Во однос на ветувањата како што кажа госпоѓата Бендевска прво треба да се знае дека она што е ветено, треба да се знае во кој период и за што.

Прво, како што рековте одговорност на Владата. На првата седница Владата не може да понесе одговорност кога веќе одговорноста Владата ја сноси согласно законските прописи. Не може со акт да биде утврдена одговорност кога законите важата за одговорност и на Владата и на другите институции. На првата седница беше донесена Одлука за намалување на ДДВ за репроматеријалите, тоа го ветивме.

Друго, толеранција за корупција, тоа го ветивме и го исполнивме.

Ветивме за трет мобилен оператор и го имаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор за реплика, господин Игор Ивановски. Повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Јас согласно определбите на минатата и на вашата Влада за развивање на информатичкото општество многу повеќе се служам со интернет отколку да ја читам оваа скапа верзија на вашата програма, за која што да ги инвестиравте парите за стечајците ќе направевте некоја попаметна работа.

Во неа, на 95 страница, каде зборувате за експертска поддршка на законодавната власт дека “за таа цел по угледот на многу земји со сериозни парламентарни искуства цениме дека е неопходно формирање на собраниски аналитички сервис што ќе биде подеднакво достапен на сите пратеници, пратенички групи во Собранието”. Со овој дел не мавтав, само потсетував во црно-бела верзија и добро е што го прочитавте мојот стенограм, бидејќи хартијата потсетува на сите факти што се кажани. Добро е што оваа програма сте ја поделиле, како што велите кај сите граѓани за да ве потсетуваат што досега не сте ветиле, а има голем број на работи.

Што се однесува до деловникот по урнекот на Бундестагот добро е што сте дале одредени рамки, но кажете ми по кој основ овој предложен деловник е сличен со оној кој што го има Бундестагот за своето работење. Дури и да се обидете да изманипулирате и да најдете некоја сличност пак ќе ви го речам она што го реков во петокот. Не може да се споредува овој Законодавен дом со Бундестагот заради бројот, заради искуството, заради традицијата, но најмногу затоа што Бундестагот има парламентарни групи во владеачкото мнозинство кои што се одговорни пред да дојдат на дневен ред законските проекции. Таму се расправа, се дебатира, се дискутира, се усогласуваат ставовите за да понатаму кога ќе дојде некој предлог на дневен ред само се презентираат ставовите на партиите. Овде процесот е обратен и сега се обидувате да ја оправдате неефикасноста на Владата или вашата желба за посериозен разговор со креирање на така наречена ефикасност на Парламентот. Пак ќе речам, ако веќе ја цитирате вашата програма на таа и таа страница, каде е, во кое време, на кое место вие, некој ваш колега или колешка пратеник од овој Законодавен дом, или поточно речено од раководството на ВМРО-ДПМНЕ во Владата и во партијата имаат изјавено дека овој Предлог на нов деловник ќе предвидува ограничување на дискусијата на пратениците и многу побитно ќе го воведе, ќе го инсталира, во петокот реков низ прозор, сега под врата, воведувањето на албанскиот јазик во функционирањето на работните тела. Кога за тоа ќе ми извадите

стенограм и кога за тоа ќе покажете дека имате поддршка од вашите гласачи, или генерално од граѓаните на Република Македонија ќе ви признам, но тоа не е точно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Контра реплика има господин Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Кога се чита една програма не се чита само една страна. Вие ја прочитавте 95 страна ве потсетувам, се почнува од прва страна и ќе дојдете до 14 страна, каде што ние она што сме го ветиле и го исполнуваме. Во однос на ограничувањата, ограничувања постојат во Германскиот Бундестаг и таму има ограничувања во дебатирање, кое што ние во првата верзија на работниот текст на Деловникот го доставивме согласно ограничувањата што псотојат во Германскиот Бундестаг каде што има Висок совет, па тој одлучува за временскиот период во кој што ќе се говори. Затоа, господине Ивановски, ние гледаме во Бундестагот дека претежно се работи во комисиите и таму основниот акцент го ставаме на работата на Собранието. Овој работен текст кој што е према Словенскиот и претходниот кој што беше према Бундестагот е врз основа да се даде поголема и покативна улога на комисиите во Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Во интерес на времето многу мразам да земам збор, но во интерес на времето и на доброто известување на граѓаните, сакам уште еднаш да потцртам дека во општата расправа, сега воведната во оваа фаза, совршено не е релевантна една точка. На пример, јазикот, тоа амандмански се интервенира и тогаш кога ќе биде дискусијата по амандманот ќе се види која партија, коај пратеничка група на која страна е. Не треба од сега да се бара некакво легитимирање пооднос на јазикот. Значи, има многу работи и нема подобар проект или предлог од амандмнаот кој е позгоден и погоден да се кршат копја во амандманската расправа. Истовремено, нема попогоден проект од овој за полесно да се прифати како општа потреба. И, сега, наместо да го прифатиме и да се отвори широка расправа, општествена расправ, расправа во дијалогот меѓу партиите и секаква друга расправа, сега ние пак се враќаме на определени точки. Тоа треба во амандманска расправа, можеби да има и 30, може да има 50, може да има и 90 амандмани, бидејќи во предложениот Деловник има 240 члена и има полна слобода да се расправа и да се истера на видело и на виделина и на чистина секоја парламентарна партија какви ставови има. Ве молам, инаку вака, тоа ќе трае до бескрај.

Процедурално се јави пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, сега се наоѓаме во една дилема. Секој ден кога дискутира некој претставник од парламентарното мнозинство не убедува да не зборуваме за потребата и општо да зборуваме, туку да зборуваме за членовите и конкретно да се осврнеме и да дадеме предлози. Сега, вие имате друг концепт. Да видиме во која насока да одиме. Затоа, можеби е најдобро да се поставеше на дневен ред само потреба за донесување без предлог членови. Инаку, не можете да избегнете дебата за членовите, јас ќе дискутирам по членовите. Сакам да се осврнам на 237 членови и што е тука проблемот. Затоа, парламентарното мнозинство ни сугерира едно, вие ни велите друго, па затоа можеби ќе беше идеално ова да одеше во три фази. Значи, прво, дали има потреба за донесување, потоа предлогот со членовите и на крај да размислиме за општата расправа што ќе се води после во јавноста како амандмански да интервенираме. Затоа, парламентарното мнозинство не кара на еден начин, вие не карате на друг начин, но мислам дека треба да најдете вие во парламентарното мнозинство консензус како ќе продолжиме понатаму. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Не се работи за консензус, се работи за договор кој го имав пред половина час со шефовите на пратеничките групи да се обидеме денес да ја завршиме оваа расправа. Зашто, ако не ја завршиме денес, ќе ја продолжиме утре. Стачајците на кои им ветивме дека утре ќе расправаме и т.н. Утре мораме на стечајцитеда им обрнеме внимание и ако не ја завршиме утре, ќе мораме и да не ја поставиме утре, ќе мораме да ја поставиме во среда и ќе се најдеме во апсурдна ситуација овде ние да дискутираме за Деловникот, а таму групите на партиите. Затоа, велам во интерес на времето, тоа се процедури. Повелете, господине Најдовски имате реплика од три минути.

**Слободан Најдовски:** Почитуван претседателе, дами и господа,

Навистна не можам да го сватам последното објаснување на претседателот на Собраниево од следнава причина. Во своето искажување сака да ја сведе дискусијата за Деловникот дека е чисто техничко прашање. Во својата дискусија која што ја имав во петокот, кажав и денес ќе повторам, прашањето на член 3 употребата на јазикот и членот 85 ограничувањето на дискусијата не се технички прашања кои што се решаваат со Деловникот. Тоа се чисто политички прашања кои што на мала врата се сакаат да се воведат преку Деловникот. Прашањето на употребата на јазикот во раководењето на работните тела на Собранието, тоа е веќе воведување на втор јазик во работата на Собранието и воведувањето на втор јазик во Република Македонија службен. Затоа што, комплетно со тоа веќе се воведува вториот јазик. Ако сакате така да зборуваме, тогаш да го отвориме тоа прашање политички околу тоа прашање овде да дебатираме, а не задскривајки се зад некои технички прашања кои што треба да се решат со Деловникот, да отвораме и да решаваме две битни политички прашања во Република Македонија. Затоа што, употребата на албанскиот јазик при раководење со работата на комисиите, значи воведување на писмената употреба на албанскиот јазик во

Собранието. Ќе се води сценариото на комисијата, ќе се води дел на записникот на комисијата на албански јазик и тоа е чисто политичко прашање. Ние треба овде да не расправаме за Деловникот, додека не ги расчистиме тие две суштински политички прашања.

Околу вториот ваш дел, господине претседателе дека ако денес не ја завршиме, утре ќе не можеме да расправаме за стечајците. Тоа е вашата игра. Ве молам, вие за утре и ние сите заеднички им ветивме на стечајните работници дека ќе расправаме по тој закон утре. Без разлика дали сме ја завршиле оваа седница или не сме ја завршиле, ние утре мора за тоа да расправаме. А, ако сакаме сега да најдеме некои либристики како тоа да го избегнете, мислам дека не го избравте најдобриот начин. Ги уценувате пратениците, или не зборувајте повеќе за Деловникот, или пак нема да зборуваме за стечајците. Не може тоа на таков начин. Вие самите сте виновни што имаме 7 или 8 прекинати седници, никој друг. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас немам контра реплика.

Реплика има пратеникот Кире Гештаковски од три минути, повелете.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседателе,

Точно во интерес на времето сакам да кажам дека не смеевте господине претседателе, да го пуштите излагањето на претставникот на предлагачот, за да ја измести вака работата и сега во суштина да се види кој е вистинскиот кочничар и зошто вака ни се неплодни досегашните седници на Собранието. Сега, кој ќе биде виновен за овој изгубен час, за оваа наелктризирана атмосфера и за овој изгубен работен ден. Никаков Деловник, веруајте ми и сами да го напишат, парламентарното мнозинство нема да ни помогне ако ваков е карактерот и вака се однесуваме во Собранието. Се кажаа и доста невистини. Се кажа дека СДСМ никогаш не ги исполнувала своите ветувања. За тоа што не ги исполнувала своите ветувања СДСМ ги изгуби изборите и сега друга гарнитура е на власт. Но, СДСМ не го исполни ветувањето само за поширокиот интерес по цена на сопствената штета, по цена на руинирање секојдневно на рејтингот, но следејќи ги сите законски решенија да се донесат на време и нестопирајќи ја државата во евроатланските интеграции. Што работи оваа гарнитура? По цена на зачувување на овој рејтинг, по секоја цена, бидејќи се најчувствителни кога ќе се спомене некој популистички потег од типот на неисполнување на ветувањата, по секоја цена сакаат тоа да се амортизира и да се докаже дека ВМРО-ДПМНЕ секогаш ги исполнува дадените ветувања.

Сега, морам да излезам од темата и да кажам дека во сферата на здравството, не само што не ги исполнува ветуваеата, туку најодговорно тврдам дека работи спротивно од дадените ветувања запишани во таа програма од 100 чекори. Дали ВМРО-ДПМНЕ во предизборната програма вети да ги намали платите на здравствените работници. Дали вети дека ќе ја укине дополнителната дејност. Дали вети дека ќе го растури Клиничкиот центар. Дали вети дека референтни цени нема да донесе, ќе распишува тендери. Дали вети дека нема да ги рефентира парите од земените лекови за најтешките болести на најсиромашните граѓани. Дали вети дека нема да продолжи со имплементацијата на реформтие во примарното здравство. Одговорете ми тука од говорница дали е тоа запишано во вашата програма и дали се придржувате на тоа. Не, напротив, работи спротивно од тоа што го имаат запишано во програмата. И навистина, немав намера да дискутирам, но по секоја цена да се турка, да се гради рејтингот, верувајте ми нема заедно висок рејтинг и Евроатлански интеграции во Република Македонија. Нема висок рејтинг во исто време и да се нема политички договор. Нема висок рејтинг, а да не се соработува со опозицијата, било тоа да е од македонскиот блок, било тоа да е од албанскиот блок. Секојдневно ќе комуницирате, секојдневно ќе соработувате и така ќе се постигне политичкиот договор и работата на Собранието ќе биде ефикасна.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Што се однесвуа до забелешката за мене која гласи, не смеевте ве молам, на вас белки ви е јасно дека по Деловник сум задолжен.

Процедурално се јави госпоѓа Лалчевска Ристана, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Процедуралнаа забелешка се однесува на вас. Ве молам, да се погрижите да се почитува членот 86 од Деловникот, бидејќи дискусијата зема сосема поинаков тек. Ние расправаме по потребата за донесување на нов Деловник и вие сте должни дискусијата да ја насочувате во насока како што бара членот 86 од Деловникот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Контра реплика има Трајко Вељановски, па завршуваме соовој турнус на реплики и контрареплики.

**Трајко Вељановски:** Јас и кога го земав зборот кажав дека и во интерес на вистината излегов да оповргнам една невистина која што беше изнесена во петокот и беше обвинета партијата ВМРО-ДПМНЕ дека работи спротивно на својата програма. Тоа го кажав за да има факти, има писмени докази и да се види кој ја говори вистината. Зарем сакате вие на паушални обвинувања, непотврдени, ние кои имаме писмени документи, нешто што сме го ветиле го исполнуваме, да седиме и да ја проголтаме таа невиситна. Затоа, тоа е во однос на тоа што земав втор пат реплика.

Во однос на реформите кои што ги набројавте во здравството и на други места, ние исто така ветивме дека ќе се направат тие реформи и плодот од тие реформи ќе го кажат и граѓаните на

Република Македонија и избирачите кои што ќе гласаат во 2010 година.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Збор има Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе,

Дозволете да дадам едно видување за Деловникот во фазата во која е предложен и да кажам неколку зборови и околу дебатата која се одвива тука. Иако, веројатно, сме на половината на дебатата.

Морам да кажам дека сум изненаден од дебатата коај се одвива и која со интерес ја слушав изминативе неколку дена, која за жал, го влече Парламентот на најниската можна точка на парламентарност и демократичност и почитување помеѓу пратениците. Иако, од почетокот имав впечаток дека остриот тон и негативните дискусии се резултат на неколку млади пратеници на кои ова им е прво политичко искуство и го диктираат таквиот тон, најчесто туку што завршени или сеуште незавршени студенти, меѓутоа како се одвива дебатата по Деловникот, се повеќе сваќам дека на нив, за жал се придржуваатискусни луѓе и искусни политичари, без разлика од кој сектор дошле, од извршната, од законодавната, од судската или од друга власт во својот професионален живот.

Мојот впечаток е дека општиот тренд на дебата го допира дното и наместо тоа да се контролира дури од тие кои треба да го контролираат, се додава масло за да се движи во се полоша насока. Исто така, сметам дека општиот тренд на Деловникот во Република Македонија во Собранието кој се диктира со новиот текст е лош. Мојот впечаток е дека Деловникот не е во насока за да го предлабочи парламентаризмот за да ги подобри процедурите и што е најважно да им овозможи на пратениците да носат подобри решенија и подобри закони, да можат да се консултираат, да проучуваат, да предлагаат, да изменуваат закони кои се во постапка од предлагач, кој не е најчесто Владата. Меѓутоа, имам впечаток дека трендот на овој Деловник е сето тоа да се оневозможи. Дури стекнувам впечаток дека владеачката партија си има измислено своја библија, во која зборовите се непроменливи, во која е напишана догма не може да се смени ни во точка ни во запирк аи најчесто се зема како апсолутна вистина од која се покренува политичката машина. Тоа, впрочем го видовме и денес, тоа го гледаме во изминативе 6 месеци и жртвата на тоа е во овој момент Деловникот на Република Македонија. Секоја погрешна одредница напишана во услови кога од аспект на опозиција се ветувало се и сешто, денес мора по цена и на неквалитет да се исполни. Дури мислам дека ако внимателно се анализира што се се дебатираше овде, што се се искажа, какви трендови во дебатата се одвиваа по повод на предложените решенија во вид на казни, санкции, минутажи, пријавување, една минута, пет минути, три минути, пет дена, комисии и т.н., мислам дека завладува во Собранието една тоталитарна свест, која нема да му овозможи на Парламентот да си ја врши работата за која е избран, затоа што во Собранието не можете да носите закони во услови кога процедурата не ви дава ништо друго, освен да имате право да гласате и тоа во ден кој ќе го одреди претседателот.

Мислам дека е добро што предлагачот во овој случај меѓу другото соопшти дека зема пример и од Европската унија, затоа што во изминативе неколку месеци, искрено да кажам, стекнав впечаток дека на било кој предлагач во Собранието на Република Македонија на законите, а тоа најчесто е Владата, најмалата работа им е дали е тоа усогласено со Европската унија. Сега е добро што конечно некој се сети нешто и да усогласува со Европската унија, меѓутоа, мислам дека тоа го прави на начин кој не е усогласување, кој служи само за изговор.

Второ, зачуден сум целосно од фактот дека една од инспирациите за механизмот на одлучување во Собранието на Република Македонија, која само да потсетам, Собранието во Македонија е еднодомно и е Собрание на унитарна држава се црпи од политички систем кој е сосема различен од нашиот. Имено, се црпи искуство од Бундестагот, само да потсетиме што на германски значи зборот бундес, федерална или сојузна, парламент кој не е еднодомен и парламент кој не е на унитарна држава, туку е на една федерална држава, Имено, Германија е дводомно Собрание на федерална држава, односно Бундестагот. Апсолутно сум уверен дека е погрешен пат нашето Собрание да користи искуства кои не кореспондираат со нашата стварсност.

Би сакал да соопштам дека апсолутно не го подржувам мислењето на Владата на Република Македонија, дури мислам дека Владата до нас доставила едно цинично мислење во кое напишала “го подржува Деловникот во кој се предлагаат нови решенија кои ќе доведат до ефикасно и рационално работење на Собранието.

Со оглед дека Владата ја  пуштила раката во медот кој не е нејзина надлежност, би сакал да ја прашам Владата кога кажала дека сака Собранието да решава ефикасно и разионално, на неколку примери. На пример, со овој деловник се зацртува политика во која имате право да разговарате за законот само 10 минути и тоа ако 15 пратеници ве поддржат. Ако нема 15 пратеници што ќе ве поддржат да дебатирате 10 минути, вие го губите правото на дебата и веднаш поминувате на амандмани. Роковите се, штом се достави закон, во рок од 10 дена се закажува сесијата, а во рок од 5 дена имате право да поднесете амандмани. Со оглед дека Владата го поддржува ваквото ефикасно и рационално работење, ја прашувам Владата дали е спремна овие ефикасни и рационални одредби да ги вгради во својот деловник, дали Владата мисли дека Парламентот кој е Парламент во генеричка смисла на зборот, знаеме што значи тоа, има право да не дискутира и да не предлага, а Владата да го задржи за себе своето право во услови кога на нас сака да ни го ограничи. Многу е

цинично Владата да предлага пратениците да имаат само 5 дена за да доставаат амандмани по закони, а Владата во сопствената процедура да не се ограничува на тоа.

Јавно прашувам дали Владата ќе го прифати овој механизам за своето работење, па кога ќе добие некој закон од некои свои ресорни министерства на мислење во другите ресори, да се ограничи самата себе и во рок од 5 дена да достави амандмани, или се смета дека законот е усогласен. Тука има и членови на извршната власт во минатите состави, знаеме дека тоа е апсурдно. Меѓутоа, уште поапсурдно е што сега Владата сака да не ограничи на услови што за себе не ги овозможува. Имено, Владата сака да има еден месец на располагање за да подготви закон, еден месец да дебатира по него со останатите ресори во Владата, една седница на Владата без ограничување да дебатира, па да го врати на доработка и цела процедура која трае со месеци, а одкако тоа ќе се заврши го праќа во Парламентот според овој деловник и ние треба да завршиме во рок од 15 дена, со сите ограничувања на дебатирање по амандмани итн, и тоа го цени за ефикасно и рационално работење на Собранието. Затоа сметам дека е цинизам од Владата. Би сакал да го видам тоа решение прво да го вгради во својот деловник, па ,министерот кој го потпишал ова решение да има 5 дена за да поднесе амандман на закони од својот колега, со цел административен апарат кој стои зад Владата кој да не заборавиме се брои со 10-ци илјади луѓе, а овде во Собранието пратениците оставени сами на себе без стручна поддршка имаат само 5 дена. Тоа значи дека Владата сака да оствари сериозна супремација врз парламентарниот дом, односно да го претвори во гласачка машина, кој има само 5 дена и ако има поддрша да дебатира, да дебатира и уште дополнителни 5 дена да поднесе амандман. Да не зборуваме за процедурите кои натаму се во т.н. второ и трето читање, во кое опозицијата целосно, но за тоа ќе зборувам кога ќе дојдам кај одредбите, целосно зависи дали ќе дебатира од одлуките на мнозинството. Имено, таму има една одредба, ќе дојдам на неа поконкретно, во која вели: Ако во собраниската Комисија се отфрли предлогот на подносител на закон, тогаш во Собранието предлогот само се гласа и тоа е конечно. Јас знам што ќе се случи во Законодавно-правната комисија владеачкото мнозинство има исто така мнозинство, секој закон од опозицијата што ќе биде поднесен таму ќе биде на гилотиња и во Собранието во рок од една минута ќе треба да се изјасниме. Нема никој од опозицијата да добие шанса, почитуван претседателе и почитуван предлагач Вељаноски, да дојде во ситуација да дебатира по свој закон, а Владата тоа право како уставно рамноправен предлагач на закон си го задржува, што значи предлагачите на законот ги држиме во нерамноправна ситуација. Парламентот односно пратеникот како предлагач не е во иста ситуација со Владата и оваа добива супремација и ќе се спротивставам на таквите односи кои сакаат да се наметнат во Парламентот.

Би се вратил конечно да кажам дека ова мислење на Владата треба под итно да го повлече. Со ваквите односи кои се сака да се воспостават во Парламентот, кои Владата ги диктира-само да потсетам дека изјавата на премиерот без да слушнеме изјава на било кој релевантен во ова Собрание, вклучувајќи го и предлагачот или претставникот на предлагачот господинот Трајко Вељаноски, беше соопштено дека до крајот на февруари ќе донесеме нов деловник на Собранието, пред да влезе во процедура деловникот. Значи совршено е јасно дека Владата извршила супремација и контрола на процесите во Парламентот, наместо тоа да е обратно и сега треба само да го извршиме тоа, со цел господинот Груевски се што ќе сработи во Владата и ќе го достави во Парламентот во рок од 10 дена да биде донесено. Тоа не е Парламент, тоа е Врховен совјет кој заседава од 7,00 до 15,00 часот еднаш во месецот и ги усвојува сите акти на Министерскиот совјет, ако ме разбирате што сакам да кажам.

Токму затоа ценам дека Парламентот со ваков деловник има опасност да стане антипарламент, односно место каде што не се дебатира, туку место каде што само се гласа, а дека парламентарната процедура и легислативната процедура треба да се доведе во фаза на парламентарна и легислативна гилотиња, термин кој Владата си го прифати од Светската банка да го користи за нешто што не е во врска со деловникот и Парламентот и мислам дека отидоа предалеку, парламентарното мнозинство отиде предалеку, со тоа што во овој момент ни нуди деловник за гилотињирање на парламентарната слобода.

Дозволете покрај овие општи напомени да дадам некои конкретни напомени по членовите. Господине претседателе, воопшто не се согласувам со вас дека треба да се дискутира само по поднесени амандмани токму од причините за кои досега зборував. Јас не се согласувам со концептото на овој деловник и ако не се согласувате со концептот, треба прво да се дебатира за концептот. Ако тој помине, тогаш ќе дебатираме за амандманите. Меѓутоа, концептуално не сакам да сум во ситуација со амандман да исправам концепција. Во таа фаза ако Парламентот цени дека концептуално не се согласува го враќа материјалот назад после првата дебата целосно, а не по пат на амандмани. Затоа сакав и некои општи дискусии во врска со концепцијата на деловникот. Меѓутоа, со оглед дека јасно е искажана од предлагачот волјата во втората фаза да се изработи, би сакал да соопштам и мои конкретни мислења по конкретни одредби на деловникот за кој денес дебатираме.

Ќе одам по хронологијата на членовите на деловникот, таму каде што сметам дека има работи што се неприфатливи.

Прво сакам да зборувам за членот 3, кој мислам дека концепциски е сосема различен од тоа што е потребно во Парламентот на Република Македонија и тоа сакам да го образложам. При образлагањето исто така сакам да соопштам дека сум разочаран што Парламентот стана место во кој ако имате спротивно миеслење, вие сте веднаш етикетиран со зборови кои ќе ги цитирам од дебатата. На пример, како некаков "фил" или како некаков "фоб". Меѓутоа, јас би сакал да се вратиме на трезвена расправа со аргументи, затоа што себе не се сврстувам во никаков "фил" или "фоб".

Членот 3 на сегашниот Деловник и членот 3 на деловникот кој што се предлага произлегува од одредби кои се зацртани во Уставот на Република Македонија, а до кои одредби во Уставот на Република Македонија се дојде по пат на политичко преговарање меѓу четирите најголеми партии во Република Македонија. Тие одредби не се библија, меѓутоа, тие одредби би сакал да ги цениме од аспект на следното: Дали произлегуваат од Рамковниот договор и од Уставот или се врши проширување на Рамковниот договор и Уставот. Доколку произлегуваат, ценам дека веднаш треба да ги усвоиме, затоа што сум приврзаник на Рамковниот договор. Меѓутоа, доколку значат проширување, тоа значи дека сум приврзаник на формулата дека за проширување на Рамковниот договор треба потписниците уште еднаш да седнат и да поразговараат дали за нешто се подготвени да направат проширување или контракција, односно намалување на правата што произлегуваат од Рамковниот договор. Во овој случај се работи за проширување на правото од Рамковниот договор. Дозволете да елаборирам зошто тоа го мислам, а тука се пушта како да е дел.

Во Рамковниот договор, кој да потсетиме дека е потпишан заради природни околности на странци, кои не разбираат македонски јазик, на англиски јазик заради посредништвото на Европската Унија и САД, во точката 8 од Анексот Б во Рамковниот договор пишува дека ќе се донесе легислатива која ќе го обезбеди следново. Нема да ми замерите ако неколку зборови прочитам на англиски како што е во оригиналот: "Репрезентативс меј адрес пленари сејшн енд воркин бадис оф ди есембли", значи главниот глагол е " меј адрес", тоа значи можат да се обратат. Тоа во македонскиот превод, кој е официјализиран преку издание на Собранието на Република Македонија во истата точка 8 е преведено: "На пленарни седници и во работните тела на Собранието пратениците може да се обраќаат на јазиците", може да се обратат. Тоа е Рамковниот договор.

Во овој случај врз основа на Рамковниот договор е произлезен амандманот 5 од Уставот, во кој се наведува во точката 1 став 2, дека "друг јазик што го зборуваат 20% од граѓаните", во овој случај Албанскиот јазик, "е исто така службен јазик како и неговото писмо, како што е определено со овој член", на Уставот се мисли. Во тој член во 5-тиот став пишува: "Во органите на државната власт Собранието е највисокиот орган на државната власт во Република Македонија, службен јазик различен од македонскиот се користи согласно со закон". Со оглед дека пишува согласно со закон, во една од претходните дебати укажував дека деловникот е во ранг на закон затоа што е спомнат и во Уставот на Република Македонија, произлегува од Амандманот 5 дека може и друг јазик во органите да се употребува и дека тоа ќе се уреди со закон односно со деловник. Значи создадена е уставна можност, меѓутоа, во ова се содржи дека во Уставот односно врз основа на Уставот можеме со закон да пропишеме и друг јазик да се користи во други случаи што не сме ги пропишале. Токму затоа постои Рамковниот договор, таму е децидно е напишано на што сме обврзале, а ние сме се обврзале пратениците да можат да се обратат. Значи не сме се обврзале да можат да раководат со Собранието и со работните тела на тој јазик. Точно од тие причини Деловникот кој е донесен во 2002 година во јуни, само да потсетам тоа е осум месеци после Рамковниот договор и шест-седум месеци, ако не и повеќе после измените на Уставот, ставена е одредбата во членот 3 од Деловникот дека пратеник може да зборува на седница, меѓутоа, не е ставена одредба и да раководи со работно тело или со Собранието. Се врши проширување и по зборот "се обраќа" се додава "како и да раководи", цитирам од новиот предлог што е понуден од господинот Трајко Вељаноски како претставник на предлагачите, значи покрај "зборува" се става и глаголот " раководи", што е уште една функција на употребата на јазик различен од македонскиот во парламентарниот дом. Само да потсетам дека во деловникот одредбите за работа на работните тела кои не се поинаку определени со членовите на деловникот, за Собранието се однесуваат истите членови, или кажано поинаку, деловникот се применува како деловник за работа на комисиите.

Сакам јавно да прашам, врз основа на зборот "раководи со седница на работно тело", претседателот на работните тела има право од стручните служби на Собранието да побара сценарио за раководење со работните тела, како што господине претседателе вие добивате за раководење со седницата, што е природна работа, дали во тој случај зборот "раководи со седница" ќе се протолкува и дека треба да му се достави сценарио за раководење и на кој јазик тоа ќе се достави, со оглед дека тој го добива правото со деловник, кој е во категорија на законски акт, да раководи на албански јазик.

Сакам однапред да кажам дека јас не сум затоа што сум еден од потписниците на Рамковниот договор, односно мојот личен потпис е парафиран на Рамковниот договор, пред да биде потпишан ние сме го парафирале од партиите учеснички, јас сум го парафирал и не сум против употребата на албанскиот јазик, ама сум против тоа Рамковниот договор да се проширува без согласност на останатите страни. Тоа е ситуација во која треба

да се дебатира, затоа што ваквата одстапница сега може брзо да не доведе во позиција да почнеме правото од Амандманот 5 од Уставот да почнеме да го прошируваме во ем-ситуации за кои согласноста не е постигната и тоа ќе не доведе во исклучително тешка ситуација, која го надминува Рамковниот договор и на кој Рамковниот договор не дал одговор, а одговорот во Рамковниот договор е дециден. Не случајно во Рамковниот договор има 4-3 анекси А,Б и Ц на текстот на Рамковниот договор се со цел се да се напише во детали, дури и со уставните амандмани напишани како амандмани во детали и кои закони со какви одредби, за да се избегне неправилно толкување. Ако предлагачот во овој случај група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и НСДП и др, веројатно, имаат право тука да прекршат одредби од Уставот и Рамковниот договор, тоа право ќе стане неограничено и не е случајно што во 2002 година тој збор е испуштен во Деловникот и не е случајно што тогаш за Деловникот гласале сите 25-26 или колку пратеници беа во тој момент од албанската етничка заедница во Парламентот во 2002 година, како нешто што произлегува од Рамковниот договор и од Уставниот амандман. Ценам дека тука не станува збор за техничко прашање, како што сака да ни го претстави ВМРО-ДПМНЕ односно господинот Вељаноски, туку станува збор за суштинско прашање преку кое не можеме туку така да преминеме.

Дозволете да кажам уште неколку мои забелешки во врска со текстот на Предлогот за донесување деловник.

Во членот 20, или подглава арапско 3, Избор на претседател и потпретседатели на Собранието, односно во членот 20 ставот 3 стои: "Еден од потпретседателите се избира од редот на пратениците кои припаѓаат на политички партии кои се од опозицијата". Тоа значи како што се случи пред неколку месеци кога се избраа потпретседателите на Собранието, и тука опозицијата е доведена во ситуација да биде брутално надгласана уште во процесот на донесување на деловникот, со тоа што изрично е кажано во еден друг став дека бројот на потпретседатели го утврдува Собранието на Република Македонија по предлог на претседателот. Во нашиот конкретен случај, почитуван претседателе и предлагачи и пратеници, можна е разврска во која бројот на потпретседатели ќе се утврди на 4 и после ќе се примени ставот 3, во кој еден од нив ќе биде од редот на опозицијата. Само да соопштам дека во овој состав на Парламентот опозициските партии по број на пратеници се втората и третата политичка партија во Парламентот. Сегашниот состав на Парламентот во овој момент како што се избрани потпретседателите, претседателот е од најголемата, а двајцата потпретседатели и од 4-та и 5-та парламентарна партија по број, односно 2-ра и 3-тата по број немаат потпретседател. Тоа не е духот ниту на постојниот парламентарен Деловник и ние тука се одликуваме по нешто од цела друга Европа, дека сме единствената држава во која опозицијата па макар и со втора и трета по број пратеничка група е надгласана и нема свој потпретседател. Во Парламентот не функционира концептот на извршната власт, каде што се формира мнозинство кое раководи со извршната власт. Во Парламентот сме застапени сите и во него имаме право да учествуваме во работата врз основа на распоредот во Парламентот, а не распоредот во мнозинството кое се формирало експост, по изборите.

Со ова ние се наоѓаме на самото дно не само во Европската унија, туку и во Европа, заради фактот дека немаме потпретседател од опозицијата по пат на брутално надгласување, односно не давање на предлог, односно одбивање на предлог, во овој случај барем конкретно можам да соопштам дека предлогот на СДСМ за потпретседател е одбиен од мнозинството.

Сегашниот нов член овозможува тоа да се продолжи. Па, ако се се изберат 4 потпретседатели, да бидат предложени потпретседатели во овој случај од 4-тата, 5-тата и 6-тата по број пратеничка група, а од 2-та или од 3-тата да не биде избран, затоа што е само еден. По мое видување тука треба да пишува најмалку 1, а по мое видување, не е лошо, како што беше и до сега во Парламентот да има број на потпретседатели што ќе се ограничи со Деловник, како што е и сега. Меѓутоа, знам дека по пат на политички преговори ќе не доведе до поголем број на потпретседатели од потребните за еднодомен 120 - членски Парламент на Република Македонија. И, сум против таквите одредби. Мислам дека се тенденциозни.

Кажав во моите општи напомени во врска со деловникот, дека деловникот има вградено рестриктивни одредби, тоа сакам да го кажам претседателе од фактот, поради фактот дека не сум пратеник кој не присуствува на работата на Собранието не сум пратеник кој се појавува еднаш во неделата или еднаш во месецот. Туку сум подолго време присутен и редовно присутен.

Затоа си го давам за себе правото да соопштам дека ваквите рестрикции кои тука, во членот 30 се наметнуваат, одат само во правец на заострување што не е прилично ниту пак сметам дека е долично на дигнитетот на еден пратеник во Парламентот. Односно, ако три пати не дојде, повторно ќе кажам дека не се однесува на мене, па затоа си го земам правото, дека ако три пати не дојде му се одзема 30% од платата.

Јас мислам дека тука не се работи само за платата. Се работи за дигнитетот. Дека проблемите на присуство и на отсуство од Парламентот по некогаш се банални, но по некогаш се политички. А, со начинот на кој што работи Парламентот од нова година до денеска, мислам дека секој работен ден без исклучок работиме, без исклучок. Ние немаме право, ниту можност да извршуваме никакви други функции, контакти со гласачите, проучување на закони, поднесување на амандмани. Како ќе понесам јас

амандман за седницата што сте ја закажале во петокот кога до утре ни е рокот, а секој ден морам да седам во Собранието со тековните работи.

Значи не постои можност да работите ако понекогаш кога ќе мислите да не присуствувате за да подготвувате свој закон, за да присуствувате на лице место со гласачите, или за да се подготвувате за дебата или амандмани по некои веќе предложени закони, вие нема да присуствувате во Собранието. Ќе работите на тие закони. Сметам дека ова е во насока да воведете едно униформно, до крај регулирано Собрние во кое имате право да влезете во 11,00 часот, во кое имате право во првата минута да се пријавите за збор ако ве подржуваат 15 пратеници и во кое имате право да гласате еднаш, кого ќе одреди претседателот. Се друго ви е определено со два-три дена. Уверен сум, без разлика од каде може да потекне вакво искуство, дека тоа не води во насока на развој на демократијата.

Понатаму да не зборуваме дека во ставот 4 има 5%, па за комисиите исто така, итн.

Исто така, сакам да напомнам дека тука се содржат одредби што во мометнов важат, а што не се применуваат. Врз основа на тоа делуваат смешно кога ќе се прочитаат. На пример, кај пратеничките групи, кога пратеничките групи имаат право на стручна помош и право да користат простории, согласно со бројот на пратениците. Совршено ни е јасно на сите дека во Парламентот, парламентарните групи во овој момент не користиме простории согласно со бројот на пратениците, туку врз основа на некоја политичка распределба во корист на владеачките партии. Смешно е сега вакви одредби повторно да се вградуваат кога никој не ги почитува. Ќе се доведеме во ситуација како на почетокот, да разговараме зошто се вградени а не се почитуваат.

Би сакал да се осврнам и на членовите од 36 до 43, во кои има малку промени во групата на пратенички прашања, што се задржуваат, во основа, како и до сега, меѓутоа не сум убеден дека функционираат. Имено, два пати до сега имавме право на поднесување на пратенички прашања. Министрите не се присутни, веќе после паузата од 13,00 часот се замениците или дури ни тие, премиерот двата пати до сега најде за право зошто не присуствува, така што мислам дека овие одредби, без разлика какви ќе стојат, стануваат ирелевантни. Дури и со мерките што овде се зацртани, во кој период Владата треба да достави писмен одговор, не потребни се одредби што Владата не ги почитува, односно нема механизам да се вгради во кој тие ќе се почитуваат.

Па дури и одредбите од членот 48, каде што е дадена можност за поднесување интерпелација на министер во Владата  или друг носител на јавна функција избран од Собрание, вградена е една многу рестрективна одредба дека интерпелацијата трае најмногу еден работен ден. Тоа во наши услови е 6 часови. Дека пред тоа, ако било кој сака да дебатира, мора да се пријави 24 часа пред одржување на седницата, со што, практично, со 6 часови, со 24 часови однапред пријавување се гилотинира правото на најголем дел од правото на пратениците да не можат да зборуваат, затоа што ни теоретски не е можно ако сите се пријават, од тие кои сакаат да зборуваат, за 6 часови, согласно другите одредби од овој Закон да зборуваат. Тука, повторно, наместо интерпелацијата да стане механизам во кој пратениците ќе дебатираат за одредена политика на одреден министер, ќе изнесат во јавноста становиште, ние практично ќе се доведеме во ситуација, да треба само да гласаме, а не и да ги соопштиме аргументите. Тоа, повеќе личи на систем, како што постои во Америка, на електори во кои имате право да дадете глас, а не и систем каде што имате право да зборувате во еден Парламент.

Во главата 4, односите помеѓу претседателот, потпретседателот и генералниот секретар треба да се подобри текстот особено во членот 59 и да се додаде одредба - во надлежност на претседателот на Собранието е дека претседателот ја програмира работата на Собранието. Нешто што мислам дека во овој состав и те како отсуствува. Точно заради тоа отсуство на проектирање, на програмирање на работата ние практично секојдневно во тој момент дознаваме по која седница ќе работиме утре. Во 18,00 часот ни се соопштува - утре продолжуваме со оваа или ја прекинуваме па со некоја друга, со оглед што во моментов има 5 закажани и 5-6 прекинати седници, ние практично, нам ни останува ноќта за да се подготвиме за утрешната седница. Немаме никакво програмирање и мислам дека тоа треба да се додаде господине Вељановски во текстот. Не да се додаде за да постои, туку да се додаде за да може Парламентот да биде програмиран со оглед дека е вградено дека сме во постојано заседание. Нема како во некои други парламенти да има заседанија. Два месеци заседание, пролетно, па између имате можност да ги добивате законите, да се подготвувате. Ние сме во постојано заседание и без програмирање на постојаното заседание, мислам дека Парламентот ќе се соочува со вакви апсурди.

Исто така мислам дека, според системот што е наметнат, за правото на поднесување на амандмани, што се одграничува во рок од 10 дена се закажува седницата, додека ние ги добиеме материјалните веќе два изминале, а имате право 5 дена да поднесувате амандмани. Тоа значи нам, врз основа на овој деловник ни остануваат два или три дена за поднесување амандмани. Без разлика што после седниците, откако ќе се закажат,  се одржуваат после два месеци. На пример, имаме закажани сега седици, уште во декември, правото на амандмани ни истекнало уште пет дена пред нив, во декември, а точката уште не сме ја дебатирале, доједен е февруари.

Која е потребата да се брза со закажување и понесување на амандмани, односно ограничување на поднесување на амандманите

ако расправите после тоа ги има два-три месеци додека да дојдат. Тоа е само и само за да може пратеникот да се стави во ситуација да не може да го поднесе амандамнот, да му се одземе правото, а текстот на законот да се гледа после два месеци. Апсурдно е тој систем да се воведува, освен ако системот не функционира. Тоа заначи се закажува седница и се одржува. Со оглед дека не е така, процесот на закажување на седници, што произлегува од членот 59, не сметам дека е тоа претседателе намерно, меѓутоа во системот на функционирање дефакто се доведуваме во ситуација да немаме право на амандман. Денеска добивме закони за кои што имаме два-три дена право за амандмани, а имаме дебата. Утре имаме за стечајни работници. Ни останува ноќе во 23,00 часот да пишуваме амандмани дома, па далу ќе успееме да ги усогласиме овде со службите, значи еден процес кој и те како ја оптоварува работата.

Кај генералниот секретар на Собранието повикувам да се преиспита членот 64 каде што кажува дека Собранието именува еден или повеќе заменици на генералниот секретар, на предлог на Комисијата за прашање на изборот и именувањето од аспект на тоа дали овој член е законски, односно согалсно Законот за државни службеници. Таа грешка се направи во 2002 година. Не усогласен Законот за државни службеници со Деловникот. Како што знаеме генералниот секретар спаѓа под некои одредби, меѓутоа таму овие одредби за заменици не се предвидени и тие луѓе не можат да добијат соодветен статус во рамките на Законот за државни службеници, а овде се назначени дека постојат.

Кога веќе се има решение за се, тогаш го повикувам предлагачот да најде решение и за членот 64 затоа што таквите заменици не се предвидени во некои од законите.

Сега би сакал претседателе неколку членови за текот на седницата, нешто од тоа и ќе повторам затоа што беше кажано од дел од пратениците, дури вклучувајќи и дел од пратеници од парламентарното мнозинство што ја подржува Владата, тоа се членовите од 78 натаму, за текот на седниците. На пример членот 78, дека Собранието не може да расправа по прашања за кои матично тело и ЗПК не завзеле став ако со тој деловник не е поинаку уредено, како тоа функционира денес.

Членот 79 за кој мислам дека е драконска мерка, дека претресот се води по листата во која пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отварање на претресот. Мислам дека е во буквална смисла непотребно ограничување во рок од една минута да треба да се јавиме за збор, затоа што со тоа се губи правото за збор на пратниците доколку во тој момент не се во салата.

Не ми е јасно како во членот 80, пишува дека, во ставот 1, претседателот на Собранието може да ја прекине седницата ако нема мнозинство пратеници потребно за одлучување и во други случаи кога ќе оцени, кога и не може да одлучува согласно Уставот, без мнозинство и особено се вградени одредби во кои е децидно кажано дека претседателот свикува посебен ден за гласање. Ако е посебен ден не знам како може да се одлучува во другите денови, малку ми е тоа нејасно и претпоставувам дека предлагачите ќе направат дополнителни консултации со стручни лица.

Драконското одземање на правото на збор во траење повеќе од 10 минути е прилично издебатирано во ова Собрание.

Членот 85, мислам дека избрал несреќно решение, дека пратеникот може да говори само еднаш и тоа во траење од 10 минути и дека за голем број од законите е неможно да се остварува, освен на штета на пратеникот.

Еве, сега на пример, земете го овој деловник. Вакви, ние, закони ќе имаме уште многу. Како може некој да се искаже во рок од 10 минути за закони од 100, 200 членови, како може да соопшти што поинаку мисли, значи буквално е создадена ситуација во која имате да кажете се согалсувам или не и да гласате. И ќе повторам тао не е парламетаризам, тоа е парламентарна гилотиња. Ако сме дојдени тука само за гласање тоа е сосема поинаква ситуација, односно да сме дојдени и да дебатираме по одредени закони.

Истото тоа право сега со членот 87, уште повеќе на пратениците се стеснува дека немаат право да побараат збор и да говорат за неправилна примена на деловникот, така наречена деловничка интервенција. Не знам претседателе дали вие тоа го видовте или јас неправилно го толкувам, меѓутоа, не мислам дека неправилно го толкувам.Со овој деловник на нас пратениците ни е одземено правото да побараме деловничка интервенција. И пишува дека неправилна примена може да побара само координаторот или негов заменик. Тоа подразбира дека координаторот, во овој случај нашиот почитуван координатор и колега Макрадули, треба до себе да има седнати пратеници кои се разбираат во деловникот и атхок на лице место да го алармираат за тој да може да побара збор. Јас, како пратеник не се согласувам дека само координаторот во мое име може да побара дали е нешто деловничко или не. Тоа право е мое лично. И не се согласувам воопшто, однапред, драконски да ми се одземе правото да прашам врз основа на кои деловнички одредби сте ми одземале збор или не ми давате збор, или врз основа на кои деловнички одредби некои амандмани не ми ги ставате во процедура, итн, итн. Цело право го префрлате на координаторот и мислам дека е тоа уште една антипарламентарна и драконска мерка која, кусо гледано, оди во насока да го претвори Парламентот во проста гласачка машинерија.

Тоа е вградено и во одредбите за избор на Владата во Парламентот во членот 111, каде што пишува по програмата на мандаторот и предлогот на состав на Владата, Собранието води претрес

кој трае најмногу еден ден, што значи ќе почне во 11,00 за среќа не пишува работен ден, значи ќе трае, како да го толкуваме ова не знам, еден ден претпоставувам календарски ден до 24 часот, тоа значи дека пратениците ќе траба да се пријават, исто така според одрдбите на овој деловник, во првата минута откако ќе го отвоирте претресот и да зборат 10 минути за избор на Влада. И тоа да заврши вечерта. Однапред, математички е пресметливо многу лесно дека ниту половината од пратениците застапени во Парламентот, бидејќи сме ние 120, ќе немаат ни математско-теоретско право да зборуваат по избор на Владата. Тоа право го пренесуваат на некој друг, на неговиот шеф на парламентарна група.

Извинете, меѓутоа од Уставот не произлегува дека пратеникот може да дава мандат за своите дискусии и размислувања постојано на некој друг, особено за крупни прашања, како што е избор на Влада.

Истото тоа е и во работните тела во Собранието. Има нејасни одредби кои ќе внесат еден мал хаос во Парламентот.

Лош член е на пример членот 118 каде што буквално е кажано дека работното тело може да има двајца членови во ред на научни и стручни работници од кои едниот се избира на предлог на пратенички групи од власта, а едниот од опозиција. Тука глаголот е “може да има двајца чљенови”, значи дека секое работно тело ќе има посебна примена на овој член иако не ми е јасно кој е тој што ќе одлучи зборот може, дали ќе значи има или нема, дали ќе значи дека претседателот на Комисијата или тоа право е на Комисијата или е право е како одлука на Собранието кога ќе се пренесе на комисиите. Со оглед дека тука пишува “работното тело може” се плашам дека примената ќе биде едно работно тело ќе има двајца по одлука на претседателот, друго по одлука на Комисијата, третото ќе нема ќе направиме едно шаренило. Тие одредби треба да се прецизираат. И тука повторно се оние одрдеби за роковите за кои се свикуваат работните тела кои во комбинација со работата на Собранието се исклучително рестриктивни за парламентарниот состав.

И сега претседателе би сакал да кажам уште неколку зборови на крајот, по мене за, освен член 3, најлошото решение во деловникот, а тоа е главата 9.

Во неколку наврати се обидував да го согледам процесот на согледување на законите кои се уредуваат во главата 9 со поведување на постапка и на крај со завршување со таканаречените прво, второ и трето читање. Дојдов до едно сознание дека во овој Парламент ќе имате право на збор ако решат другите, ќе имате право на амандмани ако реагирате во рок од 48 часа и дека ќе имате право да поднесете закон на пленарна седница во Собранието на дебата, ако тоа ви го овозможи работното тело кое е надлежно, односно матично, или Законодавно-правната комисија. Во другите случаи вие немате право. Инсталирани сме во систем на електори кои имаат право да дадат само мислење во вид на глас по нечиј туѓ предлог, најчесто Владата. Дозволете да образложам зошто.

На пример во членот 134 кој е сега проширен пишува: “Предлагачот на закон треба да предложи закон кој содржи и се наброени следниве, на пример, оценка за финансиски последици од предлогот на закон врз Буџетот и други јавни финансиски средства”, одредба која никој не ја почитува. На минатата седница јас прашав, дали Владата има пресметка на пример за Законот за слободни економски зони. Должна по Деловникот да достави финансиски последици од Законот, министерката рече дека не се пресметани, а носиме закон. Вие требаше да го вратите тој закон, затоа што  не ги исполнува условите да биде на дневен ред. Меѓутоа, сега се додаваат уште неколку одредби кои де факто не значат ништо друго освен на опозицијата да и се одземе правото да може да предложи закон.  Еве зошто. Значи, предлогот на закон ако го поднесе некој пратеник, по деловник треба да содржи преглед на регулативи од други правни системи од кои  најмалку три земји членки на Европската унија и усогласеност на предлогот на закон со правото на Европската унија. Ајде сега кажете ми, врз основа на што пратеник со никаква стручна помош може да достави закон кој вие нема да го вратите и во него да вгради правна регулатива од други правни системи компаративно од кои најмалку три од земјите членки на Европската унија. И му давате право да мора да присуствува секој ден од 11,00 часот, инаку ќе му го одземете правото на глас, затоа што во првата минута се пријавува и ќе му го одземете правото на плата со 10%, ако не присуствува и т.н. А од друга страна му кажувате компаративни системи од кои три на Европската унија за да предложи закон. Пратеник, господине предлагач и господо од мнозинството врз основа на овој член веќе нема да може да поднесе закон, или ќе работи две години за да поднесе еден закон. Додатно, преглед на закони ќе  треба да се изменат со донесувањето на законот што се предлага. Значи, пратеник сега покрај тоа што ќе треба компаративно од други системи и најмалку уште три од Европската унија, ќе треба уште и да предложи список на другите закони кои ќе треба да се сменат по донесувањето на тој закон и т.н. Едноставно пратеникот да се збогува со законодавната иницијатива и да потсетам, според Уставот на Република Македонија му е неприкосновено правото. Овде му се ограничува тоа право на начин на кој тој нема да може да го задржи правото што му е загарантирано со Устав. А се разбира дека тоа право на Владата и се овозможува, затоа што таа има месеци да работи на законите, има стручни служби, има илјадници државни советници и има неограничено време, за разлика од нас пратениците кои врз основа на овие одредби имаме постојано да бркаме некој

рок помеѓу 2,3 и 5 дена во кој треба да поднесуваме амандмани.

И сега по мене главното. Внимавајте на донесување на законот. Членот 138 кој го разгледува првото читање на законите, дека ако сакате во ова Собрание да дебатирате, вие треба да имате 15 пратеници кои ќе ве поддржат, инаку немате право на збор. Ве уверувам претседателе, дека ова не произлегува од Уставот на Република Македонија. Не може Собранието со акт да го одземе уставното право на пратеникот да дебатира на седница по предложен закон и да му кажете дека само ако 14 други луѓе со него сакаат да дебатираат има право на глас, а ако сакаат уште 12 и тој да е 13-от, нема право на глас, односно право на зборување, на глас во смисла на вокал во ова Собрание. Тоа е пререстриктивно, тоа значи дека, ако јас сакам да зборувам по некој закон и немам поддршка од господинот Макрадули и господинот Вељаноски, или уште некои други, јас сум замолчан. Тоа значи дека пратенички групи кои немаат повеќе од 15 членови, а во овој Парламент мислам дека сме две такви, евентуално три, мислам дека сме две во овој момент. Нема од кого друг да добијат поддршка за да дебатираат. Можам да замислам што ќе се случува со пратеничките групи од опозиција кои ќе бараат право на збор, а имаат 14,12,5,па дури и од владеачката коалиција. Што ќе прави на пример НСДП со 7 пратеници, ако сака да дебатира по Законот за празници кој не го поддржува и никој не му дава поддршка за тоа. Нема да дебатираат, одземено им е правото. Што ќе правам јас како пратеник, ако не ме поддржат 15 од мојата пратеничка група. Значи, ова е апсурден механизам моето уставно право на дебата во Собранието да ми го ограничите со волјата на 14 други со овој деловник. Особено што знам во што ќе се изивитопери ова. Постојано владеачкото мнозинство ќе одбива да даде потписи за да се дебатира, затоа што за нив е важно законот да се донесе, па макар и лош, а постојано мнозинството ќе има бланко списоци од 20 пратеници кои координаторот за секоја точка ќе ги поднесува во моментот кога вие ќе предложите дневен ред, а ние однапред ќе ги потпишуваме со цел да го гарантираме правото на некој наш пратеник ако сакал да се јави за тоа. И бидејќи не сме во ситуација секојдневно по 50 потписи да ставаме за точките на дневен ред, ние ќе ги дадеме бланко, ќе стојат кај господинот координатор и тој на секоја ваша точка ќе ви ги праќа дека имаме право на збор за случајно некој ако сака да дебатира после 10 дена откако ќе го прими законот да сака да дебатира. Ова се апсурдни ситуации. Можеби постојат во Бундестагот, можеби постојат и во парламентарни системи каде што најчесто законите се за измена и дополна на постојните закони. Па имате вие Закон за борба против корупцијата, или Закон за борба против конкуренцијата кој важи 150 години во Америка, или во Германија. И секоја Влада со три амандмани ја изразува својата политичка волја што нешто во него ќе смени, која е нивната нова економска политика. Тогаш е можно вие по тие амандмани да речете: Не сакам во првото читање да зборувам, затоа што во второто ќе поднесам едно зборче амандман што е мојата политичка ориентација. Меѓутоа, во услови кога еве и овој деловник е таков, постојано добиваме закони кои се нови, кои се предлог за донесување, целосно нови. Вие да мора постојано да се борите за поддршка од другите за да го задржите правото на збор, мислам дека е ограничување. Еве, ако е дозволено да кажам и поостар збор директно на демократијата во оваа држава, а израз на демократијата е Парламентот во кој јас сум избран како и сите вие и имам право на збор кој не зависи од вашето право. Мојата ингеренција е изворна, не знам како тоа правниците го кажуваат, извира од Уставот, не е од нечија друга волја, туку е оргинерно право. И ако сеземе сега понатаму дека Законодавно-правната комисија во наредниот член и матичното тело по предлогот на закон да се претресе на седница во рок од 5 дена пред денот определен за одржување на Собранието го закажуваат. Вие закажувате во рок од 10 дена, комисијата во рок од 5 дена, а понатаму пак кај комисијата како се поднесуваат и дебатираат амандманите, значи од 10 се топи до 2. Имаме два дена во кои треба да поднесеме амандман. Апсолутно невозможно да функционираме освен како гласачка машина. Комбинацијата на член 139 и на член 119, еве само да појаснам што пишува во член 119: 5 дена пред денот на одредување на седница. И во член 139 вели: комисијата 5 дена пред одржување на Собранието. Значи вие кога ќе закажете за 10 дена , истиот ден треба комисијата да закаже седница за 5 дена пред тоа, а таа да биде 5 дена пред Собранието. И дојдете на комисијата вие и расправајте. Апсолутно мислам дека е невозможно. Мислам дека се воведуваат прилично сложени и во голем дел непотребни процедури кои ќе завршат или со кршење на деловникот во фазата на донесување, или носење на закони без правен основ.

И во членот 142 тоа што го зборував, дека седница на Собранието за прво читање се однесува ако тоа го бараат 15 пратеници. За мене тоа е несфатливо. И сега штом замине првата фаза, вели дека второто читање се врши во матично работно тело и во Законодавно-правната комисија во рок од 5 дена по одржана седница на Собранието. Значи, Собранието го усвојува првото читање во рок од 5 дена на матично тело второто читање и само во комисијата се има право да се поднесат амандмани во фазата на второто читање. Мислам ние ќе бидеме побрзи од оној тунел под Ла Манш, односно ние само ќе имаме право да кажеме, ова го прифаќам, или не. Нема да имаме право ни да читаме. Проучете го членот 148 во какви услови на второто читање ние преминуваме. Седница се свикува по 5 дена, амандмани 2 дена, веднаш уште по 5 дена втората седница, апсолутно е невозможно да се работи за Собрание на таков начин. Или во членот 150 дека амандманот може да се поднесе

3 дена пред одржување на седница на матично тело. Тоа што го кажував дека имаме 48 часа за поднесување на амандман, а тие 48 часа ги поминуваме во Собранието и тоа јас и одреден број на мои колеги кои сме од Скопје имаме дополнителни 4,5 часа за разлика од нашите колеги кои патуваат 5 часа на ден. Еве, Цветанка од Струмица до Скопје и од Скопје до Струмица 5 часа и седница тука 7,8 часа и таа има право на амандман, или нема? Претпоставувам нема право на спиење. Значи, претседателе, јас би замолил со оглед дека јас нема да го поддржам предлогот за донесување, затоа што концепциски не се согласувам со базата на 9, постапка на донесување на законите. Меѓутоа, ќе го замолам господинот Трајко Вељаноски кој е предлагач да ни достави временски дијаграм на развивање на ситуацијата откако некој ќе поднесе закон во Собранието по денови, да го видиме графички. Нека го изработи, да се соочи со апсурдот дека само Владата ќе има право со месеци да џвака, преџвакува и размислува и дебатира и чека мислења, ако сака и година, а откако ќе влезе во Парламентот имаме 15 дена прво и второ читање. Нека го развие дијаграмот и нека се најде себе си. Јас претпоставувам дека господинот Вељаноски себе си ќе се најде. Работата му е на зеленото копче да притиска секогаш кога му е тоа побарано. Меѓутоа, има и пратеници кои сакаме да дебатираме. Има пратеници кои сакаме и закони да поднесуваме. Со овие одредби што овде сте ги изнаредиле, вие практично ни го ограничувате правото и на дебатирање и на разговарање и на поднесување на амандмани и на поднесување на закони и знам уште во работно тело ќе бидат секогаш надгласувани кај госпоѓата Дулиќ. Се што е од опозиција ќе биде надгласано од 7:5 и нема закон. И во членот 154 повторно откако законот ќе се заврши, во рок од 5 дена текстот до Собранието со вградени измени. За мене е нејасен членот 155 од втората фаза. Јас би сакал тука од господинот предлагач појаснување, иако гледам дека многу, многу не го интересира дискусијата. Овој пат ќе цитирам член. На второто читање на седница на Собрание се води претрес само по оние членови од предлог на закон што се изменети со амандмани на работните тела. Тоа ви гарантирам со оглед дека во сите работни тела има мнозинство опозицијата, дека покрај парламентарната имаме и комисиска гилотиња. Во секоја комисија ќе бидат надгласани амандманите од опозицијата и ние нема да стигнеме до пленарна седница да ги елаборираме. Затоа што вели, на второ читање претрес се води само по членовите што се изменети со амандмани на работни тела. Тие нема да се изменуваат, ама ако е амандманот од Владата, или од некој пратеник случајно од власта кој е повторно од Владата доставен амандман, да. Од опозицијата ќе бидат само пресекувани и на второто читање ние нема да имаме каде што е само по амандмани, само по нив. Јас сакам да ми се објасни што е второто читање, ако во комисиите се елиминираат сите амандмани, а и на комисијата нема право на амандман повеќе отколку пленарната седница на Собранието. На крајот на краиштата, комисијата е работно тело, помошно. Овде го издигнува на ранг од помошно тело на одлучувачко тело. И сега да е апсурдот најголем, предлагачот, или еден од предлагачите на амандманот може да даде образложение во траење од 5 минути и пратеник може да се пријавува и да учествува во текот на претресот по амандманот само еднаш во траење од 3 минути. Па Владата ни предлага нас закони кои се од два амандмани, еве овој за електронски комуникации беа два амандмани и третиот член беше: се објавува во Службен весник. И сега автоматски бидејќи амандманот ти е пристапот, ние на 3 минути ќе се сведеме, или јас го толкувам погрешно, меѓутоа, не верувам. Или апсурдот, имате право на дискусија од 10 минути, а репликата ја задржувате на 3 минути. Во ова Собрание значи по исклучок можам да зборувам третина од правото што ни е дадено по Деловник. И тоа исто е апсурд. Ако веќе на 10 минути е дискусијата, тогаш сведете го и правото на реплицирање на 1 минута, или на 30 секунди. Инаку, каква е логиката јас 10 минути треба однапред да се пријавувам во првата минута 15 души да ме поддржат за да имам право на збор, и на крај да ми дадете 10, а на некој во тој момент ад хок да му текне да притисне копче и да добие право на 3 минути.

Членот 156 по мене е најкритичниот во втората фаза. И тој вели, ако не се одржи општ претрес по предлогот на закон, општ претрес ако не се одржи, тоа значи ако немате 15 луѓе што сакаат да дебатираат, тогаш само се гласа. Претставниците на пратеничките групи можат да го изнесат мислењето на пратеничката група во втората фаза во рок од 10 минути, претпоставувам координаторот или некој друг. Значи, во втората фаза, ако не се поднесе амандман на комисијата која ќе ви го прифати, тука автоматски овој член 156 дополнително ве ограничува вие да дебатирате. Мислам дека е направен еден сплет во кој кога се изготвувал Деловникот не било приоритетно размислување како да ја прошириме демократијата, а и да ја рационализираме, туку само како да го рационализираме времето во Парламентот.

Во членот 158 вели, ако матичното тело оцени дека предлогот на закон не е прифатлив, Собранието одлучува без претрес. Значи, тоа е оној механизам кој опозицијата со овој Деловник ќе се збогува со можноста да предложи закон. Затоа што матичното тело каде што се има мнозинство нема да го прифати и кога ќе го предложи на Собранието само се гласа. Не сакам ни да претпоставувам дека ќе се гласа секогаш против заради тоа што оние од опозицијата што сакаат нешто да сменат преку закон ќе им се одземе и можноста да дебатираат. Ако јас сакам сега да сменам нешто и предложам, вие само по пат на гласање со член 158 тоа право ќе ми го симнете и јас немам право ниту на дебата понатаму. Значи, има многу чудни одредби кои не би протрчал јас туку така на едно, две читања во

Парламентот и донесување, затоа што мислам дека после ќе се соочиме и со други проблеми. Во тој случај како што се првата и втората фаза, третата фаза тука во членовите 162,163 е сведена на техничка работа, не е сведена на работа на Собранието. Третото читање се одржува веднаш на наредната седница после второто читање. Значи, не вика, на седница што ќе се закаже после завршување на второто читање, туку на првата наредна седница по второто читање. Тоа значи дека во рок од неколку дена, ако има наредна седница вие сте должни да го ставите третото читање. И во оваа фаза вели, работните тела не расправаат. И амандман може да се поднесе во рок од 3 дена пред денот определен за одржување на седницата. И мислам дека третата фаза е сведена на техника.

Исто така, не сум сигурен како технички ќе функционира правилото дека дебатата ќе се води на Собрание таква каква што е овде ограничена по илјада основи, а дадена уште само по уставен основ како право да се дебатира. Ако во членот 164 се кажува дека Собранието ќе дебатира по законите и по амандманите, претседателот ја заклучува расправата, а гласањето ќе го закажува во друг ден. Тоа за законот можам и да го разберам.

Се затвора законот, законот го свикувате утре во 12,00 часот. Меѓутоа, да затварате еден по еден дебати по амандманите, а да ги гласаме технички утре во 12,00 часот, е невозможно. Како ќе дебатираме по амандманот број 2, ако не знаеме дали се усвоил. Амандманите технички нужно мора да се гласаат на лице место. Зашто ако се поднесени 30 амандмани нашите дискусии во наредните зависат од степенот на прифатноста на Владата. Ние сите ги дебатираме без да знаеме дека утре како ќе биде гласањето. Мислам дека сме во прилично апсурдна ситуација. Многу чудна ситуација. И дека тоа не може да се примени за амандманите, како што е применливо за законот. Барем како што е овде напишано.

Членот 169 мислам исто дека е пререстриктивен за пратениците,затоа што ја уредува скратената постапка за донесување на законот. Јас претседателе, од последниве две три седници ги земав дневните редови. 90% од законите се по скратена постапка. Пвата и втората фаза, односно првото и второто читање се во истиот закон. Предлог за донесување, со предлогот на закон. За таквата постапка и утрешната седница е и сите седници на Владата. Цело време зборуваат не треба две фази.

Членот 169 вели: “ако Собранието одлучи да расправа во скратена постапка, Предлогот на закон, веднаш се задолжува матичното тело”. Се извинувам, Другата одредба. Кога предлогот на закон се донесува по скратена постапка, не се одржува општ претрес. А општ претрес нема да се одржува, според оваа одредба, во 90% од законите, за што се сите по скратена постапка. Јас сум уверен дека првата фаза мора да се задржи во скратена постапка, која истиот ден, меѓутоа, не можете вие ако е по скратена постапка да одземете право на општ претрес. Вели второ и трето читање се одржуваат на иста седница. Значи прва фаза нема, општ претрес нема, а второто и третото на истата седница. Што значи дека во 90% од законите и оние скудни одредби, каде што треба да бараме причина за да кажеме нешто во Собранието кај другите, а не кај самите себе, ќе ни ги ограничите по член 169, зашто не зборуваме по итната постапка, зборуваме за скратената постапка. Тоа во денешниот систем се вели Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон. Мислам дека оваа одредба треба буквално да се избрише, освен ако Владата не се доведе во инаква ситуација, во што апсолутно, не верувам. Само 10% од законите да бидат во скратена постапка а 90% во нормална постапка. Меѓутоа, тоа не е случај за ниедна влада до сега. Овој е мислам проблематичен член на законот.

Во глава 14, каде што го уредува донесувањето на буџетот и на завршната сметка има повторно ограничување и тоа за закони за кои знаеме со сигурност дека во сите демократски држави најголемата дебата се одвива по Буџетот. Таа трае месец дена. Октомври, ноември се дебатира по Буџетот, затоа што тоа е главната економска мерка на секоја Влада. Овде прв пат сега сретнувам дека се ограничува претресот по Буџетот најмногу да трае три дена. Притоа се соопштува дека расправата ќе биде најмногу 20 минути за еден пратеник. Направете 18 часа, колку што се наши три работни дела, колку минути се, поделете го со 120, ќе забележите дека сме вградиле одредба дека дури и во идеалната ситуација повеќе од половината од нас нема да имаат ниту можност да се изјаснат на пленарна седница по Буџетот. Скратено е правото на најмалку 60 пратеници. Ќе зависи од министерот за финансии колку долго тој ќе сака да дебатира во овие три дена, а ќе добива збор постојано и нашето право ќе се топи со секое негово јавување за збор, еден пратеник помалку од оние скудни 18 часа по буџетот. Мислам дека ниедна држава, особено во Европска унија која претендира да оди, не заслужува да и се ограничи дебата на Буџетот во рок од 18 часа, зашто тоа е главниот инструмент за дебата. И особено што има и други одредби кои Владата не ги почитуваше во оваа фаза на Буџетот. Тука пишува со потребна документација согласно со закон да го достави буџетот. Тоа е исто и во сегашниот закон, за што се реферира во Законот за буџети. Владата оваа година го достави Буџетот некомплетен. Јас за тоа зборував на говорница, без фискалната стратегија трогодишна и без стратегијата за јавен долг го достави Буџетот. Значи, без проекции кои со закон се нужни, инаку не може да се води расправа. Меѓутоа, овде општиот тренд е тргнат во насока на инсрументализација на Собранието за гласање. И од тие причини, можам да ја сфатам логиката дека дури и кај буџетот ограничувањата треба да бидат на ниво кој ќе овозможи да се

дебатира за гледаме, растечките трошоци на државата секојдневно.

Од овие причини, почитувани пратеници и почитуван претседателе, јас мислам дека на овој деловник му недостигаат суштински објаснувања и суштински одредби, за да парламентот може да работи демократски. Дека во одредени домени го повредува уставното право на пратеникот кое не произлегува од правата на другите, туку од само неговото лично право и затоа сметам дека деловникот треба да биде повлечен. И ако се сака да се изврши модернизација во Собранието, треба да се повлече, да се разгледа како тој деловник ќе функционира, кои права ги ограничува и после тоа да се достават нови измени кои ќе бидат во насока да им овозможат на пратениците квалитетно да работат, а не во насока да ги направат пратениците на статистички 120 бројки кои ќе имаат право да притиснат овде на едно од трите копчиња со боите на семафорот, зелено, црвено или жолто, и со тоа да ја завршат својат аработа. Тоа Парламентот нема да го направи. Парламентот ќе го направи, на почетокот кажав, антипарламент, односно гилотиниран парламент.

Затоа, инсистирам да се повлече и многу посериозно да се пристапи кон улогата на пратеникот.Знам, дека парламентарното мнозинство до сега малку е во еуфорија поради новосоздадените односи на политичката сцена со нова коалиција, нова Влада и сметаат дека тоа не е потребно, но ги уверувам дека е потребно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Господине претседателе, го користам правото што сакам да зборувам со колегата Поповски само за една теза. Значи, целосно ја поддржувам неговата дискусија за забелешките што ги имаше по членовите, но не можам да се согласам со него дека урнекот за предлагачите бил Врховниот Совјет на славната Советска држава. Мислам дека некој можеби несвесно ја турка Македонија уште поназад во историјата. Бидејќи вие милувате историја, можеби вие ќе кажете нешто повеќе, кога јас во неговата дискусија на господинот Поповски што препознав. Препознав страв дека во Македонија ќе се уништи парламентаризмот. Тоа веќе се случило еднаш почитуван господине Поповски, во светската историја. Римската империја така почнала да пропаѓа, кога почнал да се руши парламентаризмот. Кога некој како досегашниот предлагач, или неговиот наредбодавач решил дека не треба да има многу парларе, односно многу говорење, туку е добро само еден да говори, принцепсот. И тоа што ќе го каже принцепсот орационе принципу да биде еднаш засекогаш изгласано. Но, воведувајќи го принципатот, почитуван господине Поповски некому се уарнило, па решил, зошто кога веќе ја замолчел опозицијата тогашна, зошто не оди чекор понатаму. Тогаш, што ќе му е и позицијата. Тоа го направил во времето на доминатот, почитуван Никола Поповски, еден император, не знам дали Македонија бара сега свој Калигула, но еден император по име Калигула решил да ја доведе целата работа до апсурд и да покаже дека може да биде господар или бог, како што сака некој сега од ВМРО ДПМНЕ веројатно да биде и решил да проба во еден парламентарен состав ергелата коњи на славниот Калигула да бидат пратеници.

Значи, почитуван Никола Поповски, мислам дека подалеку е отидена работата. Овој парламентарен состав на ВМРО ДПМНЕ не сфаќа дека прифаќа да биде ергела, но дефинитивно, ние можеме да се разликуваме за многу работи. Верувам дека опозицијата нема да прифати да бидат магариња, кои само ќе имаат право да рикаат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Фадил Сулејмани. Повелете вашите три минути.

**Фадил Сулејмани:** Почитуван претседател на Парламентот, почитувани пратеници ве поздравувам, правото на употреба на јазикот на еден народ е право кое што потекнува од културата е компонента која што е многу значајна и чувствителна компонента на неговата етнокултура и како таква тоа е универзално право кое што се заснова врз сите меѓународни конвенции за правото и слободата на човекот. Македонската влада ги има потпишано сите тие конвенции. Конкретно кога се зборува за правото на употреба на албанскиот јазик во институциите на системот во Македонија и овде во парламентот и во работните тела на Собранието. Тоа е во потполна согласност и со Охридскиот рамковен договор и со уставот на оваа земја.

Од друга страна, правото на употребата на јазикот, кој што е над 20%, како што е определено со Охридскиот рамковен договор и со Уставот на оваа земја и е дел од реформите на Република Македонија за спроведување на овие демократски процеси. Ова ќе овозможи полесно да се интегрираат нашите граѓани во демократските процеси и текови на Европска унија и на другите структури Евро-атлански. Ние можеме да ги интегрираме нашите граѓани во инстутуциите на системот на државата не со спорење на нивните права културолошки и национални права, туку напротив, прифаќајќи ги и признавајќи ги истите.

Од друга страна, што се однесува на практичниот дел секој поединец полесно се изразува и попрвилно кога се изразува на својот мајчин јазик отколку со некој друг јазик. Тука нема никаква причина некој да се плаши, нема причина да стравува, доколку албанскиот јазик се употребува покрај на седниците на Парламентот, како што јас сега зборувам на мојот мајчин јазик, истото да се прави и на комисиите на овој Парламент, меѓутоа, и во текот на претседавањето на овие седници на комисиите или пак на Парламентот. Ова беше прифатено и е за поздравување. Премиерот Никола Груевски во едно интервју се изрази на еден хуман и демокртски начин дека кога можат

членовите на една комисија да се изразуваат на албански јазик, зошто да не може и претседавачот на оваа комисија да се изразува исто. Само на овој начин ние можеме да одиме напред во спроведувањето на реформите кои што се демократски, хумани во оваа земја. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јави Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Тоа од што страхувам дека се случува во нашиот Парламент, јас зборував за аргументи, за процеси, за Рамковен договор, за одредби од Рамковен договор, за уставни одредби, а од друга страна сега од господинот Сулејмани слушнавме политичка изјава, дека секој има право да зборува на својот јазик. Се согласувам, секој има право да зборува на својот јазик. Меѓутоа, госпоѓа Кипаризовска нема право да зборува на својот јазик. Сега што правиме? Мора да го уредиме со некој акт. Како ќе го користиме својот јазик. И ние кога одиме во Советот на Европа, или во НАТО немаме право на својот јазик. Некаде имаме, некаде немаме. Се е уредено со закони. Никој никого не ограничува. Туку само сакаме да се почитува тоа што сме се договориле и тоа што е во рамки на системот.

Инаку, проширувањето на Рамковниот договор не го спорам. Ама тоа треба да се случи и да се прошири Рамковниот договор. Зашто правото на проширување на Рамковниот договор на одредена групација во Парламентот кога ќе и се даде, автоматски на таа групација ќе и се даде право и рестриктивно да укине одредби од Рамковниот договор. Тогаш господинот Фадил Сулејмани дали вака ќе зборува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Галиб Каба имате реплика од три минути на господинот Никола Поповски.

**Галиб Каба:** Ви благодарам.

На почитуваниот пратеник ќе му реплицирам посебно во однос на членот 3 од Деловникот. Квалификацијата која господинот му ја врши на членот 3 е во националистички стил, по мое мислење. Неговата квалификација е непродуктивна и не би сакал да ја споредам со некој пратеник балкански од стилот на Шешељ, или инербалкански од стилот на Жерновски.

Мислам дека господинот Никола Поповски како интелектуалец, како висок функционер со мандат на политичар од речиси една деценија треба со зрелост да му пријде на овој проблем. Уште повеќе кога се засегаат националните прашања на еден народ. Деловникот најнапред е точка каде треба да се почитуваат стандарди и е еден законик кој исполнува услови пред меѓународнот фактор. Деловникот треба да биде еден кодекс на взаемно разбирање или добро однесување и дисциплина во овој законодавен дом. Деловникот исто така, е еден мини устав на овој дом, каде такстативно треба да се согласат нашите стандарди со стандардите на напредните држави и со развиена демократија.

Вие господине Поповски работите ги искривувате и објаснувањето за оваа тема, посебно за овој член ги вршите како што ви се допаѓа и како што ви одговара вам. Не ги исклучувам вашите забелешки во однос на неколку члена кои можат да држат и држат и ќе бидат прашање на расправа во натамошната фаза.

Мислам дека и во државите со нова демократија како што е Србија, употребата на јазиците на малцинствата е уредено многу подобро од што можете вие да го замислите. Значи, и во однос на употребата на албанскиот јазик и на материјалите на оваа националност е уредено во оваа наша соседна држава.

Мислам дека амандманот 5, од Уставот е добро да се објасни и да се уреди кај вас и во вашиот мозок на точен и прецизен начин. Ова мислење треба да го имате предвид. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Прво, претседателе на вашето достоинствено бранење на позицијата на пратениците во Парламентот. Тоа ми заличи на вас.

Господине Каба би сакал само да ве потсетам дека  токму од вашата уста во овие три минути излегуваше јазикот на омразата и речникот на оние двајца со кои се обидовте мене да ме споредите. Токму така настапуваат тие двајца, со дисквалификации, со омраза, со напади, со искривоколчување, со увреди кон своите противници. Тоа нив ги карактеризираше. Вие настапувате точно со нивниот јазик. Аргументи не слушнав.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Флора Кадриу.

**Флора Кадриу:** Господине Поповски, освен можноста за слободно изразување на мислењето, размена на разни мислења, освен почитувањето на нашите диверзивности и на  разликите меѓу етникумите во едно општество, покрај однесувањето, редот, а не хаосот во државните институции, во самото општество во кое ние живееме и придонесуваме, демократијата подразбира и разбирање и долерантност. Меѓутоа, вие во вашата дискусија јасно кажувате дека сте против употребата на албанскиот јазик во работните тела, кога нивните претседатели се лица од албанска припадност. Со тоа јасно докажувате дека вие не сте и не сакате да бидете толерантен и да имате разбирање ниту тогаш кога се говори за доброто на оваа институција, највисок законодавна институција во Република Македонија, ниту за граѓаните, ниту за доброто на самата држава. Значи вие дозволувате комисиите на Собранието да не функционираат, иако таму се водат дискусии за соодветните закони. Вас таа работа воопшто не ви смета. Со тоа, господине Поповски докажувате дека сте подготвен за се што е непрогресивно и непродуктивно, само за да не се употреби албанскиот јазик. Меѓутоа, јас потполно ве разбирам затоа што до колку имавте

едно поинакво мислење и став од тоа што сега го претставивте, значи што се однесува на употребата на албанскиот јазик во комисиите, тоа ќе го докажевте во минатиот мандат. Затоа грешките што ни ги оставивте во наследство, заедно со ДУИ, денес парламентарното мнозинство се обидува да ги поправи, меѓутоа вие во континуитет продолжувате да ја спречувате оваа работа.

Дали, господине Поповски, и ограничувањето на времето од 10 минути ви смета? Зарем не ви се доволни 10 минути да го изразите вашето лично мислење, или пак се ограничува можноста на повторување на тези и се ограничуваат долгите неконструктивни дискусии, деструктивни и досадни дискусии, како што беа оние во текот на донесувањето на Законот за полиција и во текот на донесувањето на законот за празниците кои ни го подготвија пратениците од опозицијата, посебно ДУИ.

На крајот, кога вие не дозволувате употреба на мајчиниот јазик на ентитетите кои се 25% во Република Македонија, тогаш немојте воопшто да ја спомнувате Анита, таа која е од влашка припадност.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** На госпоѓата Флора очигледно дека ни три минути за реплика не и се доволни, а таа бара другите да имаат дискусија за документи, само за 10 минути.

Инаку, госпоѓа Кадриу да ви Кажам, тоа што се обидувате да го препишете е кратковидо, затоа што јас тоа не го зборувам. Вашата партија и вашиот лидер го потпишаа Рамковниот договор. Арбен Џафери го потпиша Рамковниот договор. Вашата партија го изгласа Деловникот кој сега е во сила. Вашата партија го изгласа Уставот на Република Македонија и јас дебатирав со тие акти. Тоа што вие дебатирате со јазикот на оние кои немаат аргументи и кога ќе се најдат во некаква ситуација да не можат по документи да дебатираат, најчесто се обидуваат да ја издигнат ситуацијата надвор, по пат на бранење на некакви непостојни опасности и тн., е само ваш проблем. Мене ми е жал што паднавте во таа замка.

**Љубиша Георгиевски:** Благоарам.

Три минути реплика за господинот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине претседателе.

Колегата Никола Поповски имаше едно исцрпно излагање и гледам дека доста го проучил Предлог-деловникот и навистина голем дел од забелешките што ги истакна држат место и јас сум убеден дека и парламентарното мнозинство и предлагачот, еден добар дел од тие забелешки ќе ги вгради во конечната верзија и ќе ги прифати, затоа што очигледно држат место.

Меѓутоа, јас не можам да се согласам, исто така, со неколку ставови на колегата Поповски, посебно со една негова, би рекол, намера, дискусијата за деловникот да ја одведе во насока на толкување на Охридскиот договор, со една драматика во неговото обраќање, но исто така и со една доза на албанофобичност, би рекол, во тој дел, што се разбира не е добро и едноставно не кореспондира со неговите досегашни ставови. Гледам во тој дел или евалуирал или јас лошо сум го разбрал. Знчи, решението што го предлага новиот деловник решава една практична ситуација во која, ако сте пратеник од албанска националност и ако сте обичен член на комисијата, имате право да зборувате и да се обраќате на својот мајчин јазик. Меѓутоа, ако седите на другото столче, што значи претседавање со комисијата, тогаш го немате тоа право. Мислам дека тоа е една ситуација која и во изминатиот период ја имавме и ситуација која навистина заслужува да биде сериозно третирана и сериозно решавана. Овој деловник прави обид на еден таков разумен, широк начин да го реши тоа прашање кое, пак ќе повторам, е практично прашање.

На седниците на комисија, сите колеги знаат, нема говорница и таму се седнува на столчињата на таа округла или во облик на буквата П маса и навистина е непријатно чувството еден пратеник има или нема право да говори на својот мајчин јазик, што му го дава тоа право Уставот, во зависност од тоа на кое столче седи. Јас мислам дека то е една ситуација што се обидува да ја реши овој деловник на најсоодветен начин. Ако имате подобар или посоодветен начин за да се реши таа ситуација, тогаш предложете го тоа, само немојте да тврдите дека најдоброто решение е она што беше во претходниот состав кае што цели комисии не можеа да се одржат токму заради нерешавањето на ова прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Јас имам едно прашање до господинот Китановски:

Дали, ако се залагате за уставност е албанофобичност? Меѓутоа, дали ако се залагате да се применува Уставот со тоа што ќе сакате да го исфрлите македонскиот јазик таму каде што е пропишано да се употребува, е македонофобичност? Не знам зошто господинот Китановски сега има фобија од употреба на македонскиот јазик.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за гопсподинот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Ќе бидам краток, и покрај тоа што ме обвини господинот Поповски дека не сум внимавал во неговото излагање, јас внимавав и забележав на кои членови од негова страна имаше забелешки.

Прво, имаше забелешки кои одеа во прилог на подобрување на работниот текст и Предлогот на деловникот што овде е доставен, што сепак ќе си земат предвид. Меѓутоа, имаше и такви кои, за

чудо, од негова страна  се кажа како пак можело да се изигра некое решение кое е предвидено во деловникот. Еве на пример, спомна кај потпретседателите.

Кај потпретседателите што сакаме, не на добра волја на мнозинството, како што беше во претходните состави, туку да има стриктна одредба во која ќе се задолжи мнозинството да мора да има избор на еден потпретседател од редовите на опозиционите партнери. Сега тој кажуваше некои варијанти со три, со четири и со пет потпретседатели и пак да бидат изирани опозиционерител Не е тоа интенцијата. Интенцијата е нормативно да биде решен изборот на потпретседател.

Кај Глава ИХ  што вие кажавте, каде што имате најмногу забелешки на Деловникот, каде што е разработена  прва, втора, трета фаза од носењето на законите во Собранието, не знам зошто и покрај тоа што сте економист, јас мислам дека добро ги разбирате работите, процедуралните, долго време сте пратеник и не знам зошто баш не ги разбирате тие фази на работа.

Првата фаза е, како што денес расправаме, фаза за потреба од носење на некој закон. Тоа е прва фаза каде  пишува член 138 и добро е, како што имаме многу закони овде што ги носиме, каде воопшто не се јавува некој. Зошто тогаш да го ставаме на дневен ред на седница на Собранието, кога може со еден прост премин на таков тип на закон каде што се гледа дека има усогласеност од потреба на носење на закон, без да се расправа на Собранието, да се губи време, да се трошат пари, да помине таа прва фаза и до колку има заинтересираност од 15 пратеници, да се разлгеда таа  прва фаза овде на Собранието, тогаш треба да се даде ситуација каде ќе се дебатира овде за потреба од носење на законот. Тоа е интенцијата.

Втората фаза е многу битна. Тоа е фаза каде се работи на работните тела. Тука е ставено тежиштето на работа на ова Собрание на работните тела. Таму треба да се работи. Таму сите пратеници треба да го дадат својот придонес во однос на носењето на некој закон, носење и поднесување на некои амандмани.

Третата фаза е пропишана во член 162, а тоа е тогаш кога комплетно ќе се заврши расправата, како што е во амандманите на  законот, кога се носат законите сега по постоечкиот Деловник и мислам тогаш само општо се кажува ставот на одредени пратеници и одредени пратенички групи, како ќе гласаат по одредени закони и зошто е добар или не е добар закјонот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една мионута контра реплика за пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Прво ми смета, било кој предлагач, кога тоа што му се допаднало, ќе рече ова беа конструктивни, а другите не се. Ако за вас не се конструктивни, за тој што зборува се конструктивни. Тоа е Парламент. Затоа се разликуваме од вас, затоа ние сме левица, а вие сте деснизца, затоа вие имате едно, а ние друго сфаќасе и не може само тоа што ви се допаѓа да е конструктивно.

Конкретно за овие две работи да кажам следното:

Прво работните тела на Собранието, самото име вика работни гела, а не Собрание, а во овој деловник на работните тела им се дадени ингеренции кои го суспендираат Собранието со нивна одлука. Ако тие прифатат амандман оди на Собрание, ако не го прифатат не оди.Значи работното тело се ставило над Собранието, а не е негово помошно работно тело. Тука никогаш нема да имаме исто мислење.

Второто, во врска со волјата за дебата.Вие кажавте, кога никој не се јавува, во тој момент нема расправа. Тоа е едната крајност. Другата крајност е пак, ако 10 луѓе скаат да расправаат по законот, да не можат да расправааат, затоа што имаат потреба 15 да го прифатат. Тоа е другата крајност.Н ие сме 120 пратеници, секој сам за себе пратеник. Тука во Уставот пишубва по совест гласа и разговара пратеникот. Мојата совест не зависи од други 15. Затоа сум и тука во разлика со вас. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

(Давам пауза до 15.05 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,08 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, да продолжиме со седницата.

Продолжуваме со работа.

Бидејќи пратеникот Славица Грковска е отсутна од салата, му давам збор на пратеникот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Сметам дека оваа тема е доста актуелна и потребно е да се дискутира иако не го делам мислењето дека треба да дискутираме саат и 30 минути како што се случи претходно поради тоа сметам дека сите паметни работи можат да се кажат во потесен период од аспект дека треба да водиме ирационален начин на водење на политиката во Собранието во смисла на тоа да обезбедиме поголема функционалност и она што претставува трошок на Собранието да го сведеме на што е можно помало ниво, а резултатите да бидат поголеми.

Сметам дека за таквиот принцип на работа сите ние како пратеници во изборните кампањи сме се залагале, сме дискутирале пред граѓаните и мислам дека е чесно дали сме позиција или опозиција да го применуваме тој начин, да не ги злоупотребуваме сите возможни начини во Собранието како некои работи би се одоговлекувале се повеќе и повеќе.

Во денешниот ден имавме прилика да видиме како во реплики на дискусија се дискутираа теми од здравство, теми од економијата, работи кои апсолутно немаат никаква врска со говорникот,

беа дискутирани денеска на одреден начин во склоп на дискусијата по деловникот. Таквиот начин на водење на дебатата апсолутно ми даде дополнителен момент во смисла дека е одговорно што дел од пратениците го предлагаат пред Собранието односно нови принципи на работа на Собранието во смисла на организирање на работата преку нов деловник.

Среќен сум донекаде што предтходниот дискутант беше првиот дискутант од опозицијата кој се осврна на текстот на деловникот во смисла на тоа што се нуди, дали можат да се понудат подобри варијанти или не можат, сметам дека таквите дискусии можат да доведат до олеснување на политичкиот дијалог внатре во институциите поради тоа што тоа е принципот да се понуди нешто подобро, да се вклопи некој предлог од она што го имаме како предлог, јас така ја разбирам и ја гледам работата на опозицијата, а не ја гледам никако поинаку од тоа.

Искрено ме чуди променливоста на ставот на СДСМ како главна опозициона партија во Парламентот поради тоа што 4 пати се менува ставот на СДСМ по однос на деловникот. На почетокот не прифаќаа нов деловник, па потоа прифаќаа нов деловник, но да се применува од 2010 година, после тоа прифаќаа деловник да има од овој момент, но да нема ограничување на дискусиите, како најзначаен дел од промените во деловникот, за да на крај во текот на денешната дискусија повторно можеме слободно да заклучиме дека СДСМ пак се враќа на првичната позиција дека не прифаќаат нов деловник. Сметам дека не е сериозно ни пред институциите на државата, а уште помалку пред граѓаните таквата променливост на ставот на СДСМ. За да се ицира и презентира политичка волја, во основа треба да се има одреден конзистентен став, да се знае ставот, да знаеме кој за што се залага, дали власта се залага за 10 минути, дали опозицијата се залага за неограничена дискусија, дали се залага за два пати по 10 минути или за нешто повеќе итн. Беа спомнати повеќе различни дискусии. Мене ми недостасува јасен и концизен став на СДСМ од аспект дека во последниот месец дена 4 пати е променет ставот на СДСМ по однос на деловникот.

Јас мислам дека станавме банални пред граѓаните на Република Македонија со овие долги дискусии, станавме банални можеби со темите кои граѓаните не ги сметаат за толку значајни, но јас би се замислил како припадник на владеачкото мнозинство во случај ако таквиот начин на дебата и таквиот начин на дискусија беше по поединечни теми, по исклучоци. Во овие 4-5 месеци имаме апсолутно идентичен пристап кон работата во Собранието од страна на опозиционите партии по однос на сите теми. Дали станува збор за Законот за полиција, дали станува збор за законот за празници, дали станува збор за деловник, за Буџет, сите значајни работи кои требаше Собранието на Република Македонија да ги донесе во претходниот период апсолутно беа одоговлеккувани, одоговлекувани итн. Значи, таквиот принцип во ова Собрание, според мене, го наметна опозицијата. Сметам, без разлика кој е политичкиот интерес на партиите од опозицијата, таквиот начин на работа на Собранието на Република Македонија е штетен за државните и националните интереси на Република Македонија. Од ова Република Македонија, со таквиот начин на работа на опозицијата не може ништо да придобие. Јас ја разбирам потребата од опозицијата да се избори за политички простор во Република Македонија, разбирам ако опозицијата има сериозна намера да ги критикува штетните или не добрите потези на оваа власт, меѓутоа, не разбирам дека апсолутно по секоја тема опозицијата ја има истата тактика, тактиката на кочење и на забавување на процесите во Република Македонија. Сметам дека оваа тема е многу сериозна и може да направи дисторзија во политичките процеси во Република Македонија, сметам дека опозицијата треба да ја преиспита својата тактика во желбата да ја сруши новата власт што е можно побрзо. Сметам дека има премногу искуство кое може да се црпи од модерните западни држави и од оние држави кои пред 10-15 години беа на наше ниво дури и полошо од нас, а сето тоа да биде во интерес на државата.

Јас би го повторил ставот на заменикот координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека ВМРО-ДПМНЕ уште во својата изборна програма и во предизборните настапи апсолутно го посочи Собранието како место каде државата треба да реагира односно каде има нефункционалност, нерационалност и неефикасност во работата. Таквата состојба во Собранието на Република Македонија можеби е изразена во последните неколку месеци откако опозицијата го применува ваквиот начин на работа, меѓутоа, таквиот впечаток за Собранието на Република Македонија граѓаните го имаат во континуитет 15-16 години. Јас не сакав да ја оптоварувам мојата дискусија со прецизни бројки, меѓутоа, ако сакате и тоа можеме да го обезбедиме, на сите анкети кои се спроведувани во Република Македонија за последните 10 години можеби само судството беше послабо оценето од Собранието на Република Македонија, меѓутоа, работата на судството е негативно оценета од граѓаните од сосема други причини. Од институциите на власта Собранието на Република Македонија апсолутно секогаш имало најниска поддршка од граѓаните на Република Македонија и најмалку ја гледале ефикасноста на работата во Собранието.

Значи, ваквата констатација не е констатација на ВМРО-ДПМНЕ после 4 месеци владеење. Ваквата констатација е првична и примарна констатација на граѓаните на Република Македонија во сите овие десетина години без да напаѓам кој бил власт, кој бил опозиција или кој сега е власт, а кој е опозиција. Таквата констатација ВМРО-ДПМНЕ ја имаше во својата програма и ВМРО-ДПМНЕ понуди модел со кој ќе се обиде да ја реши таквата состојба во Собранието на Република

Македонија. Би сакал да ги негирам сите тврдења дека ВМРО-ДПМНЕ ова што сега го прави со деловникот не го понудил во текот на изборната кампања. Би сакал да спомнам дека во многу европски држави постои ограничување на дебатите од аспект да се обезбеди ефикасно, рационално, плодотворно работење на Собранието.

Во Данска ограничувањето е на 5 минути, во Полска е на 10 минути, во Албанија е на 10 минути, во Хрватска е на 10 минути, во Србија е на 10 минути, во Франција е на 30 минути за цела пратеничка група, тука има право координаторот плус два пратеници да зборуваат, во Италија ограничувањето е на 20 минути, во Шпанија ограничувањето е на 10 минути и во Грција ограничувањето е на 8 односно на 10 минути во зависност од редоследот на дискутантите.

Намерно направив една ваква шаренолика листа која ќе ја презентирам пред вас поради тоа што пред неколку дена некој од пратениците од опозицијата ја обвинија власта дека ние се обидуваме да правиме компарација со парламентите на Германија и Франција кои се сосема различни по големина како држави, како парламенти итн. Во овој список што ви го прочитав ги имате сите можни големини и правци на делување на територија на географска Европа.

Би сакал исто така да се обидам да ја разрушам дилемата дали е доволно 14 пратеници да предложат деловник, според Уставот на Република Македонија и еден пратеник може да предложи деловник и тука нема дилема. Ако опозицијата мисли дека требало 61 пратеник да го потпише деловникот за да влезе во процедура, тогаш ќе испаднеше веројатно спротивно на она што вие го градите како теза дека треба да има дебата, ако има 61 пратеник значи мнозинството од пратениците се согласуваат со таквиот деловник, напротив, јас би сакал да го потенцирам и да го поздравам фактот дека деловникот не се носи во една фаза, туку ќе се носи во две фази. Јас оваа дебата така ја разбирам, да ги приложиме нашите забелешки, да ги приложиме нашите мислења за да може предлагачот односно предлагачите во наредните фази да вградат дел од оние аргументи кои навистина би држеле ефикасност.

Овој деловник кој сега е на сила покажа нефункционално, нерационално и неефикасно работење на Собранието, ги кажав кои се моите аргументи за што го имам тој впечаток и според досегашниот деловник, за жал битно е маргинализирана улогата и значењето на работните тела на Собранието каде во суштина треба подлабоко и поаналитично да се пристапи кон законите и сите други акти кои се во процедура во Собранието.

Промените кои ќе следат со новиот деловник се во делот на постапката за донесување на закони, нагласување на улогата на работните тела, рационализација на текот на седниците, утврдување на рокови за преземање на определени дејства на Собранието, во делот на конституирање на Собранието, во делот на правата и должностите на пратениците итн.

Ова го прочитав за да не се добие погрешен впечаток дека само на една тема е целиот деловник, дека е само на темата дали ќе има дискусија од 10, 15, 20 минути или неограничени дискусии. Слично на ваквиот начин на поставување на деловникот можете да најдете во Словенија, Финска, Бугарија итн.

Благодарам за времето, сметам дека ми беа сосема доволни 10 минути за да го образложам мојот став.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димовски.

За реплика се јавија Ацо Киров, Весна Бендевска и Андреј Жерновски.

Започнуваме по ред, три минути за реплика има господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Еве нашиот колега Илија Димовски се потруди некаде околу 10 минути да биде на говорницата со цел да ни докаже дека некои работи можат да се кажат и за 10 минути.

Тој, нашата пратеничка група ја обвини за неколку работи, дека имаме различни ставови и на почетокот сме имале еден став, сега имаме друг став, што не е точно. Дека нашите дебати се штетни за ова Собрание, дека правиме трошок на Собранието со подолги дискусии итн.

Колега Димовски, колку имам сознанија вие сте биле во Советот на општина Велес. Имам сознанија дека вие сте биле најдолгиот говорник на говорницата во Велес, дека таму во Велес не ви биле доволни 30 до 40 минути, дека неколку пати се прекинувани седниците на Советот на општина Велес поради вашите долги дискусии. Како сега оддеднаш 10 минути ви се доволни овде како позиција, а во Советот на општина Велес како опозиција не ви биле доволни 10 минути. Или, за една обична работа во Велес, за асфалтирање на еден сокак сте почнале да зборувате од Владата преку градоначалникот, па да дојдете до оваа уличка да дебатирате.

Значи, треба да бидете искрени кога сте опозиција и позиција да зборувате исто, а не како што е сегашната состојба зборувате или сакате да не ограничите на 10 минути.

На крајот, сакам да ти пренесам дека ако ние го девалвираме, како што кажа ти, овој Парламент, мислам дека и вие го девалвирате со вашите неприфаќања или со вашата маргинализација и одземање на демократското право на опозицијата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Контра реплика од една минута за пратеникот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе,

На почетокот сакам да му се заблагодарам на колегата Киров за политичка реклама што ја направи за мојата работа во Советот на општина

Велес. Јас апсолутно не се срамам од тоа што сум го работел, напротив, можете да се консултирате со граѓаните на општина Велес дали впечатокот за мојата работа во изминатите 6 години како советник е позитивен или негативен. Само како компарација јас би ви кажал неколку факти. Советот на општина Велес брои 23 советници, Парламентот брои 120 пратеници. Можноста да се искажат ставови е многу поразлична. Советот на општина Велес ја чини општина Велес одржување на една седница околу 60 илјади денари, значи 1000 евра, а Собранието на Република Македонија во еден ден седница троши над 25-26 илјади евра. Токму за тоа зборував господине Киров. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димовски.

Реплика од 3 минути има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Јас би сакала да реплицирам токму на оној дел кога пратеникот Димовски ја обвини опозицијата дека претставува кочничар на реформските процеси кои упорно се обидувала да ги спроведува Владата на господинот Груевски. Меѓутоа, јас ќе ви напоменам господине Димовски, вие не можете да претендирате да видите успех на владеачката гарнитура без постоење на конструктивна и јака опозиција. Опозиција, која ќе претставува коректив на вашето владеење. Вам тоа не ви одговара и вие упорно се обидувате во отсуство да го замрете политичкиот дијалог, да го замрете секое различно мислиње од мислењето на господинот Груевски, бидејќи тој е единствен репрезент на владеачката гарнитура, барем до сега во првите 6 месеци од преземањето на власта.

Околу деловникот, имаме јасен конзистентен став, напротив тоа што вие се обидовте од говорницата да го соопштите. Значи, прво не се согласуваме со тајмингот, ни една владеачка гарнитура не смее да си дозволи на почетокот на мандатот да менува деловник како нормативен акт за работата на Собранието и работните тела во него. Бидејќи тоа претставува опасен преседан, бидејќи би можело да стане почва секоја идна владеачка гарнитура на почетокот од својот мандат да дава иницијатива да го променува и да го модификува деловникот по свои сопствени видувања и барања.

Второ, начинот на кој се обидувате да го протнете токму во ова време овој деловник. Значи, тоа е време кога во Собранието на Република Македонија ги немате две опозициони партии од албанскиот блок ПДП и ДУИ, се обидувате упорно да не маргинализирате и нас како најголема политичка опозициона партија за да можете да оставите простор на оваа Влада комотно да работи и да ги остварува своите замислени сценарија на владеење. Значи, се обидувате да донесете комплетно рестриктивен деловник, се обидувате да ја замолчите опозицијата, да ја маргинализирате комплетно, да ја контролират, само со цел ова Собрание да не може, согласно Деловникот, кој произлегува од Уставот на Република Македонија, да биде политички контролор на начинот на кој Владата ја спроведува односно не ја спроведува својата програма. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута има претеникот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе,

На почеток сакам да изразам задоволство поради тоа што репликата на колешката Бендевска за прв пат, колку што паметам е во насока на дискусијата. Досегашното исксутво кажуваше обратно, а се надевам дека така ќе биде и во иднина. Во нејзината реплика беа три поенти.

На секоја власт и треба конструктивна и јака опозиција, јас се согласувам, меѓутоа дали ќе биде коснтруктивна и јака опозицијата зависи од позицијата, не зависи од власта. Како што гледам во последно време слабо им оди да бидат конструктивни, а уште послабо им оди да бидат јаки, барем така анкетите кажуваат.

Кога треба да се менува Деловникот, тоа беше втората поента, граѓаните на Република Македонија истиот впечаток го имаат повеќе од 10 години за работата на Собранието. Среќа е што некој уште не се нашол и во овој момент да го менува Деловникот во насока на ефикасност на работата и во однос на тоа дали е рестриктивен Деловникот, ќе прочитам Данска, Полска, Албанија, Хрватска, Србија, Франција, Италија, Шпанија, Грција и т.н. го имаат истиот начин на работа. Благодарам.

**Бесим Догани**:Благодарам.

Три минути за реплика на господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван колега со внимание ја проследив вашата дискусија и сакам да ви поставам неколку прашања.

Прво, да прокоментирам за стратегијата на парламентарната група ВМРО-ДПМНЕ, која што според мене е погрешна. Има теми за кои што ми се чини дека треба да зборуваат, условно речено, новите парламентарци има теми за кои што треба да зборуваат, за да има поголема тежина и поголем факт искусните. За мене, нема да кажам несимпатично, меѓутоа чудно кога нов парламентарец, со само неколку месеци искуство зборува за тоа колку е непродуктивен Деловникот и работата на Парламентот и т.н. Јас лично сметам, како сакате сватете, но тоа е добронамерен совет дека таа работа треба да ја преземат парламентарците кои што работеа во претходниот состав и кои што од своето богато искуство заклучиле дека Парламентот е, како што велите кочничар на сите процеси. Зошто не се јавуваат парламентарците од претходниот состав според мене имаат многу сериозна причина, за која што јас сеуште ќе ги чекам да дискутираат за да со нив размениме мислења.

Она што не можам да го разберам е што една од интенциите на вашите дискусии, вклучувајќи ве и

вас почитуван колега, јас сваќам дека до парламентарните избори ние бевме виновни што во Република Македонија состојбата е лоша, според вас. Дојдоа изборите, јас слушам од вас сега повторно дека ние сме причина зошто во Република Македонија не одат работите. Тука ќе мора официјално да се договорите сами со себе. Значи, вие кога сте во опозиција другите ви се виновни и кога сте на власт пак другите ви се виновни. Пак ова го поврзувам со тоа што вие рековте, јас многу почитувам што вие сте се потрудиле да ги пренесете искуствата од другите западни земји, од искуствата на западните демократи, а таму во Парламентот не можете да слушнете како власта се жали дека е неуспешна поради опозицијата. Тоа е невозможно и никаде нема да се слушне, а ако се слушне се доживува како еден прилично несериозен или нездрав пат.

Она што мислам дека е многу лошо, од сопствено искуство ќе ви кажам е кога парламентарците кажуваат дека Парламентот е виновен. Кога ние самите како парламентарци во овој Парламентарен дом кажуваме дека ние сме виновни, не Владата потполно ја менуваме улогата што е забележано со Уставот, а тоа е дека законодавниот дом е над екзекутивата.

На крај едно прашање до вас. Зошто и вие се вклучувате во групата на сите парламентарци на ВМРО-ДПМНЕ кои што упорно не дискутирате за нешто што го предлагате со овој Деловник. Употребата на албанскиот јазик, зошто бегате од она што го предложивте вие и за кое што се потпишавте. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Жерновски.

За контра реплика една минута има господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Се обидувам да ги фатам поентите, по однос на тоа дали нови или стари парламентарци треба да дискутираат сметам дека сите сме еднакви и сите сме доволно спремни за да бидеме дел од Парламентот. Ако господинот Жерновски има намера на некој од постарите пратеници на ВМРО-ДПМНЕ да му соопшти воопшто никој не му го пречи тоа. Јас дискутирав дека мојот став, а и ставот на огромното мнозинство на граѓаните на Република Македонија во последниве десетина години е дека Собранието е нефункционално, нерационално, не е ефикасно и дека не е на ниво на задачите. Ако сметате дека тој впечаток на граѓаните можете да го сузбиете јас би ви се придружил меѓутоа тоа е ставот во јавноста. Од тоа нема бегање. Ова што се нуди преку новиот Деловник е начин како да се изработи подобар начин на работа. Имаше и други поенти, а опозицијата дали е коснтруктивна или не е прашање на опозицијата, не е прашање на валста и многу врвни стручњаци од Запад кажуваат дека кај нас има проблеми во менталитет.

**Бесим Догани:** Вашето време истече.

Има збор господинот Зоран Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитувани колеги пратеници, премногу долго, долго се дискутира веќе неколку денови и мислам дека требаше сите констуктивно да се изјасниме, тие што мислеа дека имаат што да кажат по точката на дневен ред, која што, да потсетам гласи: :Предлог за донесување на Деловник на Собранието на Република Македонија". За да докажам дека сепак треба да се држиме поконструктивно, да се држиме на предлогот односно на точката ќе кажам да, ќе гласам за Предлогот за донесување на Деловник на Собранието на Република Македонија. Нормално овде ќе дадам и мои општи забелешки, секако по мое лично убедување констуктивни, што не мора да значи дека секој треба да се сложи, меѓутоа не е ништо трагично, затоа што на крај на краиштата сите аргументи ги следат граѓаните и во континуитет на аргументите за и против овие 4 години, после 4 години, а времето знае, знаете вие подобро од нас, бргу поминува и истите граѓани ќе ви судат, така да не треба многу трагично и многу со емоции да гледаме на тоа.

Меѓутоа, од друга страна исто така не одобрувам молчење, премолчување, затоа што на крајот на краиштата и самиот Данте Алигерикажал дека најцрното место во пеколот е резервирано за оние кои што во клучните моменти остануваат неопределени односно опортунистички настроени. Значи, не е трагедија ако јас како претставник на парламентарното мнозинство дадам свој забелешки по однос на Предлогот на деловникот. Нормално веднаш се отвара првото и најклучно прашање, барем овие неколку дена како што видовме од дискутантите, а тоа е прашањето по однос на член 3. Не е ништо тука лошо, напротив добро е да се дискутира и особено сакам да ја поздравам иницијативата на Владата, иницијативата на коалиционите партнери пред се, да се најде решение бидејки една од клучните комисии во која што и јас лично членувам и еве поради без моја вина сум оневозможен да го дадам својот придонес, лично и како пратеник кога се кандидирав очекував дека таму можам најмногу да придонесам со оглед на моите претходни компетенции, тоа е Комисијата за финансирање и буџет. Општопознато е во јавноста е дека Комисијата за финансирање и буџет поради проблемот на толкувањето, а не на фактите во член 3 од Деловникот кој што е сега предложен ние ниту еднаш се немаме состанато, немаме изработено ниту еден акт, а да не зборувам за закони, за предлози, за Буџетот кој што е поминат без став на Комисијаа и т.н. Оттука навистина е нечесно да кажеме дека сепак се потрудиле луѓето што го предлагаат овој Деловник да дадат решение во однос на тоа. Тоа дали ние се согласуваме со тоа или не, е сосема друго прашаење, бидејки јас лично имам забелешка на тоа како е даден Предлогот во член 3.

Не затоа што јас сакам или не сакам онака, туку затоа што моето лично, скромно познавање на

правото, бидејќи јас сум правник гледа во мојата перцепција на видувања на работите дека овде има и конфликт веројатно со Уставот на Република Македонија. За да биде на јавноста познато ќе ми дозволите првиот или третиот став од овој член да го прочитам за да се знае за што се работи.

Имено, член 3 вели: "Во работата на Собранието службен јазик е македонскиот и неговото кирилско писмо", за да понатаму во продолжение се вели "пратеник кој зборува јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија може на седница на Собранието или на седница на работно тело да зборува на свој јазик", ова е новиот момент "како и да раководи со седницата на работното тело". Значи, веднаш да бидеме начисто треба да се поздрави иницијативата, да се најде решение, праксата, иако сум нов пратеник, да задоволиме на критериумите на господинот Жерновски, се согласувам, сите граѓани на Република Македонија го следат работењето на Собранието и сите граѓани не треба да се овде, знаат како функционира и воопшто не е критика дали е нов или стар пратеник да дискутира по однос на Деловникот. Значи, ценам дека овде забораваме дека Собранието е институција, а институциите на систем на Република Македонија го користат службениот јазик, а не јазиците. Обраќањето на пратеник на својот мајчин јазик е уставно загарантирано право. Тоа мораме да го почитуваме.

Меѓутоа, обраќањето на претседавач на Собрание, на тело, на работно тело, на комисии е обраќање на институцијата. Во таков момент необраќањето на македонски јазик е уставно кршење на став 1 во член 3 дека службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Оттука ја поздравувам иницијативата да се најде решение по однос на блокираните комисии, но да не се коси со Уставот бидејќи никој во Република Македонија не е над Уставот поставен, независно кој од која позиција и каква тоа го предлага.

Затоа сакам малку порелаксирано и покструктивно тоа да го продискутираме, бидејќи не е никаква трагедија и никој не сака ништо да наметне. Јавноста и граѓаните се тие што судат. И, секако не застануваме овде. Морам да кажам дека многу е неблагодарано што некој се потрудил да направи комплетен деловник па сега ние да му наоѓаме забелешки, меѓутоа исто така, и на почетокот кажав дека е неопходно потребен нов Деловник и во оваа фаза јас ќе гласам за, меѓутоа ќе ги кажам моите забелешки, за кои што за дел од нив во натамошната фаза и амандмански ќе интервенирам.

Понатаму, според член 85 каде што се зборува, најмногу опозицијата што мене многу непријатно ме изненади најмногу се дискутираше за член 85, иако јас лично очекував дека најмногу ќе се кршат копја за член 3, каде што и јас иако сум од владеачкото мнозинство се изјаснувам дека овде сепак треба да се внимава да не се коси со Уставот.

Во член 85 стои дека имаме ограничувања, пратеникот може да говори само еднаш во траење од 10 минути. Јас сакам да ве потсетам на едно наше непријатно искуство, барем јас така го доживеав каде што 45 дена имавме рпазни дискусии, барем 40 дена од тие 45 дена беа празни дискусии по однос на предложениот закон за полиција, каде што целта беше да се опструира и да се одолговлечува, а не беше целта да се дадат предложи и забелешки. Оттука ако знаат граѓаните дека една дневна седница на Собранието чини, ајде да заокружиме 20 илјади евра, сосема е јасно дека сме потрошиле близу милион евра во празни дискусии. Тоа е недозволиво. Јас во декември месец го претставував овој Парламент во Женева на Интерпарламентарната унија каде што имаше 75 парламентарни и над 20-тина владини делегации од цел свет, а дискусијата беше, внимавајте, ограничена на две минути. Ништо не сметаше на крај да се донесе квалитетна резолуција од таа дискусија. Можеби 10 минути се малку, јас се согласувам, бидејќи веројатно, не ми го мерите времето, веројатно зборувам веќе 10 минути, меѓутоа да не се ограничи времето како принципиелна, конструктивна забелешка во новиот деловник мислам дека сепак не е во ред. Во тој случај и ние како пратеници ќе се држиме повеќе за материјата и верувајте ми ќе имаме помалку време дури и за вреѓање, и за омаловажување меѓу себе. Ова што прво ќе се појави како квалитативна придобивка е меѓусебното почитување затоа што ќе се фокусираме на аргументите што треба да ги изнесеме, а не на меѓусебните дисквалификации и вреѓања во кои што, еве ќе се согласите и денеска имавме прилика да слушнеме такви навреди.

Значи, поодност на тој член, амандмански ќе предложам 15 минути, меѓутоа ограничување да. Верувајте не ме оптеретува тоа затоа што денеска сме валст, утре ќе бидеме опозиција, па ќе внимаваме, барем јас лично зборувам од мое име и предлагам како пратеник, а не како пратеник припадник на едната или на другата.

Исто така имам забелешка на член 155. За мене тоа не е прифатливо затоа што ценам дека тоа е суспензија на демократијата, бидејќи не може пратеник да може да му се дозволи да поднесе Предлог закон, а да не може да поднесе амандман. Тоа е исто така неуставно и нема што да се дискутира, ниту пак очекував дека тука ќе има некој проблем во понатамошната фаза, бидејќи ни еден пратеник не сака да му се одземе основното уставно загарантирано право и нормално дека нема да дозволиме сузпензија на демократијата. По однос на членот 155 толку.

По однос на член 84 предалгам ставот 3 да се избрише, бидејќи правото на говор е уставно загарантирано право.

Исто така член 87, нормално е дека секој пратеник, а не координатор на пратеничка група треба да има забелешка на процедурата. Затоа што и тоа е индивидуално перцепирање и индивидуално видување. Секој од нас на крајот на краиштата претставува одредена група граѓани.Имам забелешка и на член 79, каде за мене, јас го разбирам предлагачот дека можеби треба да се стави некој ред, меѓутоа сепак ова практично е неизводливо во рок од една минута да изигруваме брзи прсти и едноставно дека со тоа се нарушува добар дел од демократијата на овој Парламент, бидејќи можеби јас не сум имал намера да се јавма за дискусија, меѓутоа некој пратеник од опозицијата или од власта ме потсетил во дадени моменти, ме разубедил па имам право како пратеник да се изјаснам по однос на таа дискусија и по однос на точка.

Значи како што гледате не е ништо трагично да дискутираме по Деловникот. Мене ме радува што начелно сите се согласуваат, иако и јас ја имам таа начелна забелешка дека е најдобро на крајот на мандатот да се предлага Деловник за новиот состав растеретено да се почитува, пред да знаеме кој со колкав број ќе биде присутен во Собранието, меѓутоа факт е колку и да не сакаме да ја ставиме одговорноста и на Собранието, дел од одговорноста се однесува и на Собранието на долгото траење и влечењето на процедурите го имаме и ние.

На крајот на краиштата сите ние имаме една заедничка цел, а тоа е побрзо интегрирање на земјата во членство на Европската унија, а знаеме за тоа колкав број на закони треба да се донесат. Мораме малку да се синтетизираме и мораме малку да бидеме фокусирани на материјата, а помалку на меѓусебните дискусии.

Без да знам колку зборував, верувам дека сум некаде во близина на 15 минути, како што впрочем беше и во мојот предлог и еве сватете го тоа како еден мал конструктивен експеримент. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Витанов.

Има збор пратеникот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине Витанов.

Внимателно ја слушав вашата дискусија и околу член 85, прво зборувавте 17 минути, што сметам дека ви беа малку за да се доискажете. Меѓутоа, мојата реплика се однесува на една друга забелешка, а тоа е кога спомнавте дека 45 дена овој Парламент залудно изгуби драгоцено време. 45 дена да се дискутира за Законот за полиција во кој што Владата не најде засходно со ниту еден амандман поднесен од опозицијата да го прифати сметам дека не е залудно. Залудно ќе беше ако се вршеа опструкции. Ние бевме активно вклучени како опозиција, земавме активно учество во донесувањето на тој Закон. А тоа што на вас не ви се допаѓа, што имаше опсежни дискусии сметам дека и Владата на Република Македонија можеше да има барем малку слух за пробелмите кои што се јавуваат од страна на опозиционата партија.

И предлозите кои што беа дадени, и дискусиите водеа во насока на донесување на еден поквалитетен закон за полиција, а не на Закон кој што ни беше сугерирано дека после извесно време ќе биде променет и ќе се додадат и други сектори. Затоа сметам дека тие 45 дена беа укажување на опозицијата кон власта за изготвување на Законот за полицијата да биде во рамките на оној контекст кој што беше донесен, меѓутоа со мали измени. Меѓутоа Владата немаше слух за тоа и затоа беа тие 45 дена расправа.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Серафимов.

Збор има пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колешки и колеги пратеници.

Дозволете и јас да се вклучам во оваа дискусија. Секако и она што планирав да го кажам, подготвувајќи се за оваа седница, но и да искоментирам некои работи што беа кажани овие неколку дена. Инаку, за жал, амбиентот во кој што го носиме и зборуваме за овој деловник, не оди во прилог на она што сакаме да го направиме, а тоа е да изградиме парламент кој ќе биде почитуван и пратеници кои ќе бидат почитувани и не оди во прилог на поправање на оценката што ја имаме во јавноста, особено нема да ја поправиме оценката со паушални изјави за тоа колку пари се потрошиле или колкава е платата на пратениците, бидејќи од тоа нема ќар никој. Тоа оди на негативното конто на Собранието и на пратениците, без разлика дали е опозиција или позиција. За жал во Република Македонија Владата се наметнала како институција која ја има моќта и го потценила Собрание во сите овие 15 години и ако сакаме да ја вратиме улогата на Собранието, тоа не можеме да го направиме на овој начин како што го има во овој деловник, и онака како што ние се однесуваме. Затоа, да не ја обвиниме само опозицијата дека придонесува за ниската оценка, за што амбиентот е малку поинаков. Ова прв парламентарен состав и јас ве уверувам каде што претседателот на Собранието зборува на мобилен кога ја води и кога трае седницата. Значи, друг случај таков не постоел. Со тоа не се добива петка, ниту прелазната двојка што ја имаме во овој момент. Тоа е чиста единица. Не се добива што за прв пат Иван Анастасовски кога треба да ги смири тие што дофрлуваат, употребува изрази кон опозицијата, не се нервирајте, релаксирајте се и за тоа никој не добива петка. Јас не дека сакам да се изгребам кај сегашниот претседавач на седницата, но коректноста од страна на потпретседателот во овој момент што ја води седницата е различна од коректноста што ја имаат претседателот и другиот потпретседател. Значи не може да се направи дебата, паника, соопштение на ВЕП страницата доколку некој каже дека ова однесување му личи

на фашисоидно, а кога некој ќе каже дека однесувањето и зборувањето му личи на Шешељ или Жириновски, па тоа да не го дотакне претседавачот на седницита и да не го опомене. Двојните аршини никогаш не проаѓале кај граѓаните на Република Македонија. Не може во 14,00 часот да се прекинуваат пратениците од опозицијата, а да не се прекинуваат пратениците од позиција и тоа да се оцени со позитивна оценка. Та оценка секогаш била единица. Никогаш во овој трет мандат на парламентарни состави во кои сум бил дел до службите не ги поздравуваат пратениците од опозицијата. Авторот што е на овој деловник, поранешниот шеф на Кабинетот не ги поздравува пратениците од опозицијата. Тоа досега не се случило. Амбиентот во кој што работиме никогаш не бил ваков и за тоа не сме виновни ние од опозицијата. Во моментот кога ќе сватиме дека пораката од Брисел, апелирам до партиите Владата и опозицијата да комуницираат и опозицијата мора да биде вклучена во случувањата за земјата, за да се движи во вистинска насока кон Европската Унија.Ова е порака за позицијата, а не за опозицијата. Тогаш ќе биде многу подобро. И, да не ги прекинуваме пратениците кога ќе зборуваат за политичкиот дијалог, за Владата, за јазикот, за Охридскиот рамковен договор, затоа што во потребата за донесување на овој деловник ја иницира Владата, ВМРО-ДПМНЕ ја понуди во програмата дека ќе донесе деловник по теркот на Бундестагот. Владата го обвинува Собранието дека е споро, божем Владата оди многу побрзо, а дека не се носат закони, па за тоа е виновна опозицијата. Што час поскоро сватиме дека пораките од Брисел за надминување на проблемот на политичкиот дијалог лежат во опозицијата и секој ја понесе својата одговорност, толку ќе биде подобро за сите граѓани во Република Македонија. Затоа, по средбите што ги имаме и вие и ние и заеднички средби со претставниците на Меѓународната заедница кога ќе ви кажат дека овие три месеци се најбитни за Република Македонија, тие тоа навистина го мислат. Но, кога ќе ви кажат дека секој потег што се прави автоматски се пренесува до Брисел, тоа значи дека навистина има луѓе што афтоматски ги мониторираат работите. Не ги слушаат политичките партии, тие гледаат што се случува. Тие добро знаат како се одвиваат работите во Собранието и не за џабе во септември во извештајот Европската комисија нагласи “недостаток на политички дијалог, особено во Собранието”. Штом тоа е акцентирано за Собранието, тука се мисли и на позицијата и на опозицијата и да не бараме виновник, туку она што го велиме ние во СДСМ ајде да се обидеме да најдеме решение. Затоа, иако нецелосно предложивме како да тргнеме од некои позиција кои се лоши за Република Македонија. Ниту ќе го подобри рејтингот на СДСМ, ниту ќе го намали рејтингот на Никола Груевски, муабетот што го имавме во петокот, но ќе направи чекор кон промената на сликата во Република Македонија. За жал, реков и денес од нас се бара да бидеме конструктивни во однос на предлогот, но најмногу се дискутира за опозицијата, каков тип е опозицијата. Тоа го направи господинот Димески, но повторно зборуваше за тоа дека опозицијата не била конструктивна, па дали е тоа во насока за расправа за деловникот и дали тоа ќе придонесе за подобар деловник или за зголемување на оценката. Не. Исто ќе се случи. Или, понуди модел во изборната програма, кој е тој модел, пишува таму 10 минути! ПиШува таму дека работното тело ќе може да одлучува во име на Собранието или не, по пример на Бундестагот.

Она што посебно ме загрижува, а тоа е амбиентот што се префрлува надвор од Собранието ви за ви односите, тоа се меѓуетничките односи и улогата на Демократската партија на Албанците овде во Собранието во расправата. За жал, пратениците од ДПА се наоѓаат во улога да реплицираат само кога ќе се спомене членот 3, но биде лицемерието поголемо таму кога дискутираат пратениците од опозицијата . Значи, полоша квалификација за член 3 даде и пратеникот од НСДП и од коалиционото мнозинство од ДОМ, а господинот Витанов умешно го избалансира својот настап. И, тогаш повторно кој е виновен или кој е албанофоб, тоа се пратениците од СДСМ. Хендикепот на овој деловник е што ако ги погледнете потписниците, поддршка за овој закон дале две пратенички групи, ВМРО-ДПМНЕ и НСДП. Против се пратеничките групи на СДСМ, ДУИ, ДПА, ЛДП и ВМРО-Народна партија или не го поддржале овој деловник. Јас зборувам за она што се случуваше овие денови. Тоа му прави сериозен хендикеп на овој деловник, затоа што самиот начин на тргнување на сите овие активности, фрли сомнеж дека ова е желба на Владата. Прв пат се случува јавно, досега сме имале консултации на координаторите на пратеничките групи со премиерот, како би се одвивале работите, кои закони се приоритетни, јавно да се прави пијар и од тоа дека господинот Груевски ги викнал координаторите на ДПА, ВМРО-ДПМНЕ и НСДП да ги праша што е тоа со кворумот и од тоа се прави, мислите за тоа се добива двојка за Собранието или не, се добива минус еден. Не можеме да добиеме позитивна оценка за работата на Собранието, додека не почнеме да си ја вршиме вистинската фукција. Да бидеме вистински контролори на Владата и Владата да не бира дали ќе доаѓа во Собрание или не, туку да има обврска да ги исполнува обврските кон Собранието. Не за џабе за она што го зборуваме за највисок дострел во парламентарната демократија , тоа е Британскиот парламент, единственото место каде што кралицата тропнува на врата е денот кога има конституирање нов состав во Парламентот и само на таа врата кралицата тропнува, за да му даде почит и однос кон Парламентот. А, ние додека изигруваме овде евидентичари, благајници и се обвинуваме меѓу себе, ништо нема да направи ниту позицијата, ниту опозицијата во враќањето на барем тројка, Собранието да има некој позитивен исчекор во овие 6 месеци или во сите 4

години со ова парламентарно мнозинство. Да биде апсурдноста поголема, предлагачот господинот Трајко Вељановски кој што си ја презеде таа улога, мислам дека ќе се кае во некое време, во своето излагање вели: “потребата од донесување на нов деловник мнозинството во овој парламентарен состав јавно и недвосмиеслено го изнесе со самиот почеток од работата на овој паратенички мандат”. Потребата треба нешто друго да значи. Потребата ја пишува во образложението, само во образложението што е дадено членот 3 не е спомнат, а не се спомнати и други работи. Ова има еден друг историјат, но се надевам, она што е последната реченица на господинот Трајковски како предлагач, а тоа е: “почитувани колеги, убеден сум дека дискусиите, предлозите и забелешките што ќе бидат искажани од ваша страна, ќе придонесат предлагачите да предложат деловник кој ќе биде поддржан од сите пратеници, а со тоа ние пратениците низ законите кои ги донесуваме ќе ги оствариме заложбите и очекувањата на граѓаните”. Јас се надевам дека господинот Трајко Вељановски ќе опсоти на ова и ќе предложи деловник во втора фаза кој ќе биде поддржан од сите пратеници. Тука, за жал, дојде и мислењето од Владата. Не велам дали е надвор од деловникот, но врз база на тоа што само три министри од сегашната Влада биле пратеници, господинот Мешков веројатно тој најмногу се разбира, господинот Груевски не беше многу присутен, а господинот Живко Јанкуловски, пратеник кој никогаш не зборувал во четиригодишниот мандат, не може или не е принципиелно да се наметнува како фактор кој ќе даде укажувања на 90% од составот на Владата што не биле членови на Парламентот. Затоа, за жал, тие ќе напишат во своето мислење дека во оваа смисла ќе треба да се дополни. Значи, нема зборови “предлагаме, мислиме, да се размисли”, туку во таа смисла ќе треба да се дополни. Знае Владата ќе се одвива работата. Затоа, само тоа е уставно невозможно кај нас во овој момент, подобро е кога министрите се и пратеници, а тоа е подобро и за демократијата, но зависи од системите каде што министерот ќе може како пратеник да има чувство за она што се случува и на тој начин да знае како да се однесува. Затоа, прв пат во ова Собрание ни се случува министер да ни одговори дека Министерството за финансии не е надлежно да каже колку чини кампањата од 100 дена, прашајте некој сектор во Владата. Елементарно непочитување на Деловникот. Со тоа не се поправа двојката, доколку ние замолчиме заради тоа, туку кога позицијата ќе им укаже на координациите дека тоа е одговор што само ја девалвира улогата на Собранието. Не може да ја подобри позицијата на Собранието со таква несмасна и неделовничка интервенција од страна на Владата.

Второ, беше многу елабориран историјатот на овој деловник. Значи, треба да бидеме отворени и да позборуваме за случувањата или за патот како се одаѓаше до овој деловник. Овој деловник никогаш не бил во званична собраниска процедура. Тоа го потврдува и господинот Јордановски во својата последна колумна, каде што во делот каде ја критикува опозицијата во овој момент, вели дека вистина е желба и волја не пстоеше. Дали моежеби за тоа како што велат бил деловник на Јордановски или можеби некој знаеше дека изборите ќе бидат изгубени, па нов деловник никако не би одговарал, а јас би сакал да е првото. Се зборуваше за некои термини, за некои координации кои никогаш не биле одржани, но факт е дека последната собраниска седница беше планирана во средината на мај, заврши последното гласање на таа седница на 26 мај во 12,39 часот. Тоа го проверив на интернет страницата. После тоа имаше само две точки, едната беше за испраќање на мисии во Босна и Херцеговина и за измените на кривичниот законик во функција на изборниот законик кој што не требаше да бидат дел од пакетот за завршување. Последната седница, односно гласањето заврши во 12,39 часот, а потоа предлог деловникот беше испратен на 26.мај, а тука пишува после тоа до сите пратеници, па пишува дека со надеж истиот ќе биде солидна основа за подготвување и донесување на нов деловник. Значи, тој никогаш не бил ниту на Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања, никогаш не бил предмет на координација на координаторите за да се сретнат на исто место, немало работна група формирано. И, да бидеме до крај искрени, потребата за донесување СДСМ насвоето претседателство ја одби. Тоа не е тајна. Немаше поддршка, без разлика што имавме 76 пратеници во мнозинството да донесеме деловник. Затоа, да не ја префрлуваме вината на едни или на други кога овој предлог е предлог, во овој момент ја понесе таа одговорност господинот Трајко Вељановски, заменик на предлагачот е госпоѓа Ристанка Лалчевска и тука кон нив ќе биде насочено бремето што ќе следи и за употреба на јазикот и за технологијата на одржување на седниците и за тоа на кој начин ќе се дискутира или како ќе работи Собранието.

Да биде до крај уште појасно во интерес на јавноста, твининг програмата што беше во Собранието на Република Македонија беше четврта компоненета од твининг програмата што ја имаше Република Македонија. Во првиот дел, значи во правата фаза твинингот се однесуваше на систематизацијата, односот на Законодавно правнта комисија и Секторот за законодавство и со усоглесувањето на законите со Еу - законодавството. Ќе кажам зошто овие две работи беа дел од твинингот. Измените во деловникот влегоа после, а не како првична тенденција на твининг програмата. Прво, она што сега го имаме, во овој момент имаме среќа во Законодавно правната комисија во овој состав да имаме луѓе кои можат со правничкиот бекграунд да придонесат за квалитетна работа во Законодавно правната комисија. Во минатиот состав, уште поквалитетен состав, каде што можат одговорно да одговорат на обврските, но може да се случи да има пратенички состав кој што не може на

Законодавно правната комисија да го понуди професионалното знаење за да придонесе во ефикасна работа на Законодавно правата комисија. Затоа, една од работите во тој твининг беше дали ни треба секретаријат за законодавство ист како што има и Владата. За да не ја политизираме Законодавно правната комисија се предлагаше или постои дилема дали тоа не треба да го направи секретаријат или сектор за правни прашања, кој ќе биде помош за сите пратеници и кој стручно ќе оценува. Третиот подсегмент од твинингот е усогласувањето, исто како што имавме пример со Законот за електронски комуникации. Немаме мислење од Европскта комисија, Комисијата за европски прашања не го разгледува, но ќе се согласам и јас и вие дека е многу тешко во овие услови во кои работиме да обезбедиме да ги побараме директивите, препораките, кои се тие европски норми и стандарди што постојат за да можеме да кажеме дали тоа е усогласено со Европската унија или не и многу е тешка улогата на Комисијата за европски прашања да ја одредува таа усогласеност во овие услови во кои работиме. Затоа, во рамките на твининг програмата се препорачуваше дека министерот со потпис или Владата со посебен прилог ќе гарантира дека тој закон е усогласен со европските закони. Инаку е многу тешко во Комисијата за европски прашања во состав или со подршката што ја имаме ние да дебатираме дали тоа е Директивата 5638, 1234 или други донесени резлоуции, директиви и препораки од Европската комисија. Затоа тежината беше согласно директивите кон Владата, да ја преземе таа одговорност, затоа што многу тешко е, а денес господинот Поповски ја покажа апсурдноста на тоа што се бара од пратениците кога ќе треба да предложат закон, Собранието со оваа помош што ја има во овој момент со институционалниот капацитет, не зборувам за капацитетот на пратениците, да најде три држави земји членки што ќе го имаат регулирано тоа, па ќе ги најде сите препораки и ќе ги вметне како анекс во предложениот закон.

Уште една работа цело време лебди, а тоа е како е во Данска, како е во Германија, како било во Франција, како било во Грција. Тоа не е точно за Грција, не важи за сите закони тоа. И за другите земји како што беше кажано, тоа не важи за сите закони. Работата не е математичка. Прашање е како се дошло до деловник во тие земји, тоа е првото прашање и второ, колку и какви закони носат тие. Сакаме да ја споредуваме Данска или Шведска со Македонија со Охридскиот договор и политичката ситуација каква што е? Сакаме да ги споредуваме Франција или Британија со многугодишна парламентарна демократија со амбиентот во кои сме овде, каде што министер може да му каже на пратаник јас не сум одговорен за да одговорам на пратеничкото прашање, прашај некој сектор во Владата. Чуварот прашај го долу, тој ќе ти одговори колку чини кампањата! Единствено ако ѕиркал колку камиони со постери излегувале, од каде инаку да знае.

Затоа, да не даваме примери кои апсолутно во еден дел не се точни. Второ, како стигнале до тие деловници и трето, какви закони се носат во тие земји што ги споредуваме во овој момнет со Република Македонија. Данска не влегува во процесот на хармонизација со ЕУ - законодавство, но ако сакаме да бидеме реални и да погледнеме колку закони во овие шест месеци што ги понудила Владата биле во процесот на хармонизација со ЕУ - законодавството или колку закони што ги понудила биле за подобра економска клима, а опозицијата ги кочела.

НАТО приближувањето на Македонија, оценуваме дека тоа е со испраќањето на мисии, колку трае седнцата? 20 дена за испраќање на трупи во Ирак, Авганистан или Босна и Херцеговина. Колку траеше седницата со тоа што мислевте дека со намалувањето на ДДВ ќе се подобри економската ситуација? Во ред, ниеден ден не траеше. Пакетот мерки за рамниот данок - не се согалсуваме, но тоа не траеше 50 дена. Сите закони кои се од европското партнерство кои дошле, ама не дошле, тука не поминувале повеќе од половина ден. Но ќе дебатираме 45 дена за Законот за празници, затоа што тука имаме идеолошки разлики, ниту е приоритет од европското партнерство, ниту сметаме дека е приоритет за Република Македонија, ниту сметаме дека со тоа ќе биде нешто подобро од економски акспект. Затоа, во таа констелација на односи дебатираме тука, значи политички не доволно подготвени без консензус, значи досега не се донел деловник без консензус, како што не се донел ни Изборен законик без консензус. Но она што е најбитно, а како земја кандидат сме морале да го направиме, нема мислење од Венецијанската комисија. Значи претходниот деловник ја поминал таа фаза, било испратено мислење од Венецијанската комисија, Македонија има таму двајца претставници, се добило мислење за тој деловник и тој деловник бил гласан.

Овде имаме уште еден хендикеп на почеток. Само две пратенички групи се потпишани, има несогласување на дел од парламентарното мнозинство во однос на решенијата, но клучниот аргумент, дали овој деловник е согласно критериумите, нормите, стандардите, прописите што постојат во рамките на Венецијанската комисија ги нема. Тука практично ќе дојдеме во ситуација на ништовнста од некои норми и стандарди што сме ги дефинирале во оваа земја. Не за џабе изборните закони си ги испраќаме таму, клучните теми, уставните амандмани се испраќаат таму каде што е клучна подршката што треба да ја добиеме, за да може тоа да има вредност. Инаку, ние можеме да донесеме милион закони, но дали тие ќе имаат вредност и применливост, тоа треба да го провериме.

Да кажам уште два елементи. СДСМ ставот го искажувал и нема потреба да го повторувам, не мора да заменуваме тези за да добиеме некои поени плус, нема ништо да се постигне со тоа - секогаш се залагал за поголема ефикасност да

понуди деловникот, поголема контрола на работата на Владата и поголем квалитет во донесувањето на законите. И во минатиот состав, без разлика што сме биле парламентарно мнозинство, јас можам да ви потврдам дека во Законодавно правната комисија, каде што парламентарното мнозинство по теорија има мнозинство, беа изменети и тоа со консензус многу членови прво и од правен аспект, и од нормативен аспект и од применливност во праксата и се додека се потценува позицијата на пратениците во однос на тоа дека предлогот на Владата е еден и единствен и непромелив, ние нема да ја поправиме слабата оценка на Собранието. Напротив, само кога ќе се сфати дека пратениците имаат огромен придонес и во донесувањето на многу закони и во корегирањето на многу закони, во заедничката комуникација, тоа ќе биде подобро и за позицијата и за опозицијата. Секогаш ќе се спротивставуваме кога Парламентот ќе биде гласачка машина, сервис на желбата на премиерот и кога не ќе имаме можност да предлагаме квалитетни решенија.

Затоа, фрла сомнеш непотпишувањето на сите пратенички групи од парламентарното мнозинство и на овој законски проект затоа што сметаме дека ќе дојде до момент каде што ќе влезат во преговори ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, а причина за преговори е членот 3. Затоа, и во образложението, колку што можев да видам, се извинувам ако грешам, не е дадено образложение за член 3, затоа што не се сметало или се сметало дека ќе биде предмет на договарање, па не е дел од образложението за овој деловник. Веќе реков еднаш, познавајќи ја тешката позиција на координаторот на најголемата пратеничка група што е во позиција нема никогаш да реплицирам, тоа го ветив овие години, но сега ќе цитирам од претходни стенограми на госпоѓа Силвана Бонева и на господин Илија Китановски. Цитирам дел од дискусија од 29 јуни 2005 година за знамињата: “И ако е така, потписници на Рамковниот договор меѓу другите се и ВМРО-ДПМНЕ, односно нејзините претставници тогаш и дека треба како потписници на Рамковниот договор, значи како политичка партија која што ја превзела обврската да го имплементира Рамковниот договор, да биде консултирана и да се слушне нејзиното мислење, за да не се случува ова што се случува денес, на расправата да имаме дијаметрално спротивставени гледишта, а сепак да имаме една еднинствена цел, а тоа е спроведувањето односно завршувањето конечно на пакетот закони кои произлегуваат од Рамковниот договор”. Затоа не држи тезата дека тука имаме албанофоби кои седат од страната на опозицијата кои што како потписници на Рамковниот договор претходните 4 години највисок приоритет во работата имаа во враќањето на мирот и безбедноста и на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор. И вие пак, знам, пратениците од ДПА ќе ги поделат на патриоти и албанофоби или пак, не дај боже, како што зеде господинот Китановски да зборува, а на пример на 8 јули 2005, цитирам кажува: “Почитувани колеги интенцијата продолжува уште со донесувањето на Законот за територијална организиација на ваков или таков начин со адиминистративни граници, сепак се обележува или се изцртува територија, една територијална мапа. Со прифаќањето и со неприфаќањето на амандманот на член 2 на овој Закон на таа територија, дел од суверената територија на Република Македонија се дозволи употреба и веење на државно знаме на друга соседна држава, а со неприфаќањето на овој амандман дефинитивно и на објекти и на државните органи ќе се дозволи веење на знамиња на други држави што апсолутно отстапува од Рамковниот договор”. И можам многу работи да ви цитирам, нема потреба. Употребата на јазиците дали ќе се реши со Закон за употреба на јазиците, дали ќе го предложи односно ќе собере сила парламентарното мнозинство или не, треба да биде темелно, да не биде направено со импровизации и да не биде започнато само со форамлно образложение дека не може да се водат седниците на комисиите каде што претседател е пратеник од политичките партии, од редот на албанските политички партии. Затоа што и ова решение што сега се нуди ја доведува до апсурдност ситуацијата, за тоа зборуваше господинот Најдовски, или се дозволува или не се дозволува. Во иднина сосема нормално е во Собранието да имаме претседател од редот на албанците членови на политичките партии, може да се случи. Кога се правеше новото парламентарно мнозинство не се успеа господинот Абдурахман Алити да биде претседател на Собранието, не се гласаше. Што ќе се случи тогаш доколку тој не сака да ја води седницата на македонски јазик. Зошто се прави дистинкција до она што е понудено во рамки на Комисијата и во рамки на дебатата овде во парламентараната расправа. Значи се доведуваме во една апсурдна ситуација, кога согласно Рамковнот договор за вакви работи се разговара меѓу 4-те потписнички под покровитрелство на меѓународните институции, така пишува во Рамковниот договор, дел од парламентарното мнозинство не го прифаќа ова, значи коалиционите партнери, а тоа значи ДОМ, НСДП, Социјалистичка партија пола-пола, ДПА не е потписничка на овој предлог закон и вие велите не се нервирајте, бидете релаксирани. Не можеме да бидеме релаксирани, затоа што така не се гради стабилен политички амбиент во Република Македонија, каде што се сака со трик решенија да се решаваат крупни работи во Република Македонија.

Затоа, мислам дека има неколку варијанти кои не му одат во прилог на овој деловник, кој најдобро ќе биде да се повлече и да започнеме да зборуваме за консензуално решавање. Дека така сум зборувал и јас во претходното парламентарно мнозинство, ќе ви цитирам од стенографски белешки: “Потребни се измени што ќе придонесат за поефикасна работа, но тоа да биде во рамки на

парламентараната демократија. Можно е пратеник од политички причини да реши да не присуствува на некоја седница. Тоа е легитимен процес и сметам дека казните за тоа не се потребни". Така сум зборувал и кога сум бил и во позиција, така зборувам и сега.

Статусот на пратениците, дигнитетот ќе го градиме сите заедно, ама да зборуваме за пратеници, не ги сведуваме на тркачи на сто метри или на службеници. Не успеавме - дел од пратениците од ВМРО-ДПМНЕ не го подржа, но како политичка партија не го подржа донесувањето на Законот за пратеници, Закон за Собранието. Само на тој начин ќе успееме да изградиме една стабилна институција која ќе влева доверба кај граѓаните, а нема тоа да го направиме со полурешение од деловникот, за да решиме во еден чекор некој проблем. И тогаш сум бил и сега сум против, и тогаш сум бил и сега сум против третирањето и потценувањето на пратениците и донесувањето на овој деловник без консензус.

Значи првата покрупна тема беше во однос на употребата на јазикот. Беше доста елаборирано, нема потреба да се навраќаме.

Втората покрупна тема беше во однос на скратувањето на дискусиите. И тука сме различни од она што го зборувавме порано. На 19 јануари 2004 година тогашниот координатор на ВМРО-ДПМНЕ господинот Коце Трајановски, на прес конференција кога најавува интерпелација за претседателот Јордановски, вели дека во последниве месеци се урива дигнитетот и демократијата во Собранието со ускратување и ограничување на правото на дискусија на само 10 минути, повикувајќи се на членот 83 од Собранискиот деловник. Истото тоа не е против кратењето на дискусиите, на 18 март 2006 година ДПА и ВМРО ќе кажат дека е неприфатливо дискусиите на пратениците да се ограничат на 10 минути и за законите да се гласа во одреден ден. Двете партии сметаат дека владеачките партии се должни да обезбедат кворум и дека со ограничувањето на расправата се замолчува опозицијата.

Сега се отвора дилема како да се оправдаат тие 10 минути или како да ја подобриме ефикасноста, од друга страна. И јавно, како пратеничка група неколку пати сме кажувале дека законите што значат усогласување со европското законодавство, законите кои што не приближуваат до евроатлантските институции, да не повторам сега, со испраќањето на мисиите. Никогаш не траеле долго во ова Собрание. И во претходниот состав во голем дел од опозицијата, за свесноста на моментот во процесот на добивањето на кандидатскиот статус, дел од опозицијата чувствуваше во донесувањето на уставните измени во реформите на судството. Бидејќи прво, треба две третини, но и политичката порака што се праќа е поинаква.

Но, да бидеме реални, да погледнеме во дневните редови, колку од понудените закони ни се дел од усогласувањето со европското законодавство? Колку од нив го имаат знаменцето на Европската унија како што сега имаме во понеделник на седницата за судир на конфликти, знаменце од Европската унија на насловната страница на законот? До сега не сме имале ниту еден таков закон. Кој е тој закон, се извинувам, освен Законот за полиција, не сме имале таков закон. Час поскоро ме радува што ќе биде донесен законот за спречување или конфликт на интереси, судир на интереси, затоа што веднаш, на првото читање гледам 20 функционери кои треба да заминат од своите места. Како опозицијата тоа ќе го поддржиме, бидејќи ќе доведе до понормална ситуација во државата. Да не биде еден човек член на три управни одбори. Секогаш, за тој процес ние ќе даваме поддршка. Од приватни разговори, тоа било предлог од порано, госпоѓа Лалчевска плус го понуди тој концепт на знаменце што ќе ја забрза постапката. Предлагачите можат да размислат тоа да биде во работни групи каде што ќе постои брза лента или експресен систем, систем на експерти за законите што ќе се усогласуваат со Европската унија. Ако се тие приоритет. Ако се на дневен ред, тогаш да има една процедура на која што ќе работиме сите заеднички.

Но, ако на дневен ред има точка што повторно ќе ги враќа муабетите кој е поголем патриот, кој е некаков "поп" или "фил" или кој е "предавник", не помага тоа. Тоа не помага. Кога се носат закони со кои што само се отвора, се отвораат огромни дебати што ставаат сол на недозатворени рани, ние, како опозиција го имаме мандатот да дискутираме за тоа и да се бориме тие закони, што го кинат македонското ткиво, да не бидат донесени и за тоа да разговараме.

Но, ако сите политички партии сме рекле дека Европската унија ни е приоритет, НАТО зачленувањето ни е приоритет, тогаш никој нема да се дрзне да ги кочи законите за испраќање на мисии, странски мисии во Ирак, Авганистан и АЛТЕА во Босна и Херцеговина или пак да 40 дена дискутираат за закон за спречување или конфликт на интереси. Не, напротив, ќе дадеме свој придонес да се донесе квалитетен закон.

Затоа, можеби предлагачите треба малку да подразмислат и временските ограничувања што немаат потреба, бидејќи во пракса никогаш не било така, за законите што се од европското законодавство, со знаменцето на Европската унија, да бидат на некој експертен систем, на некоја брза линија и по таква процедура да се носат.

Но, оние што се крупни дебати, како интерпелација, избор на Влада, Буџет кој што секогаш, значи не се случило во парламентарниот состав Буџетот да не биде донесен, ниту дека Владата сме ја држеле кога требало да се избере 5 дена. Не. Си има некој нормален тек кога се знае дека со овој Деловник владите биле бирани или пак на интерпелација на министер, она што треба да го решиме навистина. Имаме интерпелација министер, интерпелација на влади

што се случуваше, не во овој , претходниот состав, и во претходниот, ќе се јават 20 души од позицијата, фалби фалби, опозицијата што ја поднела интерпелацијата не може да каже ни збор.

Тие механизми каде што повеќе ќе се контролира Владата, каде што пратениците ќе го најдат вистинското место, тоа не може да биде опструирано и да не даде поддршка од страна на опозицијата. Но, кога мислиме дека времето е само тоа што е квалитетна категорија, тогаш мислам дека се лажеме и нема да дојдеме до решение.

Инаку, јас ги погледнав сите забелешки што ги испратиле пратеничките групи на ВЕБ страната на Собранието и Националниот демократски институт. Еве, да не ги злоупотребам, нема да ги коментирам, иако тие се апсолутно во функција на она што го зборувам. Собранието ќе го врати вистинското место кога ќе дебатираме овде повеќе во функција на контрола на Владата и она што се активности на Владата, а не да бидеме само сервис и да гласаме. Без разлика од која пратеничка група, јас се обидов да направам една анализа, без разлика дали е тоа Социјалистичка, Либерална, ДОМ, всушност ДОМ не е пратеничка група па и Социјалистичка не е, значи грешка на службите, Социјалистичка партија, Либерална партија, ДОМ, ЛДП, ДУИ, ПДП и ВМРО-Народна партија сите имаат забелешки на заеднички именител, по бројка на сите овие коментари или амандмани се членот 79, членот 85 и разработениот 155 од други политички партии. Што значи тука имаме несогласување, односно ако остануваат на ставовите што ги имаат, несогласување по однос на овие три точки. Тоа, да ве потсетам е пријавување на една минута, времетраењето на говорот и времето и механизмот околу амандманите. Социјалистичката партија на предлог членот 85 кажала дека координаторот може да зборува три пати по 15 минути. Денеска, господинот Китанов вели друго. Меѓутоа, лошо е кога ќе го направиме временското зборување како пазар. Тоа не е добро, што и во дискусиите, во пежоративна смисла зборуваме за тоа, па некој ќе каже еве 11, па некој ќе каже 12 ќе ви дадеме, малку цинично, што не оди во прилог на градење на едни поинакви односи меѓу нас, што ќе повторам, за жал, во овој собраниски состав е на најниско ниво.

Значи вакви дофрлувања, етикатирања, омалуважувања од страна на пратеници и тие претседавачи не сме имале, и од едната и од другата страна. Тоа е амбиент. Амбиентот ќе ве понесе и после Собранието не ја добива онаа функција што треба да ја добие. Затоа, ќе се обидам, без разлика што некои препорачуваат да зборуваме за предложениот Деловник, некои да не зборуваме, да дадам и јас свој коментар за некои одредби во овој предложен Деловник, а тоа е следново:

Значи, клучниот прв камен на сопнување овде во Собранието е членот 3. Тоа е компромисно решение, ќе се сложам со господинот Витанов, значи тој е компромисно решение надвор од Уставот што може да дојде како политички договор на четирите потписнички на Рамковниот договор. Може да се случи, не велам не, но за тоа треба и дебата, за тоа треба и комуникација а не во овој момент да биде тоа точка околу која компромисно решение и свој договор ќе си најдат само ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. И тука сите ние, ќе видите, ќе бидеме заложници на тој договор. Дали ќе биде тоа продолжување на четиригодишниот статус на општините Кичево и околината, дали ќе биде некое друго решение, Закон за државјанство, како што по амандмански зборуваше ДПА кога го напушти Собранието, не знам, но тоа е точка околу која ВМРО-ДПМНЕ и ДПА ќе се договорат. Затоа не за џабе ДПА не е потписник и не е поддржувач на ова. Затоа што во кампањата ветувале друго. Од една страна реков, неуставен, а втора страна дел од Рамковниот договор кој што и ВМРО-ДПМНЕ го зборуваше во претходниот состав кога нешто е дел од Рамковниот договор треба четирите политички партии да го решаваат, релевантни. Многу е подобро ако тоа се реши со закон за употреба на јазиците во Република Македонија, да не се доведува господинот Трајко Вељаноски во една непријатна позиција да после него го обвинат дека тој е човекот кој го вметна албанскиот како втор службен јазик во Република Македонија. Значи, да си ја префрли топката таму каде што некој преферира дека носи закони и работи 300 на саат а ние сме спори, да дојде предлог за закон за употреба на јазиците па потоа да разговараме и третата апсурдност реков, ова не е решение. Затоа што кога ќе имаме претседател на Собранието од политичките партии припадници на албанскиот политички блок, тогаш може да одлучи да не зборува или да не ја води седницата и тогаш ќе биде блокирано Собранието. Собранието блокирано, значи тој не сака да зборува, за да се закаже седница на Собранието може да направи само претседателот, не може да се свика седница на Собранието и што правиме? Не можеме да свикаме седница за да го измениме Деловникот па да додадеме за да може да раководи на пленарната седница.

Затоа ова решение, можеби, некој компромисно го гледа, но не е ниту уставно ниту во духот на Рамковниот договор, ниту ќе е имплементирачки можно доколку се најдеме во една ваква ситуација.

Второ, мислам дека предлогот кој што одеше од првичната варијанта за деловникот која беше работена по примерот на Бундестагот, многу подобро ја разработуваше конститутивната седница. Вие се сеќавате дека влеговме во една политичка непотребна дебата после изборите со тестамент писмото на господинот Јордановски кога ќе биде седницата. И тоа е многу подобро разработено во оној деловник што беше работен во работните групи каде што имавме претставници од политичките партии, доколку не ја свикаат 21-от ден или целата таа технологија, и

мислам дека тоа решение треба да се превземе од таа варијанта или верзија на Деловникот.

Понатаму, околу верификацијата на мандатот, доколку не му се верификува мандатот, не гледам логика пратеникот да присуствува овде, само ќе се стави во една непријатна ситуација и тоа треба да го решиме некако бидејќи до сега не се случило тоа. Секогаш имало солидарност, кога ќе дојде некој пратеник да се верификува, без разлика што е од опозиција, секогаш се гласа за. Но, мора да дадеме некој механизам да, ако нема аргументи, случајно да не се случи некоја бељa.

Сметам дека нешто што треба да го промениме заедно со Изборниот законик, а тоа е делот, членот во деловникот број 17 што се однесува на припадноста на етничката заедница, значи во членот 17, ставот 2 се вели “по верификација на мандатот пратеникот писмено се изјаснува за тоа на која заедница припаѓа”. Да не  ни се случи ситуацијата што ни се случи сега, да се узурпира Комитетот за односи меѓу заедниците, за да не се стават сите во дилема, да не се доведат пратеници во непријатни ситуации, да се префрли ова во Изборниот законик или во делот, да важи и пред онаа листа што се пополнува кога се кандидираме за пратеници на листата. Тоа би било и пофер и потранспарентно. Граѓаните кои ќе не избираат да знаат кој човек од листата на која етничка заедница припаѓа и на тој начин нема игра што може да се случи и во следниот парламентарен состав. Таа игра сме ја зборувале. Партијата што ја губи власта или не ја добива, се е исто, има 15 или 20 пратеници, сите се изјаснуваат откако ќе видат дека ги изгубиле изборите, се изјаснуваат за различни етнички заедници. Со тоа, го блокираат комплетно Парламентот.

За да се случи тоа постојат механизми. Вие не можеме да смислите идеален закон. Не можете да измислите идеален деловник. Каков деловник и да се донесе, секогаш некој ќе најде дупка што ќе ја злоупотреби, за што ќе се најде некоја финта. Но, во овој момент, за во иднина, да нема такви дилеми, мислам дека изјаснувањето, ќе повторам, изјаснувањето за припадноста на етничката заедница да се поврзе со изјаснувањето што било кога или ќе биде кога ќе бидат листите на пратеници, точно да се знае секој на која пратеничка група припаѓа.

Членот 19 зборува за Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, каде што се оди по една полиберална варијанта, каде што во Комисијата за избори и именувања членуваат припадници од сите политички партии. Мислам дека тоа е лошо, затоа што често ќе се игра со мнозинството во рамките на Комисијата за избори и именувања. Мислам дека партијата што победила на изборите треба да ја поведе Комисијата за избори и именувања и претседател да има од таа партија, по дефиниција, како што има комисии што по дефиниција припаѓаат на опозицијата. На тој начин да избегнеме варијанти што  постојано ќе се калкулираат дали со политичките партии што имаат и еден член, а се присутни и се креираат членови на Комисијата за избори и именувања. Мислам дека со тоа ќе се блокира работата на Комисијата за избори и именувања и не мислам дека овој член 19 има смисла.

Во однос на членот 20 зборуваше господинот Поповски. Цела рашамонијада настана околу изборот на потпретседателите. Не само заради заради предлогот на претседател, туку за жал заради неколегијалноста на координаторите на пратеничките групи кои беа присутни на средбата на сите координатори на претседателот на Собранието, каде што беше понудено потпретседателското место на опозиционата партија. Меѓутоа, никако во јавноста да соберат храброст и сила да го признаат тоа. Не мислам дека 4-5 потпретседатели од кои еден ќе биде од опозицијата ќе биде некое решение. Јас сум за тоа да има два потпретседатели од кои еден ќе биде од опозицијата.

Неколку мандати оваа позиција беше предмет на политички препукувања. Тоа значи и во 1998 година ВМРО-ДПМНЕ понуди потпретседателско место. Ние го одбивме. И во 2002 година, господинот Поповски понуди потпретседателско место на ВМРО-ДПМНЕ, а ВМРО-ДПМНЕ го одби. Тоа беше дадено на политичката партија која што имаше најмногу пратеници во опозицијата, да појаснам, да не бидам погрешно сфатен, не е работата само за ВМРО-ДПМНЕ.

Затоа, за да нема дилеми може да се каже да има два потпретседатели од кои едниот од опозицијата, од најголемата пратеничка група, со што ќе се избегнат сите политички конфронтации и кавги. Доколку вметнеме повеќе детали што биле предмет на десетдневни дебати, непотребни препукувања меѓу политичките партии, толку полесно ќе биде градењето или добивањето барем, реков на, иако не сум задоволен со тројка на Собранието во рејтинзите.

Членот 29 е исто така проблематичен кај повеќе пратенички групи или пратеници кои доставиле свои предлози. Не може само болест или службено патување да биде причина за неприсуство на седница. Тоа сум го кажал и во 2004 година, тоа сум го кажал и пролетта 2006 година, а тоа го кажувам и сега. Неприсуството на пратеници во Собранието, по некогаш е политичка одлука. Тие ја носат политичката одговорност за тоа. Како што парламентарното мнозинство, односно ВМРО-ДПМНЕ во овој случај добила поддршка од 309 илјади гласачи и треба да работи во спроведување на Програмата за која поддршка дале 309 илјади гласачи, опозицијата, со таа скромна поддршка, не ја мислам многу мала, од 217 илјади, исто има барање од тие гласачи за своја политика овде, во Собранието. И, ако оцени политичката партија за или неприсуство во Собранието или за начинот на кој што делува, пак ја носиме својата политичка одговорност. Тука не треба пратениците да ги сведуваме на вработени по Законот за работни односи, во овој момент кога немаме закон за пратеници, кога не влегуваме во Законот за работни односи, се наоѓа

во една вакуум позиција од која што немаат решение сите, дали се позиција или опозицијата, се е исто.

Парламентарното мнозинство гласаше, 50% од дневниците што припаѓаат на патни и дневни трошоци да се оданочуваат, а од кога не се исплатени, од ноември. Си имате мака, значи ќе си префрлувате едни на други, Министерството за финансии на Собранието, три пати ќе си го префрлуваат истото купче без некој посебен ефект.

Со тоа не се добива во плус и во дигнитетот на пратениците. Напротив, го кредитираме Собранието, односно тие што патуваат надвор од Скопје. Да не зборувам за негативните камати што верувам сите што патуваат надвор од Скопје, влегле во таква варијанта кои што патните трошоци се високо ставка не исплатена од ноември. И наместо да работиме на заедничко решавање на тоа, ние одиме во една варијанта да ги третираме со член 29 да ги третираме пратениците како да важи за нас Законот за работни односи, а не важи, бидејќи тие што патуваат надвор од Скопје, имаат повеќе од осум часа работно време, значи тие трошат по 12 часа во денот само за патување и присуство, уште 2,3 часа да се спремат навечер, значи остануваат со три, четири часа спиење и потоа во вакви невозможни услови да патуваат. Среќа што времето е добро, но се случува и тоа парламентарното мнозинство, се сеќавате кога пратениците кои што се  надвор од Скопје да патуваат кога има магла, да влеземе во една таква варијанта согласно член 29 се референцираме кон некој закон, не припаѓаме таму. И кога парламентарното мнозинство ќе собере сила да поработи со опозицијата на неколку законски проекти, дали тоа ќе биде закон за парламент, или други закони, тогаш статусот ќе го градиме заедно и тогаш довербата ќе биде поголема.

Во член 30, тоа е поврзано исто со член 29 се даваат паушални казни за присуство, неприсуство. Јас повторно ќе кажам, неприсуството на собраниската седница е политичка одлука понекогаш и таа политичка одлука се почитува и нема потреба тоа да се стави во неоправдано присуство. Или службено патување само надвор од Скопје? Ние сме сведоци дека секојдневно претседателите на комисиите, координаторите и замениците и други пратеници учествуваат во дебата со некои меѓународни претставници, домашни невладини организации, работилници што се организираат поканети на трибини каде што сакаме да дадеме свој придонес, дали тоа за законите за спречување корупција, транспарентност, конфликт на интереси, секаде имало пратеници што давале свој придонес. Сме работеле на законот за конфликт на интереси неколку пратеници, сме дебатирале и тогаш ако заради медиумското покривање тие се обично десет часови, или претпладне се. И сега тоа треба да се води како неработење, или неприсуство, па сега треба, ајде да удриме по пратениците. Тогаш господинот Караџоски ја отвори таа дилема ако претседателот може да пропишува такви казни, бидејќи тој е мериторен за тоа, кој ќе пропишува казни спрема него, кога ќе ви влезе во збор, или кога нешто не деловнички ке направи. Каде е тука казната и каде е тука магичниот круг каде тој ќе се затвори. Значи реков, да не се цитирам пак самиот себе си и во март 2004 и во март 2006 сум бил против вакавите казни и вакавото третирање на пратениците, останувам на истата варијанта. Или пак девалвацијата на Собранието што се случи со присуството, или не присуството на седница, или рекламирањето од страна на господинот Влатко Ѓорчев. Мислите ли дека тоа му носи плус на Собранието? Или ако парламентарното мнозинство мисли дека е плус во членот 31 после ставот за водење на евидентен лист се грижи генералниот секретар, да се додаде и Влатко Ѓорчев и тогаш ќе го решиме тој проблем, па ќе имаме задолжен човек кој што недела дена не е во Собранието, да мавта и да ја насочува камерата каде што сака.

Во член 32, тоа господинот Поповски го зборуваше. Делот на пратеничките прашања има и добри предлози од НДИ,но мораме да обезбедиме механизам ако сакаме Собранието да го направиме вистински во позиција да биде контрола на владата, има два механизми кои што постојат во други парламенти, што мислам дека се позитивни. Се обидовме во рамки на работните тела тоа да го направиме во претходниот состав, а тоа е да има и јавни дебати по крупни теми, значи така ќе ја вратиме силата на работното тело, а не со надгласување во рамки на работното тело. Значи, една експертска дебата која што ќе се води во рамки на работно тело со помош на членовите на комисиите ќе донесе до позитивен ефект. Второ, има еден механизам во британскиот парламент, а тоа е да претседателите на комисиите од опозицијата поставуваат прашања на некој одреден период кон премиерот. Значи, се отвора посебна сесија каде што доаѓаат медиумите и доаѓа претседателот на Владата и претседателите на комисиите од опозицијата поставуваат прашања кон премиерот. Мислам дека овие две седници на пратенички прашања ја покажаа фарсата на пратеничките прашања. Прво, премиерот два пати најде изговор да не дојде во одреден период на денот, бидејќи наводно имал закажано состанок, но состанокот за пратенички прашања се закажува во секој четврток, во последниот четврток од месецот кога станал мандатар него му ги закачале тие состаноци. Значи, со самото тоа што господинот Груевски кога станал мандатар знаел дека секој последен четврток има пратенички прашања. Второ, немаме механизам како што се случи во минатиот состав премиерот може да отсуствува одреден период, никој не го спори тоа. Да нема ниеден потпретседател, а ова е Влада со најмногу потпретседатели кои што ќе можат да одговараат во отсуство на премиерот. Секој министер кога е отсутен си го носи својот

заменик, или го праќа согласно Законот за органите на управата, дава должност да дојде и овде. Но, премиерот не ни ги овластил потпретседателите да можат да одговараат по однос на пратеничките прашања и мислам дека треба да се вметне, или да се најде механизам, ако инцидентно премиерот кој што пак рекол, не мора да биде осум часа тука присутен, да мора да има потпретседател кој што ќе биде дел од таа седница. Добра е идејата што ја има и во НДИ да се ограничи и одговорот од страна на владините претставници. И во минатиот состав имало и сега кога сака некој премногу да го задржи времето, тогаш ќе влезе во една расправа каде што тој може да го узурпира тој период. Само рековме сакаме да направиме ние еден однос на градење на институцијата пратеник, но на нас си ги скратуваме правата, а на Владата и даваме бескрајно и време и простор и да прави тоа што сака.

Треба да се размисли за интерпелацијата да не биде узурпирана како до сега, туку да се најде еден механизам во кој што секој ќе има пред се предлагачите ќе имаат право да зборуваат согласно деловникот и согласно духот на поднесувањето на интерпелацијата.

А да биде целиот циркус поголем на неизбалансиран предлог во член 54 пишува дека одредбите од овој деловник што се однесуваат на имунитетот на пратениците соодветно се однесуваат на имунитетот на претседателот на Владата. Што има врска во деловникот за работа на Собранието имунитетот на претседателот на Владата? Се знае тоа е уставна категорија. Со уставните измени имунитетот на другите министри се тргна, остана на претседателот на Владата. Но, тоа е дел што си е регулиран со друго нешто. Што има да стои во деловникот на Собранието. Тоа кажува дека ние не можеме да се отргнеме од влијанието на Владата.

Во делот на потпретседателите, или во делот на Глава 4, каде што се зборува за претседателот, потпретседатели, генерален секретар. Еден став кажав до сега. Вториот дел, и сега постои тој став, се грижи за обезбедување на финансиски средства за работа на Собранието. Потпретседателите ќе ги претвориме во рекетари, мислам во која смисла? Како ќе обезбедуваат финансиски средства? Ќе трчаат по фирми, ќе ја девалвираме улогата на потпретседателите? И сега постои во тој деловник, мислам треба да избрише. Собранието си има свој буџет, за тој буџет дискутираме и дебатираме. Тоа што немаме сили да го направиме да си обезбедиме како што беше амандманот потпишан од сите пратенички групи, да си обезбедиме компјутер за секој човек, тоа е друго и сами да си се повлечеме од тоа, или кога не си бараме подобри услови, тоа е друго. А ги тераме потпретседателите да влезат во варијанта да одат, да тропаат по фирми и после кога ќе ги обезбедат финансиските средства, која е после облигацијата? Што треба да направат тие? Мислам дека ова треба да се исфрли во услови кога имаме буџет, трезорска сметка по која што се работи, или профитна организација ќе го напавиме Собранието, па ќе обезбедиме средства, па ќе не носи претседателот на Собранието некаде на викенд.

Членот 62 е преземен од досегашниот член, но за жал фали еден став кој што е доказ дека во Собранието нема желба за дијалог. А тоа е дека во досегашниот деловник пишува дека пртседателот заедно со потпретседателите и координаторите во рамки на Собранието работи со усогласени ставови. Значи, кога ќе го исфрлите тоа од Предлог деловникот, тоа значи дека нема ни трунка желба не за дијалог, за нешто што било нормално низ минатите 15 години. Собранието не е еднопартиска институција. Собранието има свои репрезенти и од посицијата и од опозицијата. Позицијата има свои идеи, барања, предлози од избирачите, опозицијата исто така. А, агендата на Собранието не може да биде еднострана, Агендата никој не вели да ја креира опозицијата, никој не вели сама да одлучува за работите, да диктира темпо. Не. Но, не гледам причина за многу работи како што и досега сме се усогласувале да нема да стои: усогласени ставови. Како што се усогласи утре во 11 часот да биде закажана седницата за стечајците со усогласени ставови. Не гледам причина зошто сега се брише, освен ако навистина не потврди парламентарното мнозинство, предлагачите, дека нема волја за дијалог и затоа е исфрлена намерно оваа алинеја, или овој став.

По однос на член 79 беа кажани доста забелешки. Не е добро, реков, собраниската расправа пратеникот не треба да се сведе само на човек кој што ќе гласа. Напротив има многу квалитетни пратеници во овој собраниски состав кои што можат да понудат многу законски решенија, или измени на одредени членови, или законски решенија кои што ќе го подобрат и текстот на законот, кои ќе го подобрат и решението. Ние на пример, законот за спречување на корупцијата зборувавме по два дена беше прифатен предлогот, па професионален, непрофесионален, или мандатот се прифати да не биде на еден човек пет години, туку да биде една година и ротирачки итн., што повеќе се оцени позитивно во јавноста, отколку негативно, бидејќи беше прифатено и по транспарентно и по демократски. Затоа СДСМ не го менува својот став. Има многу примери каде што кога сакаат да дадат како се гради еден најреален, или најчист концепт го даваат примерот кога законите ги, кога спремате некој закон, ги спремате без да знаете што стои зад вратата, или не знаете во која ситуација ќе се најдете, дали ќе бидете позиција, опозиција, дали ќе бидете богат, или сиромав, дали ќе бидете бел, или ќе бидете обоен. Најдобро кога не ќе знаете кога ќе влезете во светот на реалноста каков ќе бидете, тогаш и најреалниот закон ќе го напишете, тогаш ќе го напишете и најдемократскиот за сите партии, закон, или деловник што ќе го понудите на пратениците. Затоа се надевам дека господинот Трајко Вељаноски како предлагач

овластен ќе остане на она што го кажа, а тоа е овој деловник да биде донесен со консензус и да биде донесен со една широка дебата која ќе се отвори, не предлогот да дојде последен ден на кој што ќе можеме навистина да придонесеме за ефикасно и рационално Собрание, а не да го претвориме Собранието сервис на Владата, или на премиерот Груевски.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

За реплика се јавија господинот Иван Анастасовски, Ристана Лалчевска и Ружди Матоши.

Реплика господинот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван потпретседателе,

Јас еден дел од дискусијата на колегата Макрадули ја следев од телевизијата, еден дел, тој подобриот, да речам, каде што зборуваше конкретно по членовите од деловникот, ја следев овде на пленумот. Мене ми е драго што колегата во неговата дискусија одговори на некои од моите видувања што ги имав по однос на говорот по деловникот. И кажа дека и тогаш, а и сега дека ставот не му е променет. Меѓутоа, во некој дел не одговори. Јас не навлегувам во тоа што тој лично прокоментира за мене, односно мојата личност, во тоа не навлегувам. Јас сакам да кажам по најбитниот дел каде што јас го прозвав колегата Макрадули како координатор на пратеничката група на СДСМ да одговори и тоа сега што го употреби како термин отворено и чесно до крај стои зад тоа. Впрочем направивте една грешка колега Макрадли. Тоа не е саботно издание од 18 март 2006 година, бидејќи таму го цитиравте тогашниот координатор на ВМРО ДПМНЕ Коце Трајановски. Еве го извадокот од весниците, не беше во Собранието, туку беше на една друга функција. Вие во тој дел имате своја изјава, односно во тој член имате своја изјава каде што се говори: опозицијата порача дека нема да ја замолчи со 10 минути. И вие се добро одговоривте на другите прозивки, меѓутоа, тука во делот на 10-те минути токму кога дојдовте до моментот на вашата изјава, застанавте. И тој дел не го прочитавте. Многу вешто го избегнавте. И почнавте да кажувате, да, законите треба да доаѓаат со знамето на Европска унија. Само еден дошол до сега Законот за полиција и ред други што е сосема исправно. Но, ајде да видиме зошто застанавте токму тука на тој дел од изјавата. И почнува: Јани Макрадули, координаторот на пратеничката група на СДСМ рече дека тие ќе ги поддржат сите измени што би придонеле за поефикасна работа на Собранието. И сега одам на изјавата: Го поддржуваме ограничувањето на дискусиите зошто само така ќе може да се донесат голем број закони битни за Македонија да стана членка на Европска унија, вели Макрадули, што е сосема коректно, сосема исправно. Тој најави дека иако овој парламентарен состав има проблеми да обезбеди кворум, сепак допрва ќе треба да изградат став да може за законите да се гласа во одреден дел. Тој сте колега, истиот сте.

**Бесим Догани:** Контра реплика една минута господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** За такво невоспитување зборував и за таков однос циничен зборував на институцијата потпретседател, на девалвирање на други пратеници со маалски речник и однесување, со финти кои што не држат на комуникација пратеник со пратеник. Значи, јас стојам до сите зборови што сум ги кажал. Само да продолжиме што пишува и понатаму. Тоа е работата. Потребни се измени што ќе придонесат за поефикасна работа, но тоа да биде во рамките на парламентарната демократија. Факт е дека претседателството на СДСМ не оцени потреба за донесување на нов деловник, без разлика што имавме мнозинство. Факт е дека не сакавме да влеземе во деловник кој што е направен од еден човек, а не со консензус од политичките партии.

**Бесим Догани:** Реплика три минути госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, колеги пратеници, Јас би сакала со колегата Макрадули да подебатирам околу тезата што е право, што е ограничување на право и досегашната примена на членот 83 од сегашниот Деловник. И јас и колегата Макрадули знаеме дека до сега правото беше неограничена дебата. Исклучок беше членот 83 по одлука на мнозинството, еве под наводници ќе го ограничиме ваквото право.

Јас колега Макрадули сакам правото на секој пратеник да биде една димензионирана дискусија и секој да може да си го каже својот став а исклучокот, ако парламентарното мнозинство и ние како Парламент одлучиме дека по одредена точка можеме да дебатираме и подолго, затоа што прашањето го изискува тоа, тогаш тоа да биде исклучок. Тогаш нема да го ограничиме правото, туку ќе го унапредиме правото. Тоа е тезата која ја застапувам јас и токму заради тоа сакам ние да имаме димензионирани дискусии. Дали ќе биде 10, 15 или 20 минути ќе одлучат овие 120 пратеници. За да не се доведуваме во ситуација каква што бевме доведени во минатиот парламентарен состав, кога и јас и вие бевме пратеници и токму поради примена на исклучокот, кој јас сакам да биде правило, се случуваа во Собранието немили ситуации. Значи, сакам тоа да прерасне во право. Право јас да имам 10 или 15 минути или 20 минути, колку што ќе се договориме ние, да го изнесам својот став по одредено прашање. И ако тогаш одлучиме да примениме друг член, со кој ќе речеме да, ние ќе зборуваме по оваа точка подолго од ова право, тогаш може тоа да биде исклучок, меѓутоа, тоа веќе не е ограничување, туку е унапредување на одредено право. Тоа е тоа што јас го посакувам и затоа поддржувам ваков начин на решавање на нештата.

Друга работа, прочитавте дел од она што е на сајтот на Собрание и рековте постои

несогласување меѓу политичките партии бидејќи дале вакви и вакви забелешки. Јас не би рекла несогласување господине Макрадули. Јас токму се радувам што во голем дел забелешките од повеќе политички субјекти или пратеници, не мора да бидат политички субјекти, пратеници во овој парламентарен состав, забелешките кои ги дале на текстот на деловникот, се во 70% идентични. Тука ние треба да го бараме консензусот. Ако ги прифатиме, тогаш ние сме дошле до консензус и сме изградиле правила по кои треба да работиме.

На крајот, навистина ми е мило што сте го смениле мислењето по однос на условите под кои работат пратениците, поготово на тие што патуваат секојдневно до Скопје и што се враќаат во своите места, бидејќи јас паметам малку поинаков став по ова прашање. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Секогаш пратениците од Скопје ме карале дека повеќе мислам на тие од надвор, ама добро. Значи, она што го зборуваше колешката Лалчевска, значи во минатито парламентарен состав за четири години два пати се случува ограничување на дискусиите. Сега за три месеци еднаш имаме ограничување на дискусиите. И тоа е разликата меѓу двете политички партии. Вашата варијанда за различни времетраења на дискусии по различни теми, беше причина што Собранието го исфрли од консултација овој концепт. Тој го нудеше истиот тој концепт, врз база на законот да се проектира колку ќе се зборува и потоа се одредува дебатата различна да биде, затоа го раскинавме договорот како Собрание, и затоа не гледам друга логика.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика господин пратеник Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Го сослушав со внимание колегата Јани Макрадули. Сигурно дека и тој сам во текот на своето излагање повторуваше да не се повторам, да не се повторам во моето излагање. Многу подобро ќе беше до колку тој своето излагање го изкажеше во 10 или 15 минути, ќе беше многу поаргументиран отколку што не држеше во заложништво, еден час и повеке и тоа се попусто.

Мојата реплика ќе му ја поставам на господинот Макрадули во две насоки.

Во првата насока, дека императив за да имаме нов деловник во Македонија, значи во македонскиот Парламент, беше иницијатива од минатиот парламентарен состав. На чело на оваа иницијатива беше претседателот на Парламентот господинот Јордановски, кој има почит и го водеше четири години овој Парламент. Тој беше човекот од СДСМ, човек со авторитетен углед и кој учествуваше сигурно во методологијата на одлучување на политиките на СДСМ, а бевте четири години на власт. А сега да се игнорира крајно тоа, мислам дека е политички дилентатизам кој сега го врши СДСМ и не е воопшто конструктивно дека навистина треба да се усогласиме сите да имаме еден практичен деловник.

Второто рамниште за кое сакам да му реплицирам е се разбира, употребата на албанскиот јазик.

Господине Макрадули, седнете со вашиот поранешен партнер кој сега е во опозиција со ДУИ, донесете ни една алтернатива, како да излеземе од овој ќорсокак, од овој проблем. Вие знаете дека три комисии сега не одржуваат седница. Еве и ние ако донесеме одлука и две комисии, ќе станат пет комисии, кои нема да одржуваат седници во составот на овој актуелен Парламент. Како ние ќе образложиме пред Брисел, пред НАТО, пред Вашингтон дека во Македонија не функционираат пет собраниски работни тела. Еве седнете со ДУИ, најдете алтернатива, понудете ја, дајте предлог, како да излеземе од оваа неуредност. Да го видиме и вашиот став по однос на ова прашање каков предлог ќе дадете, за да имаме една функционалност на овој Парламент на работните тела, да функцинираат сите работни тела во овој Парламент. Сигурен сум дека повторно ќе правите опструкции и не знам што ќе роди вашиот ум. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика господинот пратеник Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Ќе го образложуваме она што го кажувавме исто кога господинот Илјаз Халими не ја водеше седницата на Комисијата за труд и социјална политика. Само господине Матоши, вие треба да дадете решение. Вие го имате мандатот. Решение е да дадете оставка, ќе направиме ние Влада, па ќе ви го понудиме решението. Во овој момент вие сте согласно Уставот тие што треба да ги решавате...

**Иван Анастасовски:** Продолжете колега.

**Јани Макрадули:** Значи за ова имате мандат, за жал, вие добивте дупло помалку гласови од ДУИ и сега сакате да ги решите работите што ги ветивте, со вакви трик варијанти да успеете да се вратите на сцена. Дајте ни нам власт, ние ќе го решиме проблемот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник господин Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, мислам дека овие неколку дена од дебатата за измената на новиот собраниски деловник откако ги изнаслушавме аргументите според предлагачите на владеачкото мнозинство што главна одлика на тие аргументи апсолутно да не ги прифаќаат да ги чујат или до нив да допрат контра аргументите на опозицијата, мислам дека ваквата дебата полека наликува наместо на носење на нов деловник на погреб на демократијата во македонскиот Парламент.

Се разбира, иако е тоа во две фази, мислам дека само ја одложувате смртта. Бидејќи на демократијата, како владеачко мнозинство го знаеме вашиот стил на работење и наметнување

на само вашата една и единствена вистина и правда и сфаќање за демократијата, додека она што ќе го одлучи мнозинството, тоа е желба на власта, на владеачката партија и дека тоа така зацртано мора да се спроведе.

Мислам да не зборуваме за самата содржина на одредбите од деловникот, кои ние како опозиција ги оспоруваме, не како демократски, мислам дека и начинот на кој се пристапува со вакви измени на Деловникот е уште пред да започне недемократски. Затоа што реков и минатиот пат иако се формираше работна група од сите парламентарни партии, иако го поминавме деловникот на собраниските комисии, сепак по желба, односно одлука на мнозинството ниедна дискусија, ниеден предлог, забелешка од опозицијата не беше прифатена. Со чесни исклучоци морам да бидам коректен кон неколку мои колеги од мнозинството, кои имаа сосема коректни дискусии, иако за се не можеме и нормално е да не се согласиме, меѓутоа, сепак имаа коректни дискусии, кои и самите тие ги критикуваа некои од предложените решенија на мнозинството. Меѓутоа, сепак мислам дека би сакал да верувам дека искрено тоа го мислат и дека навистина тоа е така, но сепак, не можам да видам кој е ефектот од тоа. Дали ќе успеат да ги убедат своите колеги кои одлучуваат за крајниот исход на содржината на измените на Деловникот. Мислам дека апсолутно не држат аргументите на власта дека главни две работи за измена на овој деловник се подобрувањето на ефикасноста на Парламентот, односно примерите со други парламенти дека така било во Европската унија и дека некој од нас тоа го бара и очекува, а притоа, не го правите тоа што навистина го бараат и очекуваат да заживее оној добро познат збор, дијалог кој се препишува како минус на власта. Би ги нарекол нужна соработка во Парламентот, бидејќи Парламентот не е нешто што е претставено да владее како извршната власт избрана од мнозинството, туку е дом на сите оние пратеници и политички партии кои излегле на избори и граѓаните им дале мандат да влезат во овој Парламент. Затоа, дијалогот овде треба да се води на многу повисоко ниво, на многу потранспарентен начин од страна на Владата, ако се разбира, има таква желба да ги увиде критиките и да биде понекогаш и самокритично.

Мислам дека по зборот ефикасност само се крие желбата на Владата да се замолчи опозицијата. Мислам дека поедноставно работите на тоа се сведуваат да се замолчи опозицијата, меѓутоа, од кога ќе се замолчи опозицијата и тоа да го направите, не знам како понатаму вие ќе ја терате работата во Парламентот. Дали и вие самите ќе молчите и нема да дебатирате за предлозите на законите кои доаѓаат од Владата, само за побрзо, поефикасно да биде Владата, како што рекол премиерот и да се донесуваат поголем број на закони.

Сакам да ве потсетам нешто и да ви укажам дека бројот на донесените закони, односно квантитетот не е секогаш во корелација со квалитетот. Односно од квалитетот не е гаранција дека секогаш мора или мора да произлезе квалитет на законски решенија. Тоа зависи од политичката определба, од политиката на Владата за која ние имаме огромни дози на резерва и критика. Мислам дека на таков начин Владата ќе се изолира самата себе, бидејќи нема да има плодотворна дебата како што вие милувате да ги критикувате говорите на опозицијата дека се неплодотворни, дека се непродуктивни и дека биле досадни.

Во крајна линија е некоректно и неколегијално, ако сакате на крајот на краиштата, неполитички, недипломатски така да се однесувате со опозицијата. Имате голем број на начини како овде на еден политички начин да спорите со нашите аргументи, затоа што мислам дека со тие зборови искажувате една голема нетрпеливост, покрај тоа што сакате да ја замолчите опозицијата и искажувате доза на нетрпеливост, што мислам дека оди на ваше конто како минус во однесувањето, како пратеници на владеачкото мнозинство.

Мислам дека на таков начин покрај ова, не само што сакате да се замолчи зборот на опозицијата, се разбира, нема да се замолчи и да го ограничите времето на минимум, ние секогаш ќе го кажеме она што ќе најдеме демократски начин и простор да го искажеме она што сметаме дека треба да се каже за работата на Владата.

Меѓутоа, мислам дека бидејќи основна цел и одлика на секоја парламентарна демократија е говорот, а основна работа и задолжение на пратениците е да говорат и да има дебата, а јавноста да цени за аргументите и да ги споредува. Покрај тоа мислам дека вие се плашите да влезете во дуел или да се соочите со опозицијата директно овде во Парламентот. Затоа што, ако ви е намерата опозицијата помалку да зборува и вие помалку да зборувате, бидејќи сигурно нема меѓу себе самите да дебатирате, или недај Боже да ја критикувате Владата, мислам дека тоа е кај вас опасно и забрането, дека се плашите навистина, позадината е од дуел и соочување со пратениците на опозицијата. Во спротивно, мислам дека никому не би му пречела една дебата каде што може да се изнесуваат аргументи и да се полимизираат ставови. Мислам дека ниту јас, ниту претходно Макрадули кој говореше 80 минути, ниту претходно Никола Поповски кој говореше 100 минути, ниту Цветанка Иванова која говореше 90 минути пред некој ден, дека не сме кочничари. Мислам дека кога власта сака да си најде алиби за својата работа, секогаш најлесно е да го обвини Парламентот. Меѓутоа и вас како пратеници на мнозинството ве понижува, затоа што и вие спаѓате во таа двојка што на сите нас ни е дадена, што мислам дека навистина, не е реална. Затоа, не треба да се задскриваме зад главниот аргумент според вас ефикасноста. Поефикасни ќе бидеме сите заедно ако Владата работи поефикасно, односно ако Владата доставува квалитетни закони за кои ќе има

помалку основ за оспорување на некои нејзини решенија. Меѓутоа, Владата очигледно, не сака да владее за сите граѓани на Република Македонија, туку сака да истурка преку своите закони свои партиски политики, или други интереси. Затоа опозицијата се спротивставува овде во Парламентот. Не можете тоа право да ни го оспорите, макар колку и да ги ограничувате дискусиите. Сега гледам дека излегува како некои решенија да ги нудите, ќе зборувам за тоа подоцна поединечно, едноставно за пазарење. Ги ставате некои невозможни работи, кои самите знаете дека ќе ви се удрат од сопствената глава во работата како пратеници во Собранието, а понатаму да се покажете конструктивни, фини, оперативни, дека еве, по налетот на притисокот и критиките на опозицијата, вие сте имале сенс и сте направиле отстапки во наша корист. Мислам дека во ничија корист не треба да бидат остапките, ниту барањата. Треба да биде во корист на работата на Парламентот. Затоа, Парламентот се нарекува мини устав и затоа се прават такви компарации. Меѓутоа, разликата е што кај Уставот е потребно 2/3 мнозинство, овде треба 61 глас. Вие можете со 61 глас како апсолутно мнозинство, просто мнозинство, да го донесете деловникот, меѓутоа ќе имате огромна хипотека во натамошната работа. Мислам дека за донесување на деловник треба малку повеќе од компромис, кој и во моментот го немаме, иако велам ви се фарса некои ограничувања, па сакате да се прикажете конструктивни дека сте направиле отстапки. Ќе ви кажам и кои се. Значи, малку повеќе треба компромис.

Овој пат тоа се нарекува консензус затоа што самите ги определуваме правилата на игра кои треба да важат, без разлика на тоа кој е на власт а кој во опозиција, затоа што ќе се согласите, деловник не треба, можеби самото време и околности наложуваат да се откријат некои мали недостатоци. Меѓутоа, вакви радикални резови кои се на штета на демократијатијата воопшто во Република Македонија, во највисоката законодавна институција, не треба да се случуваат никогаш, а најмалку на 4 години, зависно од тоа како ќе се смени власта и кој ќе покаже овде дека има 61 пратеник. Мислам дека тоа е лоша политика и лош пристап што го имате одбрано. Како еден пример, бидејќи беше многу дебатирано околу тоа дека овој текст на Предлог на деловникот, всушност е идеја на поранешниот претседател Љупчо Јордановски. Јас кажав дека таа процедура воопшто не беше деловничка, да не навлегувам во тоа, сега е многу помалку битно, сега разговараме што е битно за понатаму и како треба понатаму да ја подобриме работата на Собраниеток, а не како треба да се надмудруваме едни со други и тоа овој пат преку силата на парламентарното мнозинство да прикажуваме дека вие имате 61 глас и само затоа знаете што е подобро за Парламентот и како подобро ќе се донесуваат законите. Мислам дека тоа е погубен и недемократски пристап.

Јас како пратеник од мнозинството во минатиот парламентарен состав, во кулуарите, бидејќи не беше официјализирана на ниеден начин процедурата, да се пушти во расправа овој текст на кој сега се повикуваат предлагачите, лично му се спротивставував на тогашниот претседател на Собранието, Јордановски, конкретно за ограничувањето на дискусиите на 10 минути. Мислам дека апсолутно не беше тоа направено. Во спротивно, бидејќи бевме мнозинство, сакаме да ја ограничиме опозицијата, можевме тоа да го направиме, ако гледавме краткорочно или теснопартиски. Не е тука сегашниот претседател, почитуваниот мој колега Георгиевски за да му објаснам дека тоа е добро познатата негова птичја перспектива. А сега, она што го поддржува сегашниот претседател и вие како мнозинство е тоа што тој го нарекуваше жабја перспектива. Значи вие сакате краткорочно, не водејќи сметка за развојот и капацитетот на демократијата во институциите, само да ја спроведете, да бидете прости извршители на политиката на Владата и на желбите на премиерот.

Почитувани колеги, денеска овде некои од пратениците на опозицијата ја споменаа работата на совјетите, некои го спомнаа и Калигула. Јас по трет пат во ова Собрание, по различни поводи, како метафора за работата на Владата и премиерот, би го спомнал уште еднаш Луј 14, или неговата добро позната изрека - државата тоа сум јас. Знажи можеме да ве критикуваме дека не сте демократи. Меѓутоа, со тоа нема ништо, со тоа што ќе ја замолчите опозицијата и ќе го намалите интензитетот на нашите критики овде во Собранието, нема ништо самите на себе добро да си направите.

Од цитатите, од дискусиите на тогашниот пратеник и лидер на опозицијата, господинот Никола Груевски во 2004 година кога беше ограничена дискусијата на 10 минути, за донесувањето на Буџетот, тогаш сегашниот премиер, тогашниот лидр во опозиција Никола Груевски, кажа дека никаде се нема случено во светот, да се ограничи дискусијата. Сега, дали тогаш ја говорел вистината или сега, или дали сегашниот претседател на Собранието, господинот Љубиша Георгиевски по повод оваа дебата пред некој ден рече дека не знае Парламент во светот каде не постои ограничување. Овие две изјави на првиот и вториот човек во државата, во моментот, се противречни, само едната е дадена сега, од страна на претседателот на Собранието кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт, а претходната е дадена од сегашниот премиер, тогашен прв опозиционер Никола Груевски, кога се борел за власт. Кога да му веруваме? Дали на ваков начин и со манипулации ВМРО-ДПМНЕ и Никола Груевски дошле на власт, или откако дошле на власт заборавиле за што се залагале, ги заборавиле принципите и сега ја користат власта за манипулација, или ја злоупотребуваат власта само за да се пресметаат со опозицијата.

Да ви кажам, и не ми е некоја привилегија што го нема предлагачот, јас ќе говорам и без предлагачот. Битно ми е граѓаните да ме слушаат.

**Иван Анастасовски:** Јас сакам сепак да се вратиме на деловникот. Јас не ве опоменувам бидејќи ова е сега општа расправа, меѓутоа коректно е да се вратиме на деловникот.

**Борис Кондарко:** Јас ќе ве опоменам господине потпретседателе, ако вие мене не ме опоменувате.

Значи, за она што говорам, како ќе ја утврдиме потребата за донесување на деловникот ако не говориме за некои принципи, за некои демократски стандарди, ако не говориме ние пратениците како политичари, за што сме се залагале и како ќе извлечеме што е добро, а што не, за новиот деловник и ако не говориме за неговата суштина. Суштината е, сега говорам, за ограничувањето на дискусиите. И претходниот пат кога говорев овде по оваа точка, на ист начин ме опоменавте. Јас ви забележувам дека не деловнички ме опоменувате.

**Иван Анастасовски:** Продолжете колега. Сепак се извинувам ако јас имам нешто погрешно.

**Борис Кондарко:** Благодарам, примам извинувањето. Така можеме да разговараме.

Понатаму да продолжам со уште еден цитат исто така од тогашниот прв опозиционер, господинот Груевски сегашен премиер кој по повод ограничувањето на десетте минути во 2004 година, по повод расправата за Буџетот кажа “Ова е вовед во диктатура”.

Пожитувани колеги дали сега јас требам, затоа што јас сум во опозиција да се повикам на принципите на тогашниот опозиционер кој сега е премиер и да речам дека од сегашен аспект, со тоа што тој сега го прави на опозицијата, дека тој е диктатор. Јас нема да го речам тоа и нема потреба да го речам, мислам дека доволно делата говорат и некогаш делата на луѓето говорат повеќе од нивните зборови. Само овде ја правам паралелата.

Исто така, првите манири на вакво апсолутистичко однесување на владеачкото мнозинство ги доживеавме уште при конституирањето на работните тела на почетокот од овој мандат кога во Законодавно правната комисија ни се наметна еден нов начин на работа спротивно на постојниот Деловник, а што многу наликува на измените кои сега власта ги предлага. Значи, некои пратеници биле видовите пред пет или шест месеци и знаеле како ќе изгледа новиот деловник и какви ограничувања ќе содржи, па претседателката на Законодавно правната комисија ни понуди хартија на која ни соопштува дека сака во Законодавно правната комисија да не дискутираме по содржината на законите, туку само да се изјаснуваме дали некој закон е во спротивност или не, со Уставот или со другите закони. Мислам дека тоа беше катастрофално и поразително, испаѓаше дека треба да бидеме таму собрани само да гласаме, без да отвориме уста. Како ќе дојдеме до содржината и како ќе утврдиме дали нешто е законито, усогласено со Уставот, или не, ако немаме можност во Парламентот и во комисиите да разговараме за содржината. За наша среќа, после притисокот на опозицијата се повлече таа идеја, а парадоксот да биде уште поголем, притоа додека бевме малтретирани како опозициони членови во опозицијата, претставниците кои доаѓаа од министерствата да ги бранат законите пред Комисијата, им беше даван збор по содржината на законите. Кој апсурд, да може претставник, гостин тука во Собранието, од извршната власт кој е избран и хиерархиски подреден на Собранието, да може да говори за содржината на законот, а ние пратениците само да креваме рака. Тоа можете да си го правите само во вашата пратеничка група, ако не сакате да се соочите овде на мегдан со опозицијата и со гласање да не надгласувате. Ние ќе зборуваме, вие ќе ќутите и ќе не победувате секогаш, до 2010, се разбира, после ќе видиме.

Значи, мислам дека, уште сум кај Законодавно правната комисија, во дебатата таму ни беше кажувано дека не можат да не трпат, дека ние ги малтретираме останатите, со нашите дебати. Извинете, меѓутоа овде основно е секој да се придржува, прво на точката на дневен ред и второ да не го нарушува дигнитетот на Собранието, или интегритетот на било кој пратеник, значи да бидеме коректни, колегијални и да не се навредуваме. Ако тие два елементи еден пратеник не ги направи, нема причина и нема основ тој да биде опоменуван, или да му биде ускратувано или да биде прекинуван во своето говорење. Не само тоа, тукку беше искажана и нетрпеливост што мислам дека е многу лошо и како политика и како индивидуален гест.

Понатаму, мислам дека никаде не се чуло и видело, посебно тоа дојде до израз во оваа дебата за донесување на деловникот, пратениците од власта во своите образложенија на некој начин да се жалат или да се плашат од пратениците на опозицијата и од нашите дебати овде. Јас не сум видел и доживеал во Република Македонија поради тоа што им сметаме на пратениците на власта, во знак на револт пратениците на власта да почнат да ги напуштаата седниците. Уште тоа да го доживееме во Република Македонија, тоа ќе биде врв на хипокризијата на оваа власт. Значи, ако една власт не е способна да го издржи мегданот, битката со опозицијата, слободно излезете надвор од салата и како власт да ве видам дали можете да ги бојкотирате седниците, а ние ќе говориме овде, па макар и по 10 минути.

Понатаму, мислам дека ни еден до сега, бидејќи дел од предлагачите и дел од дискутантите се повикуваа на некои искуства од други парламенти во Европа дека ваквите одредби биле таму, па сега и ние треба да ги примениме, ќе кажам во однос на ова две работи.

Прво, на пример никој не го цитираше, не слушнав, словенечкиот деловник, бидејќи се повикуваме и кажуваме овој деловник е согласно

словенечкиот. Каде во словенечкиот деловник пишува дека во рок од една минута пратениците треба да се пријават за збор и после по таа точка од дневен ред, апсолутно немаат никакво право на збор. Се разбира дека низ овој пример се гледа и манипулацијата зад која се крие, она што го реков и пред малку дека се сака да се замолчи опозицијата, се измислуваат причини, тие да се легализираат во деловникот и власта слободно да си владее.

Друго, сепак споредбата мислам дека од политички аспект малку е несоодветна, затоа што во Република Македонија, сепак политичките услови, економските услови, политичката култура пред се и политичката традиција, не се на тоа потребно ниво каде би можеле да пристапиме или да прифатиме сеуште такви решенија. Не затоа што ние во моментот сме опозиција, јас кажав и координаторот тоа го кажа дека и кога бевме на власт, не се осудивме такво нешто да направиме затоа што тоа значи рестрикција на демократијата. Мислам дека удирајќи по опозицијата, вие всушност задавате удар на демократијата.

Понатаму, Владата во однос на измените на деловникот се дрзна да поднесе мислење со кое, иако од формално правен аспект деловнички на тоа има право, меѓутоа од морален и политички аспект, никако нема право затоа што Владата го заменила, по се изгледа, принципот на субординација на властите дека Собранието е над Владата односно таа му е потчинета, со принципот на супремација на власта и мисли дека со тој принцип треба да завладее со се, па и со нас пратениците, како претставници на Законодавниот дом и во своето мислење дури уште се буни дека нема да имала можност да влијае на текот на предлогот кој ќе биде доставен во Собранието, откако ќе го достави. Е, па нема да може. Можеби тоа е единствената светла точка на деловникот со која се покажува кој е кој во нашиот политички - уставно правен систем. Се доддека е така и додека се однесуваме кон Владата така и даваме простор на Владата уште повеќе да се однесува некоректно и узурпаторски кон Парламентот. За дрскоста да биде уште поголема, во мислењето што Владата го пратила, замислете, ниту предлага, ниту сугерира, ниту размислува, туку укажува, Владата укажува, се наметнува над Парламентот. Таков апсолутистички пристап мислам дека е не само недозволив туку и непоимлив за една демократска држава каде се почитува односот помеѓу институциите. Мислам дека тоа е доказ како Владата има намера да се справи со опозицијата.

Кога веќе спомнав дека еден од аргументите е и повикувањето на европските стандарди, во деловниците што се содржани во други европски парламенти, мислам дека тоа е една флоскула, затоа што секогаш кога Владата нема аргументи, или кога сака да си протурка некоја своја политика, партиска, секогаш се повикува или се затскрива зад Европската унија, се затскрива зад неефикасноста на Парламентот и тоа е константа во изјавите од претставниците на Владата.

Ќе ве потсетам јас колку е на Владата односно на првиот човек, до Европската унија, а не сега да ни дели лекции или да не дисциплинира преку деловникот, како пратеници овде.

Една од првите изјави, после 26 август и почетокот на септември после конституирањето на Владата на премиерот Груевски, кога го прашав, сега ќе парафразирам, за датумот на почеток на преговорите за членство, тој рече безволно, незаинтересирано, лагодно, неамбициозно дека времето ќе си го донесе тоа и дека тој едноставно остава на времето, не покажа никаков интерес и амбиција. Она што посебно загрижува е токму тоа. Значи ние постојано се колнеме и се крстиме во Европската унија, мислам на Владата, а всушност шпекулациите одат до таму дека ВМРО-ДПМНЕ и оваа Влада сакаат да завладеат со Македонија, а за Европската унија, ако донесе времето. Мислам дека таква детектистичка политика е лоша за Република Македонија и дека така можеме само да назадуваме, како што назадуваме и со рестрикцијата на демократските права, со измените на овој деловник со што се ограничуваат правата на опозицијата.

Значи, ќе набројам неколку конкретни работи од измените на Деловникот со кои конкретно се ограничуваат ваквите права.

Најпрвин, за да има прво читање, за да има општ претрес, повеќемина го дебатиравме, меѓутоа, мора постојано да се повторува и да се врши ваков начин на притисок за да јавноста свати што всушност ќе се случува во Парламентот ако се дозволи да се изгласаат овие измени.

Потребни се 15 пратеници за да се стави законот во прва фаза, за да има расправа, за да има општ претрес. Не само што е неуставно, да беа 5 можеби ќе разберев иако и тоа е неуставно и двајца е неуставно, меѓутоа, 15, тоа е очигледна, нема друг збор, мајоризација. Иако ова го кажувам објективно и реално иако СДСМ, бидејќи доаѓам од таму, нема таков проблем, во секое време имаме 15 пратеници кои ќе го иницираат општиот претрес. Меѓутоа, принципот е лош. Тоа покажува дека сакате по пат на мајоризација со повеќе механизми да ја задушите дебатата.

Понатаму, за да дојде законот во второ читање тоа може да се дозволи ако се прифатат амандманите од мнозинството на Матичната комисија или на Законодавно-правната комисија. Не може работните тела кои по дефиниција се помошни тела, да им даваме ингеренции на Парламентот и работните тела да одлучуваат што ќе се случува на пленарната седница. Сеуште немаме таков систем на парламентарна демократија за да може нешто такво да примениме. Што ќе се случи во работните тела? Не само што ќе се надминат себе си со неовластените овластувања и ќе ја диктираат работата на пленарните седници, туку исто така преку мајоризација таму мнозинството ќе одлучи

дека нема потреба или всушност ќе биде мислена именка некој закон да дојде до втора, а камо ли до трета фаза.

Кога сме веќе кај фазите односно постапката за донесување на закон, мислам дека и од процедурален аспект објективно и реално , не говорам овде политички, Собранието во моментот нема капацитет, не дека службите не си ја знаат својата работа и те како добро си ја вршат работата, меѓутоа, не е во обем, во квантум , физички екипирано за да може да спроведе една сложена постапка. Како што тргнала работата сега со овој Деловник кој е многу поедноставен, кога имаме по 5-6 недовршени седници или по 2-3 итни седници кои треба да се одржат, тотално ќе се искомплицира работата и ќе се блокира работата, едноставно, нема да се знае кој закон е на дневн ред, која точка ќе се дискутира, кој е рокот за поднесување амандмани, кој закон во која фаза е, која седница е прекината, која седница треба да се закаже и да се продолжи. Мислам, колку од незнаење, толку и намерно сегашното раководство на Собранието, пред се претседателот на Собранието спроведува една таква тактика да го прикаже Собранието неефикасно за да и биде слуга на Владата и Владата да има аргументи да бара измени на Деловникот дека Собранието е неефикасно затоа што претседателот не знае, не може или не сака да ги менаџира седниците како што треба.

Понатаму, што правиме ако законот се поднесува во скратена постапка. Деловникот предвидува да нема општ претрес ако законот е по скратена постапка. Автоматски ја скокате првата фаза, а знаеме дека преку 80-90% од законите кои доаѓаат Владата ги доставува во скратена постапка, што не е добро, сака набрзина да ги протурка. Тука ја гушите дебатата, ја ограничувате дебатата и сакате без дебата да ви поминуваат законите во Собранието.

Понатаму, поднесувањето на амандмани да мора да бидат потпишани минимум 5 пратеници. Исто како 15-те пратеници за иницирање на општа расправа. Тука е истиот тип на дискриминација и кршење на, со Уставот загарантираните права на пратениците кои како поединци ги имаат неприкосновено овие права кои им припаѓаат.

Понатаму, изборот на Владата за само еден ден каде сакате повторно да ги ограничите односно да ја ограничите опозицијата која и да е помалку да зборува за изборот на Владата. Тоа е една од најглавните функции воопшто на Парламентот што ги извршува, да бира Влада.

Понатаму, расправата за Буџетот која се ограничува на три дена. Што е тоа ако не е повторно ставање во тесни рамки со политички инструменти и со политички методи стеснување на правото на пратенците да расправаат за една од најзначајните точки за кои расправаат парламентите секаде во светот. Ако веќе се повикувате на странските парламенти знаете дека секаде во развиените демократии за Буџетот со недели и месеци се води расправа, а не вие да ја ограничите на три дена. Сега, нешто што ви одговара затоа што сте на власт се повикувате на странски парламенти, а за нешто спротивно на тие искуства ги ограничувате дискусиите на пример како по повод донесувањето на Буџетот.

За една минута пријавување, веќе да не говориме, ова е, реков пред малку, еден од пунктовите, еден од предлозите за кои отворено мислам дека сакате да се пазарите и утре да излезете, откако ќе се сретнеме, треба во среда да се сретнеме на пониско ниво на политички дијалог да глумиме, да покажете дека власта ете е подготвена да говори и за Деловникот, ќе излезете со некоја изјава дека направивме отстапка го тргаме пријавуавњето од една минута. Ви кажав цитирајте го на пример Словенечкиот Деловник и кажете каде таму пишува дека за една минута се пријавуваат. За ова исто така можеби ќе сакате да се пазарите и за 10-те минути, само што пазарот ќе ви беше подобар да предложевте нула минути за дебата, па ние ќе ве молевме за 10 минути и вие ќе испадневте великодушни и големи демократи.

Затоа не си играјте со демократијата, немојте на ваков начин да го омаловажувате Парламентот како институција, да ги омаловажувате пратениците затоа што и вие сте рпатеници како единки, со истите права како и ние кои доаѓаме од опозицијата. И за вас ќе важат истите работи, меѓутоа, вие ќе бидете слуги на Владата, не е во ваш интерес многу да говорите освен, се разбира, кога ви пречи опозицијата затоа што опозицијата никогаш не ве подржува. Работа на опозицијата е да ги наоѓа маните во работата на Владата и со тоа Владата постојано да биде контролирана. Тоа се демократските, институционалните механизми.

Затоа, ако веќе вака, со вакви инструменти за измени на Деловникот тргнала Владата, тогаш можеби е подобро, имајќи го во предвид вашиот начин на размислување и на водење политика да предложите еден ден и да го укинете Парламентот, не знам притоа дали ќе се укинете самите себе како парламентарно мнозинство освен што сакате да ја укинете опозицијата, укинете го и Парламентот и од утре да почне Владата на Република Македонија или премиерот со декрет да почне да донесува закони.

Мислам дека тоа е лоша слика за случувањата, за состојбите во Република Македонија и мислам дека на таков начин не можете себе си да се прикажете како демократи, како реформатори затоа што за реформите треба дебата. За да имаме подобри реформи треба да се изнесат аргументи. Аргументите се дебатираат во Собранието, ние како опозиција ќе наоѓаме демократски форми, механизми за да го кажеме нашето мислење, и покрај десетте минути. Меѓутоа, сите заедно како Република Македонија ќе стагнираме и нема да напредуваме поради вашата тесноградост, поради вашите теснопартиски политики и апсолутистички начин на владеење. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи сме на крајот на работното време, овде ја прекинувам расправата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот со 12-тата седница на Собранието, а за оваа седница ќе бидете дополнително известени.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)